Универзитет ,,Св.Кирил и Методиј,, Скопје
Филозофски факултет
Институт за социологија

**ТЕМА**

**,,ОБРАЗОВАНИЕТО КАКО ФАКТОР ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,,**

**- Докторска Дисертација –**

**ментор**
**Проф.др. Зоран Матевски**

**кандидат**
**м-р. Љавдим Јахиу**

**Мај**
**2017**

# Содржина

**ВОВЕД** .......................................................................................................... **5**

**1. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ИСТРАЖУВАЊЕТО** .......................................................... **9**

1.1 СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА ВО ЕВРОПСКИТЕ ЗЕМЈИ .......................................... 9

1.2 КОНЦЕПТОТ НА СОЦИЈАЛНАТА ВКЛУЧЕНОСТ НА НИВО НА УНИЈАТА ................ 14

1.3 ЕВРОПСКИ КОНЦЕПТ НА СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА ............................................ 17

1.3.1 ПОЛИТИКА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО СЛУЖБА НА ЕКОНОМИЈАТА ...................... 20

1.4 ПРОСТОР ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕФЕКТИВНОСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА .............. 22

**2. СИСТЕМОТ НА ВРЕДНОСТИ И ОПШТЕСТВЕНАТА И ЕКОНОМСКА СОСТОЈБА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** .......................................................................... **24**

2.1 РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – ЗЕМЈА ВО ТРАНЗИЦИЈА .......................................... 24

2.2 СОЦИЈАЛНАТА ИСКЛУЧЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ............................. 29

2.2.1 НЕЕДНАКВОСТА ВО ПРИХОДИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........................ 32

2.3 МЕСТО НА ЗНАЕЊЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ЕНДОГЕНИТЕ МОДЕЛИ НА ЕКОНОМСКИОТ И ОПШТЕСТВЕН РАСТ И РАЗВОЈ .......................................................... 34

**3. ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ И НЕГОВОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ СОЦИЈАЛНИОТ И ЕКОНОМСКИОТ РАСТ И РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ............................................ **40**

3.1 РАЗВОЈОТ НА ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ ................................................................ 40

3.2 УЛОГАТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО СОЦИЈАЛНИОТ ПРОГРЕС ВО МАКЕДОНИЈА ........... 43

3.2.1 ВАЖНОСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ПОЛИТИЧКАТА ПИСМЕНОСТ ВО Р. М. ................ 45

3.3 СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА, ВОСПИТУВАЊЕ – ОБРАЗОВАНИЕ ........................................... 49

3.3.1 ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СОЦИЈАЛНАТА И ПОЛИТИЧКАТА ПИСМЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НАПРЕДНО ДЕМОКРАТСКО ОПШТЕСТВО .......................... 55

3.4 СПЕЦИФИЧНОСТИ НА ИНКЛУЗИВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ..... 61

3.4.1 БЕНЕФИЦИИ ОД ИНКЛУЗИВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАСТ И РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ................................................................. 67

3.5 СПЕЦИФИЧНОСТИТЕ НА ФОРМАЛНОТО И НЕФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА ........................................................................................... 76

3.5.1 БЕНЕФИЦИИ НА НЕФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАСТ И РАЗВОЈ ........................................................................................................ 77

3.5.2 ВРЕДНОСТА НА ФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ОПШТЕСТВЕН И ДЕМОКРАТСКИ РАСТ И РАЗВОЈ ............................................................................................ 80

3.6 ОБРАЗОВАНИЕТО И НЕГОВОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЧОВЕЧКИОТ И СОЦИЈАЛНИОТ КАПИТАЛ ВО МАКЕДОНИЈА ............................................................................. 85

**4. ВЛИЈАНИЕТО НА ЕФЕКТИВНИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ ВРЗ ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА ВО МАКЕДОНСКОТО ОПШТЕСТВО** ................................ **92**

4.1 ОБРАЗОВАНИЕТО И НЕГОВАТА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ЗА СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА И ЕКОНОМСКИ РАСТ И РАЗВОЈ ............................................................................ 92

4.2 ЕФЕКТИВЕН РАСТ И РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ .................................... 96

4.2.1.РАЗВОЈ И КОРЕЛАТИВЕН ОДНОС МЕЃУ ОБРАЗОВАНИЕТО И ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ..............99

**5. ЕМПИРИСКИ ПРЕГЛЕД - АНАЛИЗА НА МОМЕНТАЛНАТА СИТУАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО И НЕГОВАТА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ЗА СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА И ЕКОНОМСКИ РАСТ И РАЗВОЈ......... 102**

ЗАКЛУЧОК ........................................................................................................................ 107

5.1 АНАЛИЗА НА МОМЕНТАЛНАТА СИТУАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНО НИВО............................. 102

ЗАКЛУЧОК.......................................................................................................................112

5.2 ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА РАМКА ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА НАЦИОНАЛНО НИВО ПОКРИВАЈЌИ ГО СТЕПЕНОТ НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА ................................................ 108

ЗАКЛУЧОК ................................................................................................................... 116

5.3 ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА НИЗ ЕФЕКТИВНО ДЕЛУВАЊЕ НА СТРУЧНОТО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ................................................................................. 113

ЗАКЛУЧОК ..................................................................................................................... 124

5.4 ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА НИЗ ЕФЕКТИВНО ДЕЛУВАЊЕ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ..................................................................................................... 117

ЗАКЛУЧОК ..................................................................................................................... 129

5.5 АНАЛИЗА - СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ – ЗОШТО СМЕТАМЕ ДЕКА ОБРАЗОВАНИЕТО МОЖЕ ДА ДЕЈСТВУВА ВРЗ ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА......................................... 125

ОПШТ ЗАКЛУЧОК........................................................................................................... 129

**6. АНАЛИЗА - ПОВРЗАНОСТА И РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА СТРАТЕГИИТЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ КОН ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА ВО МАКЕДОНИЈА И ЕУ ......................................... 130**

6.1 СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА – САМОСТОЈНА ЦЕЛ И СРЕДСТВО ЗА РАЗВОЈ НА ЕВРОПСКАТА ЕКОНОМИЈА .................................................................................................................... 130

ЗАКЛУЧОК.......................................................................................................................132

6.2 ЕСТИМАЦИЈА НА ЕДУКАТИВНИТЕ ИНТЕРВЕНЦИИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА.............................................................................................. 133

ЗАКЛУЧОК.......................................................................................................................135

6.2.1 ИМПЛЕМЕНТИРАНИ МЕТОДИ СО ЦЕЛ АНАЛИЗА НА НИВОТО И НАСОКАТА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ЕДУКАТИВНИТЕ ИНТЕРВЕНЦИИ ВО ОДНОС НА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА ......................................................................................... 135

ЗАКЛУЧОК.......................................................................................................................141

6.3 ПРЕГЛЕД НА ИМПЛЕМЕНТИРАНИТЕ ВЛАДИНИ МЕРКИ ЗА СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО – АНАЛИЗА НА НИВНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ......................................... 141

***МЕРКИ***............................................................................................................................ 142

6.4 ПРЕГЛЕД НА МЕРКИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА И МАКЕДОНСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ ........................................................................................ 149

ОПШТ ЗАКЛУЧОК ...........................................................................................................154

**7. СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА И ЕФЕКТИВНИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ..... 155**

7.1 КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИНДИКАТОРИТЕ НА СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА ВО Р. М. ..... 155

ЗАКЛУЧОК ..... 161

7.1.1 ЕМПИРИСКА АНАЛИЗА – СОЦИЈАЛНА ИСКЛУЧЕНОСТ И СИРОМАШТИЈАТА ВО Р.М. 162

ЗАКЛУЧОК ..... 165

7.2 ПОПУЛАЦИЈА КОЈА Е ПОД РИЗИК ОД СОЦИЈАЛНА ИСКЛУЧЕНОСТ ..... 165

ЗАКЛУЧОК ..... 170

7.3 СТРУКТУРА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗЕМАЈЌИ ПРЕДВИД ЕКОНОМСКИОТ СТАТУС И ЧУВСТВИТЕЛНИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ ГРУПИ ..... 171

ЗАКЛУЧОК ..... 177

7.4 ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРЕТШКОЛСКОТО ВОСПИТУВАЊЕ И ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ... 178

ЗАКЛУЧОК ..... 183

7.5 СОЦИЈАЛНА ДИМЕНЗИЈА НА СТРУКТУРАТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО МАКЕДОНИЈА ..... 184

ЗАКЛУЧОК ..... 192

7.6 ЕМПИРИСКИ ПРЕГЛЕД КОН ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА ПРЕКУ ПРИСТАПОТ ДО КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ ..... 193

ОПШТ ЗАКЛУЧОК ..... 197

**8. СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ – ПРЕДНОСТИ И НЕДОСТАТОЦИ НА МАКЕДОНСКИТЕ УНИВЕРЗИТЕТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА И СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА** ..... 198

ЗАКЛУЧОК ..... 201

8.1 ИНТЕРВЈУ: ПРЕДНОСТИ ВО ДЕЈСТВУВАЊЕТО НА ЕВРО КОЛЕЏ ПРИ ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА ВО Р. МАКЕДОНИЈА ..... 202

8.2 НЕДОСТАТОЦИ ВО ДЕЈСТВУВАЊЕТО НА ЕВРО КОЛЕЏ ПРИ ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА ВО МАКЕДОНИЈА ..... 205

8.3 ПРЕПОРАКА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО И ПОДОБРУВАЊЕТО НА СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА ..... 206

ОПШТ ЗАКЛУЧОК ..... 209

**ГЕНЕРАЛЕН ЗАКЛУЧОК ..... 210**

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ..... 215**

ДОКУМЕНТИ ..... 219

ИНТЕРНЕТ ИЗВОРИ ..... 222

# ВОВЕД

Со развојот на општеството и особено динамиката на социо-економско и техничко-технолошките промени, важноста и улогата на образованието за едно општество има огромна вредност. Учењето е глобален одговор за тековните брзи економски, општествени, културни и технолошки промени одразувајќи ги индивидуалните, општествените и економските потреби.

Од социјален аспект, како и од економска гледна точка, на учењето се гледа како на одлучувачки фактор врз вкупниот развој на поединците, за зголемување на нивните можности за вработување, проширување на можностите за избор и промена на професионалната кариера од нивна страна, како и за зголемување на доброволноста и нивната постојана интеграција во социо-економскиот современ живот и опкружување[1].

Дополнително, на учењето се гледа како важен фактор за развој на општеството и достигнувањата на социјалната кохезија, преку зајакнување на демократијата и правото, намалување на разликите и неправилностите меѓу поединците и различните групи, отстапување од социјалната изолација и намалувањето на сиромаштијата. Исто така, учењето се гледа и како важен фактор за економскиот раст и развој, за општото зголемување на производството и приходите, како и за осигурување на конкуренциите во земјата во услови на глобализација и голема интеграција на стоковите и трудовите пазари во сегашни услови.

Успехот на едно општество се јавува како резултат на успехот на образовниот систем. Образованието било и секогаш ќе биде фундаментално за прогресот на едно општество кое се смета како прв чекор кон економскиот развој и војната против сиромаштијата. Како основна вредност на нашиот општествен живот, од огромна важност е да се дефинира улогата на образованието во актуелните процеси кои се случуваат во светот и кај нас. Ова треба да ни го даде одговорот за тоа какви генерации би сакале да имаме во иднина и како ќе бидат подготвени тие да придонесат за општествениот

[1] Sen, Amartja. (2002): ,,Razvoj kao sloboda,, Izdava ,,Filip Višnjić,, ,Beograd,стр.6

напредок. Нивото на образованието и нејзиното лошо менаџирање го рефлектира и економскиот и социјалниот развој. Без добра едукација не може да се замисли подобар економски и социјален живот. Образованието се смета како една од основните области за развојот на мирот и стабилноста меѓу земјите и е еден од главните механизми за ефективното учество во општеството и економијата на XXI - век на забрзаниот процес на глобализацијата. Обидите за активно учество во образованието не значи дека мора да гарантираат успех, но затоа со продолженото подобрување на квалитетот на образованието треба да не се избегнуваат обидите за подобар социо-економски живот.

Образованието е она кое ги оспособува студентите за решавање на тешкотиите со кои се соочуваат лично и во општеството. Образованието е процес во кој корисникот открива дека учењето му го подобрува квалитетот на неговото живеење. Преку воспитно – образовниот процес, студентот се чувствува помоќен со повеќе знаења, повеќе соработува и се дружи со другите и полесно се снаоѓа во животот.

Последните години владите на многу земји, образованието го сметале како значаен фактор за економскиот развој на своите земји. Од ова произлегува зголеменото производство од трудот и брзото користење на новитетите од технологијата. Од ова се подразбира дека инвестициите во образованието генерираат високи придобивки а поединци во форма на поголеми приходи и пократок период на невработеноста и неучествување на пазарот на трудот. Рамноправниот пристап во еден модерен образовен пристап во еден модерен образовен систем е важен фактор за промовирање на модерната економија и услов на рамноправност на социјалната благосостојба и подобрување на истата.

Нивото на образованието е важен фактор за пронаоѓање на работа и да се задржи истата како и обезбедување на повисоко ниво на приходи во Република Македонија. Повисоките постигнувања во образованието ги

стимулираат иновациите, самовработувањата и претпријатијата во земјата за да се забрза процесот за трансфер на знаења.

Од аспект на образовните карактеристики на Република Македонија, земјата не е на завидно ниво. Достапните анализи на структурата на образованието упатуваат дека во 2002 година, 2,6% од населението на возраст од 10 и повеќе години е неписмено. Во споредба со 1994 година од минатиот век тој процент е понизок. Според полот, стапката на неписмени е повисока кај жените 5.5%, во однос на мажите, 1.7%. линијата на неписменост на населението станува значајна на возраст од 60 години па нагоре. Тој тренд е забележлив и кај двата пола. На пример, на возраст од 60 до 64 години учеството на неписменото население било за 5,2% односно 2% кај мажите и 8% кај жените а веќе во наредната возрасна група тој бил накај 12,2% односно 4,7% кај мажите и 18,9% кај жените. Со оглед на фактот дека основното образование е задолжително за споменување е и фактот дека неписменоста кај младите изнесува 1,0% односно 0,9% кај машките и 1,1% кај девојчињата[2].

Во овие рамки, образованието се смета за карика во исполнувањето на посакуваните вредности на европскиот социјален модел, во чии рамки влегува демократијата, индивидуалните права, слободното колективно преговарање, пазарната економија, еднаквите можности за сите и држава на благосостојба и солидарност.

Горе објаснетите елементи се доволни аргументи за анализа на образованието како фактор на социјалната кохезија во РМ во контекст на евроинтеграциските процеси. Како основни прашања кои ќе се поставаат овде се кои иницијативи се преземени од страна на државата за подобрување на обемот, достапноста и квалитетот на образованието, како и кои се предизвиците со кои се соочува државата.

Според тоа, предметот на истражувањето, од погоре имплементираното може да се истакне преку насочување на интересот на докторските тези каде

[2] Државен завод за статистика, Статистички годишник на Република Македонија, 2008

ќе се истакне проблематизирањето на образованието, во оваа можност, тоа е предвидено да се направи од аспект на влијанието врз зголемување на социјалната кохезија на ниво на државата. Тука, пред се, се однесува на поврзаноста на образованието со концептот на кохезивната политика, размислувајќи за реформските процеси и последиците од истите, оценувајќи ги при тоа ефектите на ниво на социјална кохезија.

Предметот на тезата е анализа на образованата структура, достапноста и квалитетот на образовните услуги во државата како предуслов за зголемување на социјалната кохезија на сите нивоа на образованието, финансирањето и институционалната рамка на образовниот систем, основната цел овде е подобрување на образованието. Единица на анализа, односно заклучоците и анализите ќе се добијат од исксутвениот материјал кој ќе се добие од релевантните институции кои се поврзуваат со образовниот систем.

# 1. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1.1 СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА ВО ЕВРОПСКИТЕ ЗЕМЈИ

Половина од Европските земји, кои вклучуваат околу 20% од вкупната европска популација се справуваат денес интензивно со проблематиката на социјалната кохезија[3]. Веќе во раните почетоци на 2010 година, овие европски земји се соочија со поголеми предизвици креирани во рамките на миграциските процеси како и рапидниот процес на модернизација и приватизација, кој директно го афектира растот и развојот на социјалната инфраструктура особено во европските земји кои сеуште се наоѓаат во процес на економска, општествена, политичка транзиција[4].

При тоа, зајакнувањето на економската и социјалната поврзаност претставува основен предуслов меѓу членките на Европска унија. Во овие рамки се дефинира и социјалната кохезија како постигање на изедначен раст и развој, општествена благосостојба и социјален систем, каде како таков се поставува како приоритетна цел на секоја европска земја денес.[5]

Од самиот почеток постоеле поголеми територијални и регионални разлики во Европската заедница, кои сочинуваат големи препреки и ден денес во развојот на Европа. Веќе со Договорот од Рим во 1957 година се имплементирани механизми на солидарност во облик на два структурни фондови – Европскиот социјален фонд, како и Европскиот фонд за насоки и развој во производството, EFSJP, компонентата за насоки. Регионалните аспекти веќе се воведуваат во 1975 година со реализација на Европскиот фонд

---

[3]Vasta, Ellie., (2010). " The controllability of difference: Social cohesion and the new politics of solidarity, Macquarie University, Australia

[4]Vilma Atkočiūnienė. Alvydas Aleksandravičius. Gunta Grinberga-ZaliteAleksandras – THESTRENGTHENING OF TERRITORIALCOHESION THROUGH THE DEVELOPMENT OF RURAL SOCIAL INFRASTRUCTURE Stulginskis University (Lithuania), Latvia University of Agriculture (Latvia)

[5]Bernard, Paul. (1999). Social cohesion - Criticism, Proceedings of the discussion, Canadian research institutes, foreign . for.194

за регионален раст и развој. Додека во 1994 година се основа и Кохезискиот фонд[6].

Различните нивоа на општествениот раст и развој како и општата благосостојба доаѓа од различни наследени состојби, различни физички особини на просторот, начини на имплементација на одредени политики, применлива поддршка, каде таквите нееднаквости предизвикуваат диференцирани ефекти на примена на заедничките политики, каде според тоа е неопходно да се делува во насока на нивното насочување односно конвергенција[7].

Конвергенцијата всушност се истакнува како системско намалување на ризикот меѓу регионите и државите во одреден временски период каде подразбира одредена временска димензија и услови кои ја детерминираат насоката и брзината на нејзино одвојување. Регионалната и социјалната политика според тоа, се насочува на намалување на економската и социјална нерамнотежа во Европската унија, каде поголемите мерки им се имплементираат со огромна неопходност за ефективно координирање на истите.

Глобализацијата денес од производството и трговската политика и трговските текови, делувањето и влијанието на рапидниот и брз раст и развој на високата технологија врз општеството, работата, животот на населението, истовремено афектирајќи ја невработеноста, предизвикувајќи притисок на економскиот и социјален поредок на сите членки на европската унија ја истакнува се повеќе потребата од конвергенција. Конвергенцијата во земјите членки на унијата предизвика приближување на социјалните потреби и проблеми со кои се среќаваат. Меѓутоа и покрај ваквите напори сеуште постои исклучителна нееднаквост меѓу општествените одлики во една современа и

[6]Berger-Schmitt, R. (2000). "Social Cohesion as an Aspect of the Quality of Societies> Concept and Measurement,, EuReportin Working Paper No 14. Mannheim 2000. Centre for Surwey Research and Methodology (ZUMA)
[7] Andrews, R., Downe, J., & Guarneros-Meza, V. (2013). Contracting for cohesion: Can Local Area Agreements make a difference? Policy & Politics. стр.94

развиена економски стабилна држава. Поради тоа, се истакнува неопходноста од координација на националните социјални политики во земјите.

Хетерогеноста на европскиот простор особено се забележува во полето на[8]:

- *Невработеноста;*
- *Трошоците за труд;*
- *Социјална заштита.*

Земајќи предвид појавувањето на невработеноста, ова е исклучително значителен проблем со кој Европската унија се соочува на секојдневно ниво, каде околу 10% е поголем бројот на невработени лица во однос на останатите континентални земји како што е САД, Јапонија и други. Стапката на невработеноста во Европските земји, особено во Југозападна Европа, полека се зголемувала пред првата светска криза и рецесија, но САД и Јапонија во овој период постигнале значително подобри резултати од европските земји[9].




***Слика бр.1 Вкупна стапка на невработеноста во Европа – од 2010 год.[10]***

[8]Bernard, P. (1999). Социјална кохезија: Критика. Zbornik Diskusije но. Ф / 9. Оттава: Kanadska istrazna mreza ,стр.204

[9] Giddens, A. (2009): Evropa u globalnom dobu, Klio, Beograd.

[10]Andrews, R., Downe, J., & Guarneros-Meza, V. (2013). Contracting for cohesion: Can Local Area Agreements make a difference? Policy & Politics. стр.99

Според тоа, социјалната политика се истакнува како организирана активност на државите и општествата насочена кон подигање на општата социјална благосостојба, а особено на подобрување на положбата и интеграцијата на оние поединци и групи во општеството кои во рамките на различните околности доспеваат во неповолна социјална и економска положба. Во овие рамки ваквите активности и околности ја вклучуваат невработеноста, мобилноста на работниците, условите за работа и плати, осигурување во случај на невработеноста, програми за социјална помош и поддршка, пензии, здравство, индискриминација, образование, здруженија на работниците и слично.

Според Договорот за Европска унија, унијата се темели на вредности на почитување на човечкиот дигнитет, слобода, демократија, еднаквост, законот на правда и почитување на човековите права, вклучувајќи го целосно правото на припадност на малцинствата, како и вредностите на заедничките членки земји во општеството на плурализам, индискриминација, оддржливост, транспарентност, солидарност и еднаквост меѓу жените и мажите[11].

Во рамките на ваквите законодавни регулативи, земјите членки на Европската унија се задолжени да ги координираат своите економски политики на вработување, образование, усовршување, поттикнување во рамките на предвидените авторитети и владеењето во една земја и со едно општество[12].

При тоа, со цел да се имплементира целосна социјална ефективна политика, се истакнува и европскиот социјален модел кој ги одржува заедничките вредности кои се темелат на зачувување на мирот, социјалната правда, рамноправност, солидарност, промоција на слободата и демократијата и почитувањето на човековите права. Европскиот модел во овие рамки за разлика од останатите континентални социјални модели преферира поголема плата и социјална заштита, кое резултира сеуште со се поголема невработеност во европските земји.

---

[11]Член 2, од Договорот на Европска унија,

[12] Giddens, A. (2009): Evropa u globalnom dobu, Klio, Beograd.,стр.48

Меѓутоа за ваквите активности долго биле расположливи само делумно ограничени средства. Веќе од 1986 година, во однос на Единствениот европски акт, економската и социјална кохезија се имплементира во надлежноста на Европската заедница. Со договорот од Лисабон во 2008 година се воведува целосно нова димензија на кохезијата во Европската унија – територијалната кохезија. Тие три кохезиски аспекти се потпомогнати дефинитивно со кохезиската политика на земјите и структурните фондови.

## 1.2 КОНЦЕПТОТ НА СОЦИЈАЛНАТА ВКЛУЧЕНОСТ НА НИВО НА УНИЈАТА

Социјалната, општествена исклученост е на ниво на земјите членки на Европската унија дефинирана како процес во чии рамки одредените поединци се поттикнати кон маргинализација во општеството и спречени за со својот целосен капацитет да учествуваат во економските, општествените и културните токови. Исклученоста може да настане во рамките на сиромаштијата или недостаток на едукација, образование – основни знаења како и можностите за доживотно учење, или се истакнува како резултат на дискриминација[13].

Ваквата појава на поединците или групите на населението се оддалечуваат од можноста за образование, вработување, реализација на приходи, како и од вклучување и учество во општествените мрежи и активности во заедницата. Целосната исклученост на поединците или групите имаат недоволен и неадекватен пристап кон институциите, органите на власта, како и процесите на донесување на одлуки.[14] Некои автори под терминот на социјална исклученост подразбираат мултидимензионален процес кој претставува комбинација на различните облици на исклученост – неучествување во донесувањето на одлуки и политички процеси – ограничен пристап кон вработеноста и материјалните ресурси, лимитирани можности на поединците или групите за интеграција во секојдневните културни процеси[15].

Едноставно кажано, социјалната исклученост е динамичен процес на делумното или целосно исклучување на поединецот или групата од било кој

[13] Vasta, Ellie., (2010). " The controllability of difference: Social cohesion and the new politics of solidarity, Macquarie University, Australia No 4,DOI: 10.1177/1468796810378326,,стр.582
[14]Andrews, R.; Downe, J.; & Guarneros-Meza, V. (2013). Contracting for cohesion: Can Local Area Agreements make a difference? Policy & Politics
[15] Bernard, P. (1999). Social cohesion: A critique. Discussion paper no. F/9. Ottawa: Canadian Policy Research Networks,стр.294

систем каде ваквите процеси оневозможуваат на поединецот или групата да создава свои граѓански, политички и општествени права[16].

Социјалната општествена вклученост се дефинира при тоа како процес кој овозможува сите поединци и општествени групи целосно да учествуваат во економските, општествените и културните токови и да може да достигнат соодветен животен стандард. Процесот би требало да овозможи и поголемо учество на граѓаните во донесување на одлуки, особено на оние кои влијаат на нивната благосостојба и реализирање на човековите права.

Во рамките на Лисабонскиот самит, на Европскиот совет, одржан во март 2000 година, социјалната кохезија е прогласена при тоа за една од клучните стратешки цели на унијата. Социјалната кохезија се дефинира како способност на општеството да обезбеди благосостојба на сите свои членки и членови, ублажувајќи ја нееднаквоста и да ги избегне маргинализирањата на поединците или општествените групи[17].

Во различните контексти терминот на социјална кохезија може да се искористи со цел да се истакнат[18]:

- *Заедничките норми и вредности;*
- *Поседување на заедничкиот идентитет и припаѓање на пошироката заедница;*
- *Чувство на стабилност;*
- *Постоење на соодветни институции кои обезбедуваат благосостојба на општеството;*
- *Еднаква дистрибуција на права, можности, богатство и доход;*
- *Силно граѓанско општество и активни граѓани.*

[16]Berger-Schmitt, R. (2000). “Social cohesion as an aspect of the quality of societies: concept and measurement”, Eureporting working Paper, No. 14. Subproject European System of Social Indicators. Mannheim: Centre for Survey Research and Methodology (ZUMA),стр.371

[17] Извор - https://books.google.com/books?id=MuuDNzKBeAYC&printsec=frontcover&dq=social+cohesion+and+education&hl=mk&sa=X&ved=0ahUKEwib2fSLyffLAhWiDpoKHb-gDPMQ6AEIGjAA

[18]Bernard, P. (1999). Social cohesion: A critique. Discussion paper no. F/9. Ottawa: Canadian Policy Research Networks,стр.220

Веќе кон крајот на 2000 година во Ница биле поставени заеднички цели во борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост каде во 2001 година во белгискиот град Лакен, присвоени се неколку показатели на чија основа во ЕУ се проследува состојбата на социјалната вклученост. Постигнувањето на договорот за примените на националните политики за зголемување на социјалната вклученост се координира низ изработка на национални планови на акциите за зголемување на нивото на социјална вклученост и дека земјите членки редовно известуваат за движењето на националните показатели кои секоја земја членка ги развива во рамките на сопствениот социо-економски контекст.

Стратегијата на Унијата, имплементира при тоа документација во чии рамки се нагласува излезот од финансиската криза кој се гледа како влез во нова оддржлива социјално-пазарна економија, во која просперитетот се очекува да се стави на последиците од иновации и подобро користење на ресурси, каде знаењето ќе биде основниот инпут[19]. Овие покренувачи создаваат нов извор на оддржлив раст и активности кои треба да ја намалат невработеноста.

Со документацијата се дефинираат следните приоритети на европските општествени опкружувања и тоа се до 2020 година[20]:

- *Развој кој ќе се темели на знаење;*
- *Развој на економијата на основа на иновации;*
- *Одржлив развој – промоција на ефикасни, конкурентни економии;*
- *Инклузивен развој – поттикнување на висока вработеност и економија која придонесува кон економската, општествената и територијалната кохезија.*

Во овие рамки присвојувањето на новата стратегија било проследено и со развој на нови и унапредувачки постоечки индикатори, како и подобрување

[19] Pejanović, R., Tomaš-Simin Mirela (2014): Održivi razvoj u strateškim dokumentima EU, TREND 2014, Univerzitet i FTN, Novi Sad,,стр.30-49
[20]Delhey, J. 2007. Do Enlargements Make the European Union Less Cohesive? Journal of Common Market Studies, 45(2),стр.35

на достапноста и дејноста на самите показатели во сите области, особено во областа на проследување на социјалното вклучување и намалување на сиромаштијата.

## 1.3 ЕВРОПСКИ КОНЦЕПТ НА СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА

Советот на Европа ја дефинира социјалната кохезија како способност на општеството да обезбеди благосостојба на сите свои членови преку намалување на нееднаквоста на најмала можна мерка и избегнување на маргинализацијата, со цел да управува со разликите и поделбите и за сите да обезбеди политика за постигање на благосостојба. Таа претставува динамичен процес и е неопходна за постигање на социјална правда, демократска сигурност, како и одржлив развој. За разлика од таквите, поделените и нееднаквите општества не само што се неправедни, туку не може да обезбедат и долготрајна стабилност во заедницата[21].

Во кохезивното општество, благосостојбата на сите претставува заедничка цел која вклучува осигурување за соодветни ресурси кои треба да бидат достапни за борбата против нееднаквоста и исклучувањето во општеството.(Советот на Европа, 2010)

Социјалната кохезија е политички концепт кој се темели на исполнување на три клучни вредности на Советот на Европа и тоа[22]:

- *Човековите права;*
- *Демократијата;*
- *Владеење на правото.*

[21] Извор - https://books.google.mk/books?id=galFCzv4WSsC&printsec=frontcover&dq=social+cohesion+and+education&hl=mk&sa=X&redir_esc=y#v=onepage&q=social%20cohesion%20and%20education&f=false

[22] Međunarodna šema provedbe UN-ovog Desetljeća za obrazovanje za OOR 2005. – 2014.,UNESCO, 2005;

Најзначајните правни инструменти на Советот на Европа се Европската конвенција за човековите права (ETS, бр.5) и ревидираната Европска социјална организација (ETS, бр.163), која посебно нуди сигурна правна рамка за заштита и промоција на човековите права, вклучувајќи ги и социјалните права, на тој начин ефикасно придонесувајќи кон социјалната кохезија[23].

Одговорноста на државите и владата во рамките на социјалната кохезија е неизоставна. Јавните власти гарантираат човекови права, имплементирајќи ги социјалните права и учесничката демократија. Меѓутоа, во денешно време, се јавуваат сосема нови концепти на управување преку партнерството и дијалозите на сите нивоа низ цела Европа[24]. За да може да се продлабочи поголемо чувство на социјална одговорност, сите заинтересирани страни, не само владата и другите јавни власти, туку и социјалните партнери, цивилните организации, граѓани, корпоративните партнери, медиумите и слично, сите заедно е потребно да бидат способни да ја препознаат и уважат потребата за да делуваат одговорно и да помогнат кон развивање на свеста за заедничката одговорност и соработка за јавното добро.

Заедничкиот пристап според тоа, е неопходен за исполнување на главните предизвици на едно модерно општество, како што е борбата против сиромаштијата, обезбедување на благосостојба во општеството, обезбедување на одржлив развој, од еколошка гледна точка како и од заштита на идните млади генерации, и живот во плуралистичко општество, избегнувајќи го на тој начин социјалното исклучување.

Социјалниот модел на Европската унија, иако е хетероген, има едно заедничко обележје за сите земји, а тоа е придавање на исклучително големото значење на социјалната функција, државата и хуманизацијата на

[23] Извор https://books.google.mk/books?id=gb1AzQlFnKwC&printsec=frontcover&dq=social+cohesion+and+education&hl=mk&sa=X&redir_esc=y#v=onepage&q=social%20cohesion%20and%20education&f=false
[24] Pejanović, R., Tomaš-Simin Mirela (2014): Održivi razvoj u strateškim dokumentima EU, TREND 2014, Univerzitet i FTN, Novi Sad,стр.10-21

друштвата и државите исто така[25]. Од државите членки на Европската унија, се очекува да имаат активна улога во реализацијата на социјалната сигурност на сите граѓани, социјалните права и општата општествена солидарност во партнерството за плурализмот на субјектите, односно цивилните, невладините и непрофитниот сектор.

Солидарноста била и сеуште е поттикнувач на европската интеграција. Истата се темели на договорите како што се договорите за начела на взаемна поддршка или на изјавите кои се однесуваат на економската, социјалната и територијалната кохезија во европската заедница. Во материјална смисла на зборот, солидарноста до сега била најмногу изразена во структурните како и во кохезиските фондови. Според тоа во хетерогените политички заедници како што е Европската унија, солидарноста се темели на взаемност и меѓусебна одговорност[26]. Како начело на заемното обезбедување и поттикнување на солидарноста, важен извор на европската кохезија е токму таа. Солидарноста не е сепак, алтруизам, туку е структуриран самоинтерес на една заедница во целина.

Факт е дека Европската унија во колективната свест de facto се темели на солидарност која особено важи онаму каде постои свест за взаемната меѓузависност. Политиката на внатрешната прераспределба на Унијата се темели пред се, на разбирање и прифаќање на тоа дека намалувањето на нееднаквоста на просперитетот не е погодно за сиромашните региони, туку и за најбогато развиените исто така[27].

---

[25] Извор - https://books.google.mk/books?id=gaIFCzv4WSsC&printsec=frontcover&dq=social+cohesion+and+education&hl=mk&sa=X&redir_esc=y#v=onepage&q=social%20cohesion%20and%20education&f=false

[26] Međunarodna šema provedbe UN-ovog Desetljeća za obrazovanje za OOR 2005. – 2014.,UNESCO, 2005;

[27] Извор - https://books.google.mk/books?id=gb1AzQlFnKwC&printsec=frontcover&dq=social+cohesion+and+education&hl=mk&sa=X&redir_esc=y#v=onepage&q=social%20cohesion%20and%20education&f=false

## 1.3.1 ПОЛИТИКА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО СЛУЖБА НА ЕКОНОМИЈАТА

Уште од 2000 година, политиката на образованието во европските земји се поставува да служи во постигање на целите поставени уште во Лисабон. Во релацијата со економијата, политиката на образованието при тоа се дефинира како дел од европската стратегија на вработување и намалување на сиромаштијата[28].




***Слика бр.2 Ранг на Европски земји според нивното ниво на социјална кохезија, 2013[29]***

Во недамнешна студија (Бертелсман Фондација, 2013), социјалната кохезија ја забележуваат како резултат на однесувањето и ставовите на повеќето индивидуи и групи во едно општествено опкружување. Кохезивното општество е карактеризирано според одредени резилентни релации и односи, позитивни емотивни поврзувања и комуникација помеѓу своите членови,

[28] P.Freire: „Pedagogija obespravljenih„ , ODRAZ, 2002.стр.67
[29] Ana Maria Nogueira – „Education and social cohesion and empowerment EU„ 05/2015

граѓани и општеството истакнувајќи го нивниот фокус кон општото добро и благосостојба од секој можен аспект на дејствување[30].

Ваквите елементи, според студијата, ги опфаќаат трите клучни аспекти на социјалната кохезија каде секој од нив се мери со еден систем на три индикатори кои водат до ефективно мерење на нивото на социјалната кохезија *сл.2.

Како што може да се забележи од слика бр.2 највисоко ниво на социјална кохезија имаат Данска и Финска, како и Шведска, додека пак, социјална кохезија со најниско ниво имаат земјите во Југо-источна Европа, во чии рамки се наоѓа Бугарија, Грција, Романија, како и Република Македонија која не е членка на Европската унија сеуште.

Советот на Европа во Барселона, го носи во 2002 година "Работниот програм за имплементација и спроведување на целите на системот на општото и професионалното образование во Европа[31]".

Токму во овие рамки на дејствување, се дефинира тенденцијата кон поголем квалитет на системот на општото и професионалното образование за сите луѓе и кон реализација на општото и професионалното образование кон светот. Суштински станува збор за тоа дека е потребно подобрување на квалитетот на работната сила во земјите членки на Европската унија, како и за оние кои не се членки, меѓу кои се наоѓа и Република Македонија.

Размислувањата за идната улога на системот на образование се недвосмислено формулирани како "наклонети кон економијата", каде образованието веќе започнува да игра круцијално важна улога за поттикнување и имплементирање на општествено ангажирање на институциите и групите и за социјална кохезија.

[30] Pejanović, R., Tomaš-Simin Mirela (2014): Održivi razvoj u strateškim dokumentima EU, TREND 2014, Univerzitet i FTN, Novi Sad,стр70=74
[31] Babić, Z. (2005), Participacija i ulaganje u obrazovanje, Zagreb, стр.7-19

## 1.4 ПРОСТОР ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕФЕКТИВНОСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА

Предизвиците кои ги носат демографските промени се значително зачестени во нивната појава под влијание на денешната криза, вршејќи притисок на пресметките и дејствувањата на државите членки во време кога требало дополнително да се потрудат за да се постигнат целите на Европа 2020. Земајќи предвид дека јавните официјални документации за социјалната политика, во главно за мир и здравствена и општествена благосостојба, во просекот изнесуваат околу 29,5% БДП во Европската унија, значително се имплементираат при обидите за нивна консолидација[32].

Повеќето реформи на ова поле мора да се насочи на зголемување на ефективноста на самото дејствување. При тоа, треба да се внимава на реформите да бидат добро осмислени, добро обликувани, да се избегнат негативните последици од сиромаштијата, поттикнувајќи ја повеќе продуктивноста и економскиот раст, здравјето на населението и социјалната кохезија.

Со цел за социјалните политики во европските земји да бидат оддржливи и соодветни, државите членки и оние кои не се членки на Унијата, мора да изнајдат начини да ја зголемат нивната ефективност, истовремено бавејќи се со клучните демографски и општествени промени предизвикани од глобализацијата и современите опкружувања. Во некои случаи, мнозина надокнади, агенции, услови за реализација на правата на граѓаните во секој можен аспект, создава дополнителни административни трошоци, додека пак, на луѓето на кои им е потребна ваквата помош, најмалку ги користат социјалните бенефиции.

При тоа, недоволниот надзор исто така води до непотребни трошоци. Некои економски и социјални бенефиции и социјални услуги, многу лошо се насочуваат со тоа што не стигаат до луѓето до кои навистина им е потребна

[32] Bežovan, G. (2004.), Civilno društvo. Zagreb: Nakladni zavod Globus,стр.26

ваквата помош. Некои држави во Европа, кои имаат слично ниво на издатоци и статистики за социјалната политика, постигаат различни резултати во нивниот процес на сузбивање на сиромаштијата, подигање на вработеноста и здравствените исходи[33].

Сето ова води до заклучок да има место за подобрување на начинот на користење на ресурсите. Во годишната студија на растот (AGS), имплементирана на почетокот на Европскиот семестар од 2013 година, се наведува фактот дека моменталниот процес на редизајнирање на економијата го ремети редот, политички е сложен и општествено тежок процес. Меѓутоа, неопходно е да се поставаат темелите за идниот раст и конкурентност, каде ќе се имплементираат социјални и образовни алатки преку кои ќе се поттикне креативното, продуктивното размислување на граѓаните за реализација на инклузивно, одржливо и мирно општествено опкружување.

Во овие рамки се истакнува и фактот дека треба да се реформираат особено образовните системи со цел обезбедување на пристап на сите граѓани до висококвалитетно образование и воспитание, преку ефективно користење на јавните ресурси.

Потребата за забрзување на ваквите реформи и дејствувања, веќе е изразена во специфичните препораки за секоја земја во Европа кои се заинтересирани да понудат подобра социјална политика, подобри можности за вработување на жените и младите, зголемување на ефективноста на системот на социјалниот трансфер и поддршка, како и обезбедување на пристап на граѓаните до подобри, квалитетни јавни услуги.

[33] Извор - https://books.google.mk/books?id=gb1AzQlFnKwC&printsec=frontcover&dq=social+cohesion+and+education&hl=mk&sa=X&redir_esc=y#v=onepage&q=social%20cohesion%20and%20education&f=false

# 2. СИСТЕМОТ НА ВРЕДНОСТИ И ОПШТЕСТВЕНАТА И ЕКОНОМСКА СОСТОЈБА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 2.1 РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – ЗЕМЈА ВО ТРАНЗИЦИЈА

Земајќи предвид процесот на глобализација и процесите на стабилизација низ кои Република Македонија поминува моментално, социјалното и економско преструктуирање и притисокот на конкурентноста, демографските фактори како и потребата за модернизација и развивање на општеството и економијата кои се темелат на општествениот капитал и знаењето, се јавува се поголема потреба за ефективна промена во планирањето на развојот на општествениот, економскиот и социјалниот систем во земјата[34].

Република Македонија е единствената држава која се наоѓа сеуште во транзиција во однос на другите околни држави на Балканот, меѓу кои се наоѓа и Србија која е на пат да излезе надвор од транзицијата, како и Република Албанија. Нејзиното политичко и општествено уредување, кое вклучува и имплементира ограничена структура и надлежност на државно ниво, исклучително е сложено и се темели на повеќе принципи и вредности чии законски регулативи се повеќе се применуваат како резултат на хармонизација на европските стандарди и закони[35].

Државното ниво на земјата поседува минимална власт која во главно се сведува на координација на делување на ентитети, каде како таква делејќи се на две страни претставува постојан извор на меѓусебно неразбирање неусогласеност во креирањето на економските, социјалните и другите значајни државни политики и случувања. Постоечката моментална поделба на ваквите

---

[34]Risto Petrov, Nataša Čičevska Jovanova, Aleksandra Karovska –Инклузивно образование, важноста за образованието во општеството во Македонија – Скопје, 2012 меѓународен собир,

[35] Извор - https://books.google.mk/books?id=gb1AzQlFnKwC&printsec=frontcover&dq=social+cohesion+and+education&hl=mk&sa=X&redir_esc=y#v=onepage&q=social%20cohesion%20and%20education&f=false

ентитети, доведе во Македонија во последните неколку месеци кон општа поделеност на политичкиот, економскиот, социјалниот, образовниот сегмент во Република Македонија.

Веднаш по прогласување на својата независност од 1991 година, Република Македонија се соочува со огромни економски и социјални предизвици. Со таква административна неуредност, морала првин да одговори на претстојниот процес на транзиција, од некогашна држава со централизирана и планска економија до пазарно ориентирана економија.

Оваа транзиција прилично е сложена и комплексна, бидејќи започнува во услови на оштетени и застарени економски капацитети, уништена инфраструктура, прекинати мрежи на снабдување, како и изгубени внатрешни и меѓународни пазари, сива економија, корупција и високо ниво на невработеност.

Сепак, едно од најважните реализации и остварувања од овој период е воведување на единствената валута на конвертибилниот денар на подрачјето во цела Македонија, кој важи за стабилна со ефективно функционирање на Народната Банка на Република Македонија и ниска просечна стапка на инфлација во текот на претходните години.

Наспроти монетарната и макроекономска стабилизација, трендовите во функционирањето на ова област засега укажуваат на недоволен напредок. Македонската економија сеуште значително заостанува зад другите држави во опкружувањето, каде во прашање доаѓа нејзиниот натамошен напредок без успешно завршување на започнатите реформи. Недоволната страна на вложување, инвестиции во економијата, имплементирање на приватизацијата без единствен концепт и стратегија на државно ниво, преструктуирањето на економското опкружување, со ликвидација на некогашните индустриски гиганти од минатиот век, резултира со големо издвојување и изолација на социјално загрозените категории на населението, постојан трговски дефицит, неконкурентни вештини квалификации на работна сила на пазарот на трудот,

висока стапка на невработеност и сл. Ова се само дел од проблемите кои во значителна мерка го преоптеретуваат економскиот и општествен натамошен раст и развој на Република Македонија.

Во земјата континуирано според тоа, се имплементираат бројни реформи поради градење на пазарно ориентираниот економски простор до ден денес. Резултатите од досегашните структурни и институционални реформи покажуваат дека некои од тие реформи се до сега најуспешните во финансискиот сектор, како и секторот на трговијата и фискалната политика.

Реформата на финансискиот сектор како земја во транзиција, била првенствено насочена кон укинување на заводите на платниот промет и имплементација на модерен платен систем и независен банкарски сектор, како и во осигурување на потребните ефективни и експедитивни услови за влез на странскиот капитал во секој сектор. Реформата на политиката во секторот на трговија е проследен исто така со присвојување на веројатно најлибералниот трговски поредок во регионот и преговарање за билатералните трговски договори со сите држави во Југоисточна Европа[36].

При тоа, во секторот за јавно финансирање се имплементира и принципот на трезорското работење, кое значително придонесува кон воведување и зајакнување на дисциплината на јавната потрошувачка. Значителен напредок се забележува за време на транзицијата и во секторот на даночната политика и даночната администрација, кое вклучува реформа на даночниот систем, ускладување на стапките и имплементирање на Управите за директно оданочување на државно ниво, при процесот на реализирање на делот на ентитетските даночни и царински управи, присвојувајќи ја правната рамка за имплементација на унифициран систем за индиректно оданочување и воведување на данок на додадена вредност.

[36] Извор - https://books.google.mk/books?id=gb1AzQlFnKwC&printsec=frontcover&dq=social+cohesion+and+education&hl=mk&sa=X&redir_esc=y#v=onepage&q=social%20cohesion%20and%20education&f=false

Резултатите од досегашната имплементација на овој систем покажува голем успех во погледот на зголемување на ефикасноста на собирање на даноците, зголемување на даночна политика, намалување и на обемот на сивата економија. Реформата на фискалниот сектор, вклучувајќи го и зајакнувањето на бизнис опкружувањето, особено е важна за процесот на транзиција во целина, како и за достигање и исполнување на потребните критериуми за интеграција на Македонија во Европската унија и зголемување на нејзината меѓународна конкуренција.

Меѓутоа и покрај тоа, Македонија сеуште се наоѓа во процес на транзиција, каде сиромаштијата е широко и обемно распространета, зафаќајќи огромни рекордни размери. Сиромаштијата е вака распространета бидејќи ја опфаќа прилично хетерогената структура на населението, со напомена на тоа дека децата, раселените лица, повратниците, лицата со инвалидитет, невработените, пензионерите како и лицата без квалификации, особено се изложени на целосна социјална исклученост и ризик од висока сиромаштија.(граф.1)




***Графикон бр.1 Структура на сиромаштијата според најчестиот статус на економската активност за 2013 година[37]***

Особено во однос на невработеноста, значително е алармантна невработеноста на младите. Според официјалните податоци, Република Македонија има една од највисоките стапки на невработеност на млади во поширокиот регион. Во 2011 година, стапката на невработеност на млади под 25 годишна возраст беше 55,3%

Покрај големиот број на иселеници особено од помладите генерации во последните неколку години од Македонија, се истакнува и влошување на општата демографска ситуација во земјата, каде со ова останува сериозно нарушена социјалната кохезија и стабилност во земјата.

[37]Извор – Државен Завод за Статистика, Сиромаштија во Република Македонија за 2013-та година, стр.12-18

## 2.2 СОЦИЈАЛНАТА ИСКЛУЧЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Познато е дека социјалната исклученост е повеќедимензионален процес кој ја заслабнува поврзаноста на поединецот и заедницата. Лицата може да бидат исклучени од пристапот на добрата, како и услугите, правото на образование на пример, исклучувајќи ги од учество на пазарот на трудот, односно може да бидат исклучени од реализирање на човековите и социјалните права.[38] Колку повеќе обележја има по кои лицето е исклучено, тоа повеќе ваквите лица стануваат ранливи.

Според тоа, поединците, општествените заедници или подрачјата може да се сметаат за социјално исклучени доколку се наоѓаат во неповолна положба во политичката, економската или социјалната смисла. Примероците од социјалната исклученост често се поврзани со недоволната вработеност, ниските образовни нивоа, ограничените можности на вработување или тесните, односно застарени знаења и способности[39]. Со зголемениот ризик од социјална исклученост, особено се соочуваат лицата со телесен инвалидитет, младите лица, невработените лица, повратниците, раселените лица, Ромите, самохраните мајки и лицата од трета животно доба.

Социјалната исклученост претставува многу поширок поим од сиромаштијата. Тоа е процес на кој одредените поединци или групи се потиснуваат на работ на општеството, се спречуваат во нивните настојувања да живеат пристоен живот со многу учество во општеството поради нивното етничко потекло, годишните или полови разлики, инвалидитетот, финансиските проблеми, недостатоците од формалното вработување, и недостаток на образованието. [40]

[38]Vlado Puljiz, Gojko Bežovan, Teo Matković - Socijalna politika 2008 – Hrvatska, str.38-44

[39] Извор - https://books.google.mk/books?id=galFCzv4WSsC&printsec=frontcover&dq=social+cohesion+and+education&hl=mk&sa=X&redir_esc=y#v=onepage&q=social%20cohesion%20and%20education&f=false

[40]Bežovan, G. (2004.), Civilno društvo. Zagreb: Nakladni zavod Globus,стр.181

При тоа, тоа им го отежнува или оневозможува пристапот на здравствените и социјалните услуги, како на општествените така и на другите мрежи и активности на заедницата. Исклучените имаат малку или воопшто немаат пристап на моќ и процеси на одлучување со тоа што не се во можност да ја контролираат одлуката која влијае на нивниот секојдневен живот. Европската унија, како свое клучно обележје, ја истакнува пред се солидарноста. Солидарноста е поставена како клучна цел на европскиот модел на општеството, која на повеќето луѓе ќе им овозможи користење на економскиот и социјален напредок.

Градењето на подобро социјално вклучување во Европа е важна за постигање на целите на Европската унија, како што се одржливиот економски раст и развој, реализација на поголемиот број и подобрите работни места, и поголемата социјална кохезија.

Во Република Македонија, социјалната исклученост во најголемиот дел е поврзана со последиците од војната и процесот на транзицијата, како и изложување на населението со нов вид на различни ризици, како што е рецесијата, зголемувањето на невработеноста, буџетските проблеми и слично. Од тука, основните карактеристики на социјалната исклученост во Македонија се следните[41]:

- *Висока стапка на невработеност, висока стапка на неактивност, изразена вработеност во сектор на неформална економија (работа на црно) и лоши вработувања и работни договори;*
- *Голем удел од населението се со низок степен на образование, писменост;*
- *Етничка исклученост и дискриминација на малцинските групи и заедници;*

[41] Pejanović, R., Tomaš-Simin Mirela (2014): Održivi razvoj u strateškim dokumentima EU, TREND 2014, Univerzitet i FTN, Novi Sad,

❖ *Неадекватен систем на социјална заштита со слаб домет и покривање кое има за последица недоволен пристап до ресурсите и услугите.*

Во Македонија социјалната исклученост според тоа, се одликува до задоцнување на сознанијата во однос на современите и уредени околности, Европската унија пред се, преку отсуство на адекватна општествена реакција на даден проблем, како и масовен обем и силен интензитет на појава која веќе попримува одлики на епидемија и предизвикува секундарни последици за менталното здравје на маргинализираните лица. Социјалната исклученост во Македонија предизвикува и "нова сиромаштија", поттикнувајќи и специфична етиологија, како последица од воени конфликти, лошо водена и недовршена транзиција, неефикасна и неодговорна власт, одредени културолошки карактеристики и слично[42].

Според тоа, борбата против социјалната исклученост всушност, значи – означување на загрозените и зајакнување на нивните капацитети, имплементација на приоритетите во корист на сиромашните и загрозените, подигање на капацитетот на здруженијата кои работат во интерес на социјално загрозените групи.[43]

Голем проблем во Македонија е и недостатокот од сигурни статистички податоци за социјалната состојба во земјата, без кои не може да се имплементира ефикасна социјална и здравствена политика.

[42] Ilišin, V.; Mendeš, I.; Potočnik, D. (2003): Politike prema mladima u obrazovanju i zapošljavanju. Politička misao XL(40)3:

[43] Vlado Puljiz, Gojko Bežovan, Teo Matković - Socijalna politika 2008 – Hrvatska, str.65

## 2.2.1 НЕЕДНАКВОСТА ВО ПРИХОДИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Нивото на нееднаквост во Македонија систематски не е анализирано, иако постојат извори, домашни и меѓународни, кои обезбедуваат доволно статистички информации за да се направи една таква анализа. Помеѓу нив се информациите од Државниот завод за статистика (годишните извештаи за работната сила, структурата на примањата на вработените, сиромаштијата, како и месечните извештаи за просечните месечни плати по сектори на активности), понатаму, од Управата за јавни приходи (анализите на годишните даночни пријави), од Светската банка (нејзините податоци за удели-те во приходите по квинтили и децили, како и Џини индексот) итн. Во оваа студија ќе ги прикажеме резултатите од најрелевантните методи за анализа на нееднаквоста: споредбата помеѓу највисоката, просечната и минималната плата, категоризацијата на вработените според нивото на нето-плати, уделот во приходите по квинтили и децили и Џини индексот.[44]

***Табела 1. Просечни најниски и највисоки нето-плати месечно***

| Година | Просечна нето плата | Највисока нето плата | Соодност највисоки/најниски |
|---|---|---|---|
| 2010 | 19.957 | 3.496.231 | 1:175 |
| 2011 | 20.553 | 3.763.802 | 1:184 |
| 2013 | 20.765 | 5.079.128 | 1:245 |

*Извор - Државен завод за статистика, „Просечна месечна исплатена нето - плата по вработен"; Управа за јавни приходи, Анализи на годишните даночни пријави 2008-2011; Сопствени пресметки.*

Како што може да се види од Табелата 1, соодносот помеѓу просечната и највисоката бруто-плата енормно порасна во периодот 2008-2011 година. Во

[44]Anthony Giddens, Институт задемократија, солидарност и цивилно општество, Скопје – 2002 третиот пат: обнова на социјалдемократијата, Страница, 55

2008 година највисоката бруто-плата беше 48 пати повисока од просечната бруто-плата, додека во 2011 година таа беше 185 пати повисока. Разликата е уште поголема кај нето-платите. Табелата подолу ги прикажува просечните и највисоките не-то плати во периодот 2009-2011 година. Ако во 2011 година соодносот на просечната и највисоката бруто-плата беше 1:185, соодносот помеѓу просечната и највисоката нето-плата беше 1:245[45].

Тоа што највисоката нето-плата е 245 пати повисока од просечната нето-плата фактички значи дека оној што зема просечна плата треба да работи 245 месеци или 20 години и 5 месеци за да прими само една месечна плата на најплатениот менаџер во 2011 година.

Споредбата со минималната плата е уште пофрапантна. Минималната плата од 8.050 денари, воведена во повеќето сектори во 2012 година, е 631 пат пониска од највисоката плата во 2011 година. Со други зборови, работникот кој зема минимална плата треба да работи 631 месец, односно 52 години и 7 месеци за да заработи само еднамесечна плата на најплатениот менаџер во 2011 година.

Во Македонија правото на пензионирање по навршувањето 40 години работен стаж за мажи и 35 години за жени, беше укинато во 2005 година. Па сега е можно мажите да работат максимум 48 години, а жените 46 години. Дури и да работат максимален број години според законот, ако примаат минимална плата, нема да можат да заработат нитуедна месечна плата на најплатениот менаџер во 2011 година.

Анализираните податоци во претходните поглавја покажуваат дека Македонија е водечка земја во Европа во однос на општествената нееднаквост и дека, следствено, за очекување е дека би имала високи нивоа на здравствени и социјални проблеми[46]. Авторите Ричард Вилкинсон и Кејт Пикет

[45]Anthony Giddens, Институт задемократија, солидарност и цивилно општество, Скопје – 2002 третиот пат: обнова на социјалдемократијата, Страница 59
[46]Anthony Giddens, Институт задемократија, солидарност и цивилно општество, Скопје – 2002 третиот пат: обнова на социјалдемократијата, Страница 62

ги набројуваат следните индекси на категории за да ги објаснат ефектите од нееднаквоста: нивото на доверба, менталните болести (вклучувајќи ја зависноста од droги и алкохол), должината на животот и смртноста кај новороденчињата, проблемите со дебелината, образовните перформанси на децата, стапката на раѓање кај тинејџерите, самоубиствата, бројот на лица кои се затворени, општествената мобилност. Достапните статистички податоци за Македонија не обезбедуваат целосен или релевантен увид во проблемот на општествената нееднаквост.

## 2.3 МЕСТО НА ЗНАЕЊЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ЕНДОГЕНИТЕ МОДЕЛИ НА ЕКОНОМСКИОТ И ОПШТЕСТВЕН РАСТ И РАЗВОЈ

Ендогените модели на растот наоѓаат повеќе можности за истакнување на ефектите на економијата и обемот како и константните или дури растечките маргинални приноси и фактори. Тие не подразбираат веројатност на конвергенција, ниту достигање на доглотрајниот рамнотежен раст, туку спротивно, истакнување на растечките нерамнотежи кои се сметаат за основен образец на економското напредување на земјата и регионот[47]. Наместо амбиенти на перфектна конкуренција, во која економските субјекти ќе ги зголемат своите функции и цели, за теоретичарите на ендогениот раст и развој, состојбата на нецелосна конкуренција во Македонија е реалноста каде амбиентот во однос на релевантните економски анализи, мора да се подобри[48].

Нивната клучна порака е дека не мора во економското опкружување безусловно да се реализира стабилната стапка и урамнотежен раст и развој,

[47] Извор - https://books.google.mk/books?id=galFCzv4WSsC&printsec=frontcover&dq=social+cohesion+and+education&hl=mk&sa=X&redir_esc=y#v=onepage&q=social%20cohesion%20and%20education&f=false

[48] Anthony Giddens, Институт задемократија, солидарност и цивилно општество, Скопје – 2002 третиот пат: обнова на социјалдемократијата 47

како што е случајот со неокласичниот модел[49]. Растот по високите стапки од рамнотежата може да биде одржлив, земајќи предвид дека во ендогените модели растот е оспорен како еден од клучните односи за истакнување на опаѓачкиот принос и факторите кои влијаат на истиот. Различните економски опкружувања, не мора безусловно сепак да конвергираат. Истакнувањето на неопаѓачките приноси и факторите на истите, се поврзани најчесто со ефектите на "учење преку работа"; "прелевање преку знаење"; со активностите на истражувања и развој во општеството.

Првата група на ендогени модели на растот е можноста за неопаѓачкиот принос на капитал да се врзува за истакнување на ефектите на учење преку работа и прелевање на знаењето. Во овие рамки се смета дека новите идеи проследени со исходот од употреба на старите идеи, односно истите настануваат во текот на извршување на производни активности. Поединците со тоа се подобри со поголемо производство, додека на ниво на економските гранки, производниот процес овозможува секој производувач да учи и од искуствата на сите останати производувачи.

Земајќи предвид хипотезата за прелевање на знаењето, во текот на последната деценија од минатиот век, се оживува и интересот за макроекономска теорија која ги истакнува есенцијалните проблематики на економскиот раст и развој со каков што се соочува Република Македонија. Овде се констатира дека и покрај фактите дека производната функција за секое поединечно претпријатие може да има стандардна неокласична форма, на макро ниво не мора да дојде до истакнување на законските регулативи и рамки на опаѓачките приноси.

Тоа по повеќето автори на дадената област, е возможно благодарение на фактот дека ефикасноста на факторите на капиталите на поединечните економски субјекти може да растат поради зголемување на акциите на

[49] Џејмс Миџли (2012) – Социјална заштита во глобален контекст, Арс Ламина, Скопје, ИСБН : 608-229-359-2.

физичкиот капитал и во другите субјекти[50]. Накратко, инвестициите во физичкиот капитал го генерираат истакнувањето на позитивните екстерни ефекти, кое значи дека во економијата како целина не делува тенденцијата на опаѓачкиот принос на фактори. При тоа, од есенцијална важност во обликување на ваквиот став е процесот на генерирање на новото знаење. За разлика од физичкиот капитал, кој се добива од порано создадениот продукт со константните приноси во однос на величината, новото знаење е резултат на истражување кое има опаѓачки принос во однос на величината.

Ваквите објаснувања на економскиот раст и развој и покрај ефектите по основа на учењето преку работа, апострофираат преку важноста на интеракцијата меѓу луѓето земајќи предвид дека го водат истакнувањето на ефектот на прелевањето на знаењето. Директните интеракции меѓу субјектите бара географска близина, кое значи дека можностите за трансфер на знаењето најмногу е големо на регионално ниво. Во своите трудови за растечките приноси и долготрајниот раст од крајот на минатиот век, добро познатиот Ромер го експлицира моделот на раст во кој клучна улога игра токму комплексот на знаење.

Физичкиот капитал во Македонија е оскуден од факторот на раст и како таков неминовно е подложен на истакнување на законот на опаѓачкиот принос. Според тоа, зголемувањето на физичкиот капитал не може да биде гаранција на долготрајниот економски раст и развој. Спротивно, идеите и знаењето не подлежат на законот на опаѓачките приноси. Луѓето, поседуваат неограничена способност за реконфигурација на физичкиот капитал создавајќи на тој начин нови обрасци на нивното користење, кое придонесува кон растот на продуктивноста и забрзување на економскиот раст и развој.

Заклучокот од ова е дека доколку Македонија има тенденција да го поддржи економскиот раст и развој, тогаш мора да имплементираат сеопфатни

[50] Извор - https://books.google.mk/books?id=gb1AzQIFnKwC&printsec=frontcover&dq=social+cohesion+and+education&hl=mk&sa=X&redir_esc=y#v=onepage&q=social%20cohesion%20and%20education&f=false

мерки за субвенционирање на процесот на зголемување на социјалниот и интелектуалниот капитал. При тоа, важно е да се спомене и ставот дека клучниот генератор на економскиот раст и развој не ги мерат државите, туку меѓусебната конкуренција на претпријатијата. Претпријатијата пак, од своја страна се наметнуваат со најразлични иновации денес.

Иновациите сепак, мора да бидат креирани во економскиот субјект, од едноставна причина што истите се добиени до опкружувањето и претставуваат јавно добро. Тоа значи дека иновациите се потенцијално секогаш достапни за сите па дури и за конкуренцијата. Разбирливо, доколку сите претпријатија во индустрискиот сектор може да употребуваат иновации, ниту едното не може да стекне конкурентна предност. Клучниот генератор на економскиот раст и развој по Ромеровиот модел претставуваат акции на човечкиот капитал

Другото подрачје на анализа на ендогениот раст ја истакнува важноста на активностите на истражување и развој. Идејата всушност се потпира на повеќето автори и нивните ставови, како Шумпетер, по кој очекуваната заработка ги покренува поединците понатаму да истражуваат и иновираат, додека комерцијалната валоризација на истражувачко – развојните резултати поврзани во различните облици на иновации доминантно профилираат економски раст и развој во земјата.

Разликата во односот на претходното објаснување на суштината на ендогениот раст е карактеристичниот став дека постоењето на монополистичката или олигополистичката положба кои се типични за Македонското опкружување, ги поттикнува и приморува претпријатијата да ги насочуваат сопствените финансиски средства во повеќеризични активности на истражување и развој. Се претпоставува дека ваквиот пристап им обезбедува стимуланси на иноваторите за да се бават со креирање на нови продукти, нови услуги и нови идеи и процеси.

Постоењето на монопол и олигопол во Македонија, над применувањето на знаење, дури и да биде со привремен карактер како што е случајот со

монопол, овозможува дека вложувањата во истражувачко-развојните и иновативни активности не ги истакнуваат опаѓачките приноси. Неконкурентноста на знаењето како добра значи дека производството и користењето на истите не може да се препуштат исклучително на силите на пазарот.

Според тоа, граничните трошоци од користење на знаењето од страна на економските субјекти, кои го поседуваат во Македонија е нула, кое значи дека цената за рентирање на знаењето на пазарот е еднаква сеуште на нула. Во овие рамки, јасно е дека не е возможно на основа на постоење на исклучително приватни интереси да се објасни настанување на новото знаење.

Од тука потекнува дека знаењето мора да се продава по цена која е над граничните трошоци, односно стекнување на ново знаење мора да се подржи со непазарни мерки[51]. Накратко, знаењето е неконкурентно добро, но истовремено поседува и приватни исклучоци, кое значи дека е возможно да ги спречи останатите да го користат.

Меѓутоа, идејата станува прифатлива доколку се тргнува од претпоставката дека К содржи и човечки капитал. Клучната карактеристика на АК моделите е негирање на опаѓачкиот принос на капитал во друг рок. Оваа производна функција исто така имплицира константност на просечниот и граничниот продукт на капитал. Доколку егзистира стабилната состојба, тогаш соодветната стапка на раст на коефициентот е техничка опременост на работата како константна по дефиницијата. Позитивната рамнотежна вредност значи дека коефициентот на техничката опременост на работата може да расте без било какви ограничувања. Теоријата на социјалниот, интелектуалниот, човечкиот капитал исто така може да послужи како основа за важни одлуки во рамките на јавната политика особено во рамките на социјалната кохезија и подобрување на социјалната вклученост и еднаквост поттикнувајќи го економскиот раст и развој.

[51] Vlado Puljiz, Gojko Bežovan, Teo Matković - Socijalna politika 2008 – Hrvatska, str.61

Македонија како земја која е сеуште во развој има недостиг од повеќе нешта – добри канализациски системи, ефикасен транспортен систем, капитални инвестиции во земјоделството и индустријата. Меѓутоа, најдобрата примена на инвестициските фондови можеби повеќе не е градење на мостови, системи и патишта, туку во човечкиот капитал и образованието.

Студиите денес покажуваат дека приносот од инвестициите во образованието е исклучително висок во земјите во развој. Добивките од основното и средно образование често ги надминуваат и добивките од конвенционалните инвестиции.

# 3. ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ И НЕГОВОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ СОЦИЈАЛНИОТ И ЕКОНОМСКИОТ РАСТ И РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 3.1 РАЗВОЈОТ НА ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

Со оглед на тоа дека основното образование во траење повеќе од осум години е задолжително за сите граѓани на Република Македонија, тенденцијата е да се продолжи и средношколското образование, кое секогаш било и сеуште е актуелно прашање кое се имплементира под самиот поим и значење на образованието и идеалот кој стои зад ефективното функционирање на ваквиот систем.[52] Во главно, образовниот систем во Република Македонија е поврзан со процесот на учење и конечното применливо знаење. Повеќето критичари од денешниот образовен процес и едукација воопшто истакнуваат дека[53]:

- *Неопходното школување во земјата сеуште не е обележано со ригорозни одделенски-предметно-часовни системи;*
- *Наставата е премногу ориентирана кон работата на учителите и на реализација на училишните програми;*
- *Начинот на оценување е непримерен;*
- *Содржината на наставните предмети е сеуште далеку од современото европско живеење;*
- *Курикулумот е претежок за значителен дел на училишната популација, особено за помладата генерација.*

Во рамките на педагошките поими, Мијатовиќ истакнува дека образованието во секоја земја има повеќенасочно значење и тоа како институција, како процес, содржина и резултат на организираното учење. Со

---

[52] Извор - https://books.google.mk/books?id=EvYxzGNPrvAC&pg=PA13&dq=social+cohesion+and+education&hl=mk&sa=X&redir_esc=y#v=onepage&q=social%20cohesion%20and%20education&f=false

[53] Čudina-Obradović, M. (1995). Psihološka utemeljenostinstitucionalnog predškolskog odgoja. Napredak, 136(1),

цел да може да се увидат бенефициите од ефективноста на образовниот систем во земја како што е Република Македонија, потребно е да се увиди поимот и важноста на самиот образовен систем и начинот на кој истиот се развива.

Преку имплементација на образовниот систем, се стекнува со разновидни знаења, вештини и навики кои развиваат когнитивна способност кај самиот поединец. Образованието може според тоа да се истакне како интернационално, дидактичко осмислено и системско организирано учење односно искуство на поединецот кој се забележува во растот на квантитетот и квалитетот на знаењето и вештините за развојот на одредените способности и насочени делувања во општественото опкружување. (Јелавиќ, 2000, 09)

Образованието во Република Македонија се однесува со примена и унапредување на знаењето на млади, како и на возрасни генерации, кои овозможуваат првично во претшколскиот процес пристап на младите кон културата и општествените случувања. (Миларет, 1992) образованието најчесто значи процес.

Преку ефективен образовен систем се водат младите од страна на постарите генерации со цел развој на физичките, интелектуалните и моралните својства и обележја кои од една личност ги бара општеството и заедницата за која самата личност се подготвува да делува продуктивно и корисно[54].

Во земјите како што е Република Македонија, воспитанието и образованието различно се именуваат и имаат различни одредувања и насоки. На основа на повеќето насоки, воспитанието е неговата повеќезначајаност и тоа на образованието како општествена дејност, како и образованието како процес, содржина и резултат. Содржината на образованието, го одразува

[54]Gojko Bežovan – 2004 – Civilno drustvo, Hrvatska, str.58-62

времето односно периодот како таков во самата имплементација на структурната содржина на наставните програми. [55]

Образовните содржини со текот на времето се ревалоризирани менувајќи се според општествените, економските и политичките прогреси и случувања. Со цел да се рефлектираат општествените промени и да се одразуваат на надворешниот свет, учењето со различни содржини претставува сфаќање и прилагодување на економските, културните, социјалните и технички промени во едно општествено опкружување, односно заедница.

Токму на овој начин, преку ефективното делување и функционирање на образовниот систем, се потврдува степенот на продуктивен раст и развој на едно демократско општество. Всушност, функционалните и нефункционалните содржини ја условуваат непримереноста и нецелосноста на образовниот процес каде крајниот резултат се прикажува не само преку индивидуите кои се инволвирани и посветени на овој процес, туку и преку општествениот, културен, економски и социјален поредок.

Образованието и ден денес се гледа како општествена категорија која е во паралелна врска со потребите на производството на материјалните добра, степенот на развој на науката и технологијата, со идеологијата која во него ги вградува нивоата на целите и со политичкото уредување на самата заедница. Во минатото, резултатот на образованието и тоа доброто образование била послушен и елоквентен човек со енциклопедиско знаење, денес, акцентот се става на активен, креативен граѓанин – демократ, со акцент на сеопфатното образование на поединецот, особено на развојот на способноста на самоодлучување и соработка со цел решавање на дадените проблеми и адаптирање на непредвидливите промени.

[55] Ćulum, B., Ledić, J. (2010), Civilna misija sveučilišta: Element u tragovima? Rijeka: Filozofski fakultet u Rijeci,ст.p57

## 3.2 УЛОГАТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО СОЦИЈАЛНИОТ ПРОГРЕС ВО МАКЕДОНИЈА

Поголем дел од стручната литература и повеќето современи автори сугерираат на тоа дека едукацијата и образованието се силно поврзани со варијабилноста на социјалните случувања и исходи, како што е благосостојбата на граѓаните, посилните социјални и цивилни движења и инволвирања, како и редуцирање на криминалното и девијантно однесување[56]. Помал број на студии, понатаму сугерираат и дека образованието има повеќе позитивен ефект на повеќето од овие социјални случувања и околности[57]. Уште поважно, од регулативна перспектива, образованието се покажа како релативно ефективно трошковен систем за подобрување на здравјето и редуцирање на криминалот од страна на надлежните институции[58]. Ваквите гледишта сугерираат на тоа дека интервенциите насочени кон подобрување на образовниот систем може да бидат значително со мали трошоци за надлежните институции и да заземат поголем размер на позитивни резултати врз социјалната благосостојба и подобрување на социјалниот, општествен поредок. Всушност, образовната политика може да влијае и да игра круцијална улога во подобрување на општествената и социјална политика и дејствување во една земја како што е Република Македонија.

Образованието всушност им помага на индивидуите да бидат повеќе информирани и да донесат компетентни одлуки со овозможување и имплементирање на информации, подобрувајќи ги своите когнитивни способности зајакнувајќи ги своите социо-економски вештини и знаења, како што е само-ефикасно делување, социјални вештини за комуникација и продуктивно однесување.

---

[56] Puljiz, Vlado, et al. (2005.) Socijalna politika. Zagreb: Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu,стр.02-16

[57] Ćulum, B., Ledić, J. (2010), Civilna misija sveučilišta: Element u tragovima? Rijeka:Filozofski fakultet u Rijeci,стр.91

[58] Easterly,W., Ritzen, J., Woolcock, M. (2006). " Social Cohesion, Institutions and Growth", Working Paper, Number 94, The Center for Global Development,стр.13-71 http://cgdev.org.488elwb02.blackmesh.com/sites/default/files/9136_file_WP94.pdf

Како такво, образованието може значително да им помогне на повеќе индивидуи да следат поздрав животен стил на живеење, да управуваат поефективно со своите ресурси и своето време, да го зголемат својот интерес кон политичките и социјални проблеми во заедницата, како и да ги истакнат дополнителните бенефиции од продолженото образование.

Покрај тоа, образованието може да понуди идеално опкружување за децата да може да ги развијат своите здрави, социјални навики и активно да учествуваат во продуктивни настани во општественото опкружување. Во овие рамки, отворените наставни програми, креативниот пристап на едукативните работници во извршување на нивните образовни задачи, кои бараат повеќе вклучување на младите генерации во цивилните случувања во општеството и школската етика, промовираат и поттикнуваат активно граѓанство кое може да биде кондуктивно и да резултира со посилна цивилна партиципација од младите на денешнината.

Меѓутоа, за образовниот систем да може со својата имплементација и реализација да влијае позитивно врз животот, размислувањето, однесувањето и навиките на младите генерации, потребно е да добие поддршка не само од надлежните, владини институции, туку и од самото блиско опкружување на општеството, односно од опкружувањето на младите ученици и студенти. Доколку блиското опкружување, пријатели, роднини, па дури и семејството, го деградираат постојано работењето на образовните институции, омаловажувајќи го напорот на наставните програми кон инволвирање на младите генерации во продуктивно размислување и слично, истакнува бариера меѓу ефективноста и позитивните резултати на образованието врз младите генерации. Според тоа, како што образованието влијае врз општествениот поредок, не ретко се и моментите кога самото општествено опкружување може да влијае врз квалитетот на образовниот систем.

Всушност, родителите и сите останати кои се инволвирани во општествените случувања мора да имаат предвид да остават простор за квалитетниот образовен систем да влијае позитивно врз оформување на

нивните деца, млади, со цел да се подобри нивната социјална умешност, вештина, продуктивност и креативно размислување. Дури и децата кои започнуваат во претшколската настава опремени со основните вештини и персонални доблесни однесувања се многу повеќе способни истите да ги надградат и усовршат, каде ваквите однесувања се учат само во домашни услови, во блиските општествени кругови на семејството и останатите блиски.

Според тоа, со ваквото двонасочно делување на општественото опкружување и на образовниот систем, значително може да се подобри социјалната кохезија во ваквата заедница. Земајќи предвид дека одреден број на деца во Република Македонија потекнуваат и од рурални области на земјата, каде не се во можност да учествуваат во воспитување и оформување на основните вештини на однесување, подоцнежното претшколско, основно образовно едуцирање игра огромна улога во нивниот натамошен социјален, психолошки и физички, продуктивен раст и развој.

### 3.2.1 ВАЖНОСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ПОЛИТИЧКАТА ПИСМЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Македонските пристапи кон поттикнување на образовната писменост мора да се разбере во рамките на специфичниот социјален, политички и економскиот контекст во кои истите имаат еволвирано во текот на изминатите години. Најпрвин, "писменоста" како поим, изгледа дека е термин кој сите го разбираат. Меѓутоа, овој термин е концепт кој докажано е комплексен, динамичен, продолжувајќи да биде интерпретиран и дефиниран на различни начини. Аспектот и погледите на самите македонски граѓани, за тоа што значи да се биде писмен или неписмен, се наоѓа под влијание на разни академски истражувања, институционални агенди, национални идеали и контексти, културни вредности, како и од личните искуства. Во рамките на академските истражувања и области, теориите за писменоста имаат еволвирано од оние фокусирани само на промените во индивидуите, до целосно комплексни

погледи насочени кон многу повеќе обемен социјален и политички контекст, кој дополнително ги охрабрува и овозможува активностите и практиките во областа на поттикнување на ваквата писменост меѓу граѓаните на Р. Македонија.

Познато е дека личниот, индивидуален развој иницирaн преку писменоста денес, претставува многу повеќе од само осознавање на општествените норми и прописи. Писменоста се однесува и на креирање на општественото опкружување во чии рамки индивидуата ќе може да го развие својот целосен потенцијал водејќи продуктивен, креативен и слободен живот во рамките на своите интереси и потреби. Развојниот процес на писменоста во областа на социјалните и политички напредоци во самата земја, се однесува на слободата на избор за одредување на своите општествени вредности кои се имплементираат во опкружувањето во кое граѓаните живеат и работат[59].

Според тоа, социјалната и политичка писменост е многу повеќе од само поттик за економски раст и развој, однесувајќи се претежно и на имплементирање на слободата на избор и информирање на секој човек поединечно. Фундаментален фактор за поттикнување на ваквите избори е градењето на човечките способности и вештини – обемот на нештата и активностите кои луѓето можат да ги реализираат во склоп со нивните потреби и желби за само-реализирање. Основните вештини и способности на човечкиот развој се базираат на тоа да се води долг, здрав и просперитетен живот, да имаат знаење, да имаат пристап до сите извори кои се потребни за овозможување на достоинствени стандарди на живеење, како и да бидат способни да партиципираат во сите општествени случувања и активности.

Без овие основи, човекот особено, граѓаните во Република Македонија, нема да бидат способни ниту да ги осознаат, ниту пак, да дојдат до слободните

[59] Извор-
https://books.google.mk/books?id=EvYxzGNPrvAC&pg=PA13&dq=social+cohesion+and+education&hl=mk&sa=X&redir_esc=y#v=onepage&q=social%20cohesion%20and%20education&f=false

избори, со тоа што ќе испуштат многубројни можности за живеење на достоинствен живот.

Во последните неколку години, учењето, писменоста, започнува да се става во рамките на економската логика која доминира со светот, на основа на полето на образовниот развој. Меѓународно, моменталните доминантни трендови ја поврзуваат денес писменоста со социјалните, политички и економски благосостојби, со подобрување на благосостојбата на екстремно сиромашниот народ, како и со имплементирање на стратегија за поттикнување на сите деца да може да бидат писмени на даденото поле на развој.

Сепак, придонесот на писменоста во социјален контекст, особено кон капацитетот за промена на човечките животи во земја како што е Македонија, истовремено остава простор да влијае позитивно и врз нивните приходи, вработувања, благосостојба и слично, чиј процес не е толку едноставен како што изгледа.

Денес, основната писменост не прави голема разлика помеѓу добивање и не-добиваање на работно место. Невработеноста е исклучително висока во Република Македонија, каде голем број на образовни студенти и ученици не се сеуште вработени, мигрирајќи надвор од земјата и тоа секојдневно одлучувајќи се на ваков чекор.

Всушност, еден од темелните елементи за развој на демократска, политичка култура во Република Македонија а со тоа и поттикнување на делотворна демократија е активното граѓанство. Современата демократизација на македонското општество, подразбира дека поединците на кои влијае одредена одлука треба да ја имаат истата можност да влијаат на нивното донесување во општественото опкружување. Меѓутоа, за да може граѓаните на Македонија да учествуваат во социјални и политички ставови и донесување на одлуки, треба да имаат развиени вештини, компетенции, конкретни знаења, способности и умешност за учествување во општествената и политичка заедница. Граѓанската и меѓучовечка компетенција во Европската

референтна рамка[60] имплементира клучни компетенции за доживотно учење, препознавајќи се како една од осумте темелни компетенции, вклучувајќи го учеството во општествениот и политичкиот живот и на пазарот на трудот, на основа на развиените вештини и познавање на општествените и политички поими и структура. Земајќи предвид, Македонската тенденција кон европеизација, ова е основата од која надлежните институции е потребно да тргнат и да се фокусираат кон продуктивниот развој кон подобрување на политичката и социјална писменост.

Специфичните политички знаења, како и вредносните ставови кои претставуваат едно од основните појдовни точки за присвојување и преземање на улогите на граѓаните во општественото, демократско опкружување, се содржат токму во подобрување на концептот на политичката писменост. За секое демократско општество денес и неговиот поредок, од голема важност е високото ниво на политичка и социјална писменост на граѓаните, особено на младите, зависно од зрелоста, во процесот на совладување на политичката улога или на основа на нивно интензивно практикување.

[60] Европска регулатива- 2006/962/ЕС

## 3.3 СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА, ВОСПИТУВАЊЕ – ОБРАЗОВАНИЕ

Социјализацијата, воспитувањето и образованието во Македонија се единствените и меѓусебно условени процеси кои во реалноста влијаат еден на друг. Нивното раздвојување и разликување е возможно од теоретските и дидактичките причини. Како што се присутни и различните анализи на значење и опфатноста на поимите на воспитување и образованието, на сличен начин може да станува збор и за несогласноста во согледување на односите на социјализација, воспитувањето и образованието[61]. Од социолошки аспект на социјализација, личноста по обемот е најширок поим додека воспитувањето е потесен поим од социјализацијата, а поширок од образованието.

Од дидактички аспект, воспитувањето е најширок педагошки процес и поим кој во себе содржи потесни процесии и поими. Од социолошки аспект, социјализацијата ги опфаќа целосните процеси на трансформација на биолошкиот човек и општественото битие, имплементација на поединецот во општеството. Воспитувањето опфаќа свесни, интернационални и организациски активности на општеството на подготовка на поединецот за преземање на општествените улоги, како и поттикнување на вкупниот раст и развој на самата личност[62]. Образованието како најтесен поим, во овој контекст, претставува процес на присвојување на знаење и вештини кои самите поединци ќе ги користат при решавање на своите практични проблематики.

Во таа смисла, воспитувањето и образованието претставуваат две страни на единствен наставен процес кој придонесува кон растот и развојот на личноста во целина. Додека воспитно – образовниот процес систематски е организиран и институционализиран, процес на социјализација кој опфаќа

---

[61] Arif Tanović. (1972). Bertrand Rasel: filozof i humanist ,Veselin Masleša. Sarajevo, Страница 116

[62] Извор - https://books.google.mk/books?id=Q1Wip2wozh4C&pg=PA22&dq=social+cohesion+and+education&hl=mk&sa=X&redir_esc=y#v=onepage&q=social%20cohesion%20and%20education&f=false

всушност интенционални и неинтенционални влијанија на развој на личноста и трае во текот на целиот живот[63].

Под социјализација се подразбираат сите влијанија на општеството и неговите единици, на поединците со кои се подготвува за преземање на сите општествени улоги кои му припаѓаат и со кои ја создаваат својата личност, го развива својот инвалидитет. Поединецот во тоа не реагира само како биолошки и механички туку и активно и креативно.

Процесот на социјализација го вклучува и процесот на индивидуализација, персонализација, под кој се подразбира ангажирањето и способноста на самите поединци да се развиваат во рамките со сопствените потреби и можности[64]. При разгледување на процесот на социјализација, потребно е да се укаже на важноста на процесот на култивација, кој од социјализацијата се разликува само теоретски, иако во реалноста овие процеси се единствени.

Култивацијата опфаќа процес на присвојување на духовните и материјалните творештва на општествата. Тоа присвојување се врши за поединецот да се подготвува за преземање на општествените улоги, за да се изгради неговата личност, бидејќи ниту социјализацијата не е возможна преку другиот метод како преку култивацијата. Затоа, Милош Илиќ (1991,18), смета дека секој човек за да може да се социјализира, и да ја пренесе културата која ја прима понатаму, мора да доживее соодветна подготовка и влијание од општествената заедница во која живее и работи.

Во таа смисла под социјализација на личноста се подразбира процес со чија помош одреден поединец или општествена група се интегрира во своето општество и ја прима општата култура од опкружувањето, а освен тоа се оспособуваат и натаму се развиваат неговите способности за социјализација

[63]Zvonimir Baletić - Koncepcija regionalnog gospodarskog razvitka,1999 –Србија, страница 72-77
[64] Esping - Andersen, Gøsta et al. (2001. a) Kakva socijalna država za XXI stoljeće? – Konvergencije i divergencije europskih država. u: Revija za socijalnu politiku, Sv. 8, Br. 3. http://www.rsp.hr/ojs2/index.php/rsp/article/view/203/207

за да се пренесуваат понатаму. Во социолошките разгледувања на процесот на социјализирање, се зголемуваат влијанијата на општествената средина во формирањето на личноста и анализата на различните фактори на социјализацијата, семејството, училиштето, врсниците, средствата на масовните комуникации, професионалните групи и слично.

Во тој контекст, се застапени проучувања на различни облици на социјализација, примарни, секундарни, маргинални, рана социјализација и слично, каде често се истакнува важноста на примарната социјализација. Овде се нагласува и раниот период на развојот на детето кое ги присвојува основните норми на однесување. Овој процес во главно се одвива во семејството кое претставува јадро на социјализацијата и развојот на личноста. Социјализацијата овде претставува процес на енкултурација која означува присвојување на обрасците на однесување на одредена култура во која се живее.

Воспитувањето на децата според тоа, во семејната, блиска заедница влијае на нивното надградување на социјални ставови, кои се во процес на секундарна социјализација проширувајќи се во рамките на имплементацијата на воспитно-образовниот систем и другите општествени заедници. Воспитувањето според тоа, се истакнува како предмет на проучување на различните дисциплини и доминантната педагогија. Како најширок педагошки процес и поим, воспитувањето се однесува на сето она кое луѓето свесно, намерно, систематски и организирано го преземаат на планот на формирање на личностите, како она кое го организира општеството во однос на испитаниците. Во овие рамки влегува и сето она кое една личност го презема кое се развива и формира во околности на едно конкретно општество (Трнавац, Ѓорѓевиќ, 2001, 29) како што е македонското.

Образованието во овој контекст се одредува како потесен процес и поим, како јадро на целокупниот процес на воспитување кој го сочинува темелот и основата на воспитување на личноста. Воспитно – образовниот процес треба да придонесе пред се, кон развојот на личноста во целина,

коевоедно се поставува и како педагошко барање кое треба да се реализира[65]. Според тоа, воспитувањето опфаќа систем на влијанија и активности кои се вршат од страна на општествената заедница, условите за поттикнување на развојот на личноста и креативната активност која овозможува процес на самоформирање на личноста. Во таа смисла, воспитувањето се одредува како индивидуален и како општествен чин, односно како процес на градење на самата личност и како општествено-историски процес исто така.

Како општ облик на историското постоење на човекот, воспитувањето со своето траење и значење трансцендира одредба на воспитување како професионална општествена дејност. Институционалното организирано воспитување има потесно значење и го сочинува составниот дел од вкупниот процес на воспитување. Апострофирајќи го единството и меѓузависноста на воспитувањето и сознавањето, воспитувањето се истакнува како најголем и најкомплексен проблем кој стои пред секој човек, каде секоја личност не е ништо друго освен она кое воспитувањето ќе го направи од него.

Според тоа, македонските млади генерации е потребно да се воспитуваат и за идејата која стои зад човештвото, хуманизмот, не само за сегашната туку и за една подобра идна состојба, каде воспитувањето е потребно да подразбира[66]:

- *Дисциплинирање – спречување на животинското во секоја единка;*
- *Култивирање – стекнување на умешност и учење на култура;*
- *Цивилизирање – запознавање на доброто и лошото, навиките кои се продуктивни во заедница;*
- *Морализирање – правилно избирање на крајните цели во животот и работењето.*

---

[65] Извор - https://books.google.mk/books?id=Q1Wip2wozh4C&pg=PA22&dq=social+cohesion+and+education&hl=mk&sa=X&redir_esc=y#v=onepage&q=social%20cohesion%20and%20education&f=false

[66] Ćulum, B., Ledić, J. (2010), Civilna misija sveučilišta: Element u tragovima? Rijeka:Filozofski fakultet u Rijeci,стр.48

Добрите цели се оние кои секој човек ги одобрува и кои истовремено може да бидат цели на било кој човек. Поимањето на култивацијата, цивилизирањето, морализирањето, се одредува на различни нивоа во процесот на индивидуалниот раст и развој на младите генерации во македонските заедници. Од тука, воспитувањето во воспитните наставни системи во училиштата во Македонија мора да истакнуваат негување и настава со образованието, додека образованието е потребно во себе да содржи ефективна наставна програма.

Меѓутоа, доброто образование, доброто воспитание исто така, може да се имплементира не само преку добриот систем, туку и преку добриот и ефективен наставен и образовен кадар. Воспитувачите и наставниците исто така имаат голема одговорност за ефективно имплементирање на образовниот систем кој е поврзан со правилната социјализација на младите генерации на Република Македонија. Токму поради тоа, ефективното обучување, едуцирање и информирање како и постојано надградување на вештините на едукативниот кадар во македонските училишта е од огромна важност, играјќи круцијална улога во оформување на идните генерации во македонското општество.

Токму од тука се истакнува и општествениот, социјален карактер на воспитувањето, каде педагошкиот идеал е дело на конкретно општество. Всушност, може со сигурност да се потврди фактот, доколку се води истражувањето на основа на хипотетските тврдења на Диркем (1991,77), македонското општество е тоа кое го отсликува портретот на човекот, младите за тоа какви треба да бидат во иднина, а во тој портрет се одржуваат сите специфичности на неговата организација.

Воспитувањето во овие рамки, се имплементира како средство со чија помош општеството ги имплементира своите услови за сопствената егзистенција, продолжувајќи ја и зајакнувајќи ја хомогеноста на своите членови. При одредбите на целите на воспитниот систем, секој поединец треба да постигне сопствен можен степен на совршенство, односно складен раст и развој на своите човечки, социјални способности. При тоа, воспитниот систем

се одредува и како делување на генерациите кои се возрасни, врз помладите генерации кои сеуште не се доволно социјално развиени за општествениот живот и во него да придонесуваат.

Според тоа, основната цел на секој образовен систем во секоја земја како и во Република Македонија е да се оспособат идните генерации да може да придонесат со своето однесување, размислување, работење кон општото добро и доброто за општествената заедница во која функционираат и дејствуваат.

Токму овде може да се најде уште една нишка помеѓу социјализацијата – воспитувањето, образованието, односно важноста на образовниот систем за натамошниот општествен поредок.

Ефективното образование има за цел кај сите деца, млади генерации да создава и развива физички, интелектуални, морални состојби кои од него ќе бараат вклучувајќи го и политичкото и социјално општествено опкружување, продуктивно однесување.

Според тоа, еден поединец во македонската заедница има вредност само доколку е продуктивен дел од системот и доколку придонесува кон неговото успешно функционирање и прогресивен поредок. Укажувајќи на важност на моралното образование, едукацијата, се истакнуваат три основни морални елементи – духот на дисциплината, одрекувањето и духот на автономијата. Духот на дисциплината бара склоност кон регуларност која ја бараат нормите на општествената средина во која живее поединецот, духот на одрекување и духот на автономијата бараат одредено служење, ставови, цели на самиот поединец како дел од општественото опкружување.

Меѓутоа, необразованиот, неписмениот човек, претставува огромен проблем за општествената заедница, каде истиот може во многу ниска мера да придонесува активност кон општествениот поредок, раст и развој. Според тоа, нишката меѓу ефективниот образовен систем кој мора да се овозможи еднакво за секој, е во тесна врска со иднината на еден општествен, политички и

економски раст и развој, кое дополнително ќе се докажува во рамките на подолу имплементираното истражување.

## 3.3.1 ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СОЦИЈАЛНАТА И ПОЛИТИЧКАТА ПИСМЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НАПРЕДНО ДЕМОКРАТСКО ОПШТЕСТВО

Политиката претставува основен, незаобиколен елемент од едно здраво, општествено дејствување. Демократското начело претпоставува дека секој поединец потенцијално зафатен со одредена колективна одлука треба да има еднаква можност да влијае на самата одлука. За ваквото начело да биде делотворно, поединците мора да имаат права да учествуваат во колективното донесување на одлуки, односно мора да бидат припадници на "демосот[67]". Меѓутоа, покрај тие права, поединците мора да поседуваат и знаење и способност за донесување на автономни, продуктивни одлуки за поединечните прашања и случувања, односно мора да постојат услови и способност за практикување на активно граѓанство во едно општество како во Република Македонија.

Формалното постоење на основните права, иако воопшто неважно, всушност малку вредат доколку се изостанува нивното автентично имплементирање и уживање од страна на македонските граѓани. Во рамките на политичките аспекти и теоретски рамки, може да се разликуваат неколку различни одговори на прашањето за важноста на политичката писменост на граѓаните за ефективно функционирање на демократските системи во македонската заедница.

Ваквите одговори се исклучително слични во сегментот на дијагностицирање на постоечката состојба, односно во процената на

[67] Anđelko Milardović - Političke stranke u doba tranzicije i globalizacije – 2006, Centar za politološka istraživanja, Zagreb, Стр. 217

постоечките нивоа на политичка писменост, разликувајќи се во прескрипцијата на реагирањето на постоечката моментална состојба. Поголемиот дел од политичките стручни лица, го уважуваат општото право на глас како еден од клучните институти на демократските политички системи, во главно се сложуваат и околу тоа дека најголем дел од популацијата не е способен да расправа за сложени политички проблеми во македонската заедница.

Преглед на историските факти и политички мисли, сведочи дека постоела низа автори кои тематизирале за улогата на образованието во подготовката на граѓаните за учество во јавниот општествен живот особено во македонската заедница. Според тоа, да се создаде власт за народот, секако е корисна работа, но да се опреми една цела нација за владеење е уште покорисна и продуктивна работа за здраво, демократско општество денес.

Овде може да се истакне фактот дека постоењето на образовани македонски граѓани е неизоставен услов за исправно функционирање на јавноста, бидејќи само адекватно образованите за самите граѓани може да ја исполнуваат целосно својата улога во зачувување на демократски, републикански облик на владеење.

Долгите расправи за политичкото образование добива на значење со процесот на проширување на правото на глас, особено со имплементација на институтот на општото право на глас на секој граѓанин во земјата. Во ситуација во која сите граѓани ја добиваат можноста, барем посредно, да учествуваат во управувањето на политичка заедница чии членови се тие, е исклучително важно прашање во кое се мери способноста за таа политичка улога на самите граѓани.

Според тоа, образованието, особено политичкото образование, започнува во расправите да станува се поинтензивно наведувајќи ги како еден

од можните одговори на тоа прашање – поставувајќи ја политичката писменост како предмет на научно политиколошко бавење[68].

Политичката писменост подразбира поседување на знаење, способности и ставови кои се потребни за ефективно учество во политичкиот живот на секој здрав и продуктивен, современ човек. Со концептуализацијата на овој феномен, може да се нагласи фактот дека поседувањето на повисоко ниво на знаење за политиката, не е доволно, туку мора да биде поврзано со подготвеноста и способноста и за политичко делување.

Доколку социјализацијата во овој степен, се гледа како процес кој ги опфаќа сите оние влијанија на општеството на младите и возрасните луѓе, на основа на која се вклопуваат во општественото опкружување, како процес преку кој луѓето "се развиваат и растат", одредената политичка социјализација, аналогно на тоа би било процес на растење на младите и возрасните граѓани во политиката како специфична и крајно важна област на општествениот поредок[69].

Додека самиот поим на социјализација се однесува на целокупен, сложен механизам на интегрирање на поединецот во општеството како целина, политичката социјализација тогаш, се однесува на интеграција во една специфична димензија на општеството – политиката. Во рамките во кои политиката се истакнува како незаобиколна појава на современиот, денешен живот, тоа е и процес на политичка социјализација. Тој концепт е составен земајќи предвид фактот дека луѓето не се раѓаат со вродените знаења и ставови и вредности за политиката.

На таа основа, политичката социјализација во македонското општество може да се дефинира како процес низ кој македонските граѓани ќе се запознаваат со политичкиот систем и политичката сцена во земјата,

---

[68]Anđelko Milardović - Političke stranke u doba tranzicije i globalizacije – 2006, Centar za politološka istraživanja, Zagreb Стр. 199

[69] Vidaković, M. (2011): Permanentno obrazovanje u organizacijama kao intelektualni kapital društva, Udruženje „Tehnologija i društvo", Beograd,стр5-09

истовремено тој процес ќе може во одредена мера да ги детерминира нивните перцепции и нивните реакции на одредениот политички феномен. Политичката социјализација може да се земе предвид и од перспектива на општеството како целина, каде се гледа како процес на пренесување на одредена политичка култура, каде од аспект на поединецот во чии рамки се набљудува како процес на стекнување и развивање на едно политичко "ја" на одредениот граѓанин како дел од општественото и политичкото случување[70].

Очигледно е дека во рамките на истражувањата на дадената политичка социјализација како најважен фактор се смета семејството, училишните установи, масовниот медиум и политичките странки, со кои тогаш поединечните автори се истакнуваат и ги насочуваат нивните специфични фактори на дејствување.

Токму овде се зема предвид улогата на образовниот систем во процесот на политичката социјализација. Во наставните предмети како што се биологија, хемија, учениците се движат од нула, односно не поседуваат никакви предзнаења. Додека пак, на страна на образованието за политиката, учениците, поради влијанијата на останатите надворешни фактори на политичката социјализација, најчесто имаат и претходно изградени ставови и знаења.

Всушност, важноста и улогата на политичката писменост и социјализација при функционирање на демократските политички системи брзо наведува на заклучокот како е очигледно дека само знаењето не е доволно за квалитетно функционирање на демократските политички системи. Писменоста на основа на политичкото дејствување и социјализација може да потекнува како самостојно, смислено одговорно учество на граѓаните во политичкиот процес. Самите политички процеси се неоспорен фактор кој влијае врз натамошниот раст и развој на едно демократско општество.

[70] Sen, A. (2002): Razvoj kao sloboda, Filip Višnjić, Beograd,стр.50-53

Всушност, во рамките на политичката социјализација, треба да се истакне дека зголеменото ниво на политичка социјализација кое се поттикнува од зајакната политичка писменост на граѓаните, може да се изгради и имплементира само на основа на зголемена социјална кохезија.

Според тоа, намаленото ниво на политичка писменост во Република Македонија, не може и не остава простор за зголемување на политичка социјализација, граѓански активности, бидејќи е намалена првично социјалната кохезија во самото општество. Овде со сигурност се истакнува фактот дека во однос на политичката социјализација, Република Македонија има бариера преку намалено ниво на социјална кохезија, за да може демократски да се развие од сите страни на општествените поредоци и случувања.

Очигледно е дека дури и таков релативно едноставен чин на политичко делување, како што е гласањето, претпоставува и ја истакнува важноста на поседување на релативно важни количини на информации, валидни информации и едукација. Освен тоа, доколку граѓаните треба да ги прифатат и интернализираат демократските ставови и вредности, претходно мора да ги познаваат и разликуваат од вредностите на останатите политички режими и механизми на делување.

Со самото тоа, политичката социјализација е значи, позитивно поврзана со останатите навистина важни и круцијални димензии на политичката и социјалната култура како што е заинтересираноста за политиката, чувството на политичката ефективност, политичка толеранција, приврзаност за демократските ставови и вредности.

За жал, политичкото знаење и политичката социјализација е значително, целосно занемарена тематика во рамките на македонското општествено знаење и едукација. Според тоа, ова истражување претставува само мал пионерски обид за зафаќање на актуелната состојба на политичката социјализација и писменост, истакнувајќи ја истата, како важен фактор кој исто така има голем удел во подобрување на социјалната кохезија и

имплементирање на социјалната еднаквост во Македонија. На таа основа, имплементирањето на социјална кохезија и социјална, општествена еднаквост меѓу македонските граѓани не е возможна во не-демократско развиено општество, додека пак, недемократско развиено општество, може да ги пушти своите корени подлабоко, доколку во заедницата постојат игнорантни, нееducирани и политичко, социјално-неписмени граѓани, кои на некој начин несвесно, го злоупотребуваат своето право на гласање, реализирајќи го без претходни познавања на политичките случувања, шеми, механизми и сцена[71]

На таа основа, образованието уште еднаш ја потврдува својата круцијална улога која ја игра во рамките на градење на општествената еднаквост, како и политичката социјализација и политичка писменост која со нејзино имплементирање, може значително да влијае позитивно врз општествениот, економскиот и секако, социјалниот и политичкиот напредок на македонската заедница во целина.

[71] Stošić, Biljana Menadžment inovacija u ekonomiji baziranoj na znanju, Menadžment, FON, Beograd(2006):,стр.65-66

## 3.4 СПЕЦИФИЧНОСТИ НА ИНКЛУЗИВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Поврзаноста на општеството и образованието, како и педагогијата и социологијата, е невозможно да се заобиколи и истражува која се зема предвид било која проблематика во областа на општествениот поредок, социјализацијата како и воспитувањето. Структуралната функционална теорија на социологијата училиштата ги одредува како модел на едно општество, центар за социјализација на поединецот, кој е дел, елемент на општествениот систем во Република Македонија. Еден социјален, образовен систем го сочинуваат сите негови учесници и тоа – учениците, наставниците, родителите, раководството, менаџментот на училиштето, стручната служба, како и надлежните институции во дадената област.

Симболичкиот интеракционизам е микросоциолошка насока која ги проучува внатрешните механизми на човечкото однесување и делување[72]. Основата на истражувањето на овој феномен се темели на микроанализата на општествената група, образовниот систем во секојдневната интеракција меѓу нејзините членови. Интеракцијата се основа на процесот на комуникацијата преку смисловните симболи и нивната интерпретација. Човечката природа е факт дека се развива од општествената природа, на основа на взаемно прилагодување и создавање на организирано општествено однесување. Всушност, општественоста е пресудна важност и има јазик со кој поединецот се обраќа кон самиот себеси и кон другите во заедницата.

Во самиот процес на социјализација, најголема важност има интернализацијата со другите, каде се презема улогата на другите и се развива општествено и индивидуално. Истото се трансформира, меѓусебно поврзува и создава една посебна целина која ја сочинува личноста, како член на одреденото општество и култура. Целта на педагогијата, односно воспитувањето во рамките на социјализацијата, интеракционистичката

[72] Zvonimir Baletić - Koncepcija regionalnog gospodarskog razvitka,1999 –Србија, страница 72-77

теоретска рамка е рамнотежата на личниот и социјалниот поединец преку активности и интерактивности во една група. Истата се реализира во процес на комуникација и интеракција со сите членови. Јазикот, комуникацијата, во функција на развој на самосвесна личност игра круцијална улога во социјализацијата, а јазикот е првото нешто кое се учи во училиштата. Училиштата се одредени според однесувањето на своите учесници, во процесот на наставниот програм и неговата имплементација, кои како институција ги класификува постигнувањата на учесниците на основа на нивната интеракција и резултатите од нивното размислување и однесување.

Со самото тоа, носителите на наставниот процес имаат улога на социјална контрола и тие трајно ги поставуваат параметрите на успешноста кај учениците. Образовните институции имаат моќ на одредување на добро, лошо, позитивни, негативно, наоѓајќи се во улога на арбитра. Во најголема мерка наставниот кадар се носителите на авторитет, тие се оние кои имаат можност да одлучуваат и со тоа носат голема одговорност.

Општествениот систем и системот на образованието, според симболичкиот интеракционизам и социјализацијата, ја истакнува комуникацијата како функционална, градба на правилниот систем на вредности. Со оглед на тоа дека наставниот кадар се лидерите на наставниот процес и креатори на социо-емоционалната клима во образовните институции, користејќи ја важноста на оваа позиција, преку секојдневна комуникација низ интерактивна настава, ги поттикнуваат младите генерации максимално да ги реализираат своите потенцијали, да развиваат и да го доведат во рамнотежа на општественото и индивидуалното во нив. Со имплементација на варијабилни стратегии на образување и едукација, како и влијание на формирање на социјални вредности, во голем дел од нивното работење, придонесуваат кон решавање на проблеми и подобрување на животот на сите деца еднакво каде ги оспособуваат да бидат дел од општествениот живот.

Според тоа, инклузијата во општествено опкружување како што е Република Македонија, особено во рамките на образовниот систем е од голема

важност за имплементација на социјална и образовна еднаквост во општеството.

Социолошкиот контекст на разбирање на инклузивното образование во Република Македонија опфаќа и поголемо сфаќање на инклузијата, која се основа во рамките на граѓанската демократија. Затоа денес во процесот на инклузија се имплементираат и процеси на развој на демократија во општеството и во образовниот систем во Македонија. Тоа е процес со кој се обезбедува секое лице, без оглед на искуството во животот, условите во кои живее, може да се реализира и да ги оствари своите потенцијали, односно да биде продуктивен во општеството во кое живее и работи.

Според податоците на Центарот за економија и социјална инклузија во Европа[73], инклузивното општество се карактеризира со намалување на нееднаквоста, рамнотежата меѓу правото и обврските на поединецот, зголемување на социјалната кохезија. Од тука, токму инклузивното образование има огромно влијание врз зголемување на социјалната кохезија и во Република Македонија.

Инклузивното образование е можност за градење на подобро општество, кое се одредува како стратегија чија цел е унапредување на инклузивното општество во кое сите деца, возрасни, без оглед на нивниот пол, возраст, менталниот развој, способностите кои ги поседуваат, етничката и верската припадност, сексуалното определување, потешкотиите кои ги имаат поради болести и слично, може да учествуваат во него и да го дадат својот придонес.

Вака оформеното општество не подразбира целосна еднаквост, туку, без оглед на наведените разлики, сите да имаат еднакво право и можности за да припаѓаат во општеството и да придонесуваат во економските, социјалните, културните, како и политичките активности. Само на овој начин сфатената еднаквост во македонското општество, ќе претставува спротивност на секој облик на сегрегација, изопштеност, дискриминација, стереотипизација,

[73] Центар за економија и социјална инклузија ЕУ, 2002,

придонесувајќи кон социјална и просторна неизопштеност и недискриминација. Социолошкото сфаќање и важноста на инклузијата се огледува во одредувањето дека инклузијата мора да се применува како општествено движење во македонската заедница.

Социолошкото имплементирање на инклузивното образование во Македонија, е потребно да се истакне и како систем на трајни и преносливи диспозиции кои ги вклучуваат сите претходни искуства и дејствуваат како матрица на запазување, вреднување и делување(хабитус). Диспозицијата на хабитусот се стекнува во детството, во семејството во образовниот систем, додека културната диспозиција со која се обликува хабитусот не се пренесува свесно, туку преку сугестии во безначајни активности, ситуации и практиката од секојдневноста.

Моментот кога децата ги присвојуваат во млади години, културните диспозиции само продолжуваат да се развиваат и да делуваат во нив и преку нив. Инклузивното движење во образованието во Македонија дефинитивно ќе придонесе кон надградување на демократското општество и социјална кохезија, бидејќи образованието има сеуште голема моќ и сила да придонесе и да поттикне општествени, позитивни промени во македонската заедница.

Република Македонија во рамките на ратификацијата на релевантните меѓународни документи, се истакнува и воведување на државните рамки за политика и процедура на воведување на инклузивното образование, но усогласувањето на законските регулативи сеуште се одвива многу бавно и отежнато поради комплексноста на структурите кои ги носат одлуките во Македонија.

Инклузивното образование во Македонските опкружувања се подразбира под тоа дека училиштата треба да ги прифатат сите деца без оглед на нивните физички, интелектуалните, социјалните, емоционалните, јазичните и другите особини. Ова особено се однесува во македонскиот систем за деца со онеспособени карактеристики, инвалидност, или пак со надарени

деца, деца кои живеат на улица, деца кои работат, деца од оддалечените и рурални средини и региони, деца кои припаѓаат на одредени јазични или културни малцинства, како и деца од други загрозени или маргинализирани подрачја или категории.

Со еден збор, инклузивното образование во Република Македонија се насочува кон тоа да се овозможи образовен систем на ефективна социјализација за сите деца за кои постои стравот дека може да бидат маргинализиран и целосно исклучени од општеството и заедницата.

Ваквиот концепт на образование во Македонија не се однесува само на ефективна интеграција на децата со посебни образовни потреби во формалниот систем на образование, туку вклучува и промени и модификации на содржината, пристапот, структурата и стратегијата на дејствување, со цел обезбедување на квалитетно образование за сите деца еднакво. Истовремено, овозможува на разликите да не се гледа како на проблем кој треба да се надмине, туку како на драгоцен ресурс кој го подржува образованието и воспитанието за сите еднакво.

Република Македонија има потпишано повеќе меѓународни договори за ефективен образовен систем кој државата ја обврзува да имплементира одредени образовни стандарди во земјата. Со почетокот на реформите на образованието, македонските власти уште од 2008 година на своите граѓани им ветија обезбедување и вклучување на децата со посебни потреби на сите нивоа на системот на образование.

При тоа, се ветија и собирање на податоците за децата со посебни потреби, како и проблеми со кои се соочуваат. Изработка на план на образование на заедниците во рамките на вклучување на учениците со посебни потребии осигурување дека учениците ќе ги едуцираат добро обучени наставници во адекватно опремени и ефикасно водени училишни установи. Како еден од резултатите на реформите на образованието, имплементирани се и пет законодавни регулативи во областа на образованието на државно

ниво, како и низа стратегии и акциски планови кои се однесуваат на политиката на инклузивното образование.

Еден од овие проекти е и заедничкиот проект во рамките на стандардите на Европската унија, од Советот на Европа, под наслов – Регионална поддршка за инклузивното образование во Југоисточна Европа. Проектот всушност се состои од неколку основни цели кои се однесуваат на поттикнување и поддршка на ефективноста и ефикасноста на имплементацијата на инклузивното образование во Република Македонија[74]:

- *Учење на едни од други меѓу пилот-инклузивни училишни установи*
- *Подигање на свеста за ова прашање преку организирање настани*
- *Овозможување на дијалог и информирање на релевантните политики*
- *Дефинирање на модули и програми за професионален раст и развој на наставниците*
- *Создавање на партнерства со регионалните чинители во целите на отстранување на бариерите за ранливите групи, групи кои имаат ризик од социјално исклучување и изолација од општеството.*

Во однос на исполнување на погоре наведените цели, во Република Македонија се поврзуваат три мрежи и тоа: Мрежите на наставниот кадар, Мрежите на политиките и Мрежите на училишните, образовни установи.

[74] Советот на Европа - Анализа на постоечките програми за обука за квалитетно инклузивно образование во регионот на Југоисточна Европа, Цирих, Извештај, 2012,

### 3.4.1 БЕНЕФИЦИИ ОД ИНКЛУЗИВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАСТ И РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бенефициите од ефективна имплементација на инклузивното образование се многу поголеми и не може да бидат фокусирани само на продуктивноста и ефективното едуцирање на децата, туку обемноста се проширува и по целиот општествен поредок. Позитивните ефекти од инклузијата кај еден поединец се истакнување на свеста за разликата, нудејќи ги можностите за сите да се образуваат квалитетно, не фокусирајќи се на нивните неспособности, инвалидитет и разлики од останатите[75].

Доколку со инклузивен пристап на еден одреден начин се размислува за децата кои се сметаат под ниво, и децата над ниво, во смисла на надарени деца, тогаш се нуди една огромна лепеза од едукативна содржина. Со имплементацијата на инклузивниот модел на образованието, се зголемува опфатот на децата од сите страни во образовно воспитниот систем, унапредувајќи се квалитетот на образованието, овозможувајќи им на децата професионално оспособување и осамостојување за продуктивен живот во заедница.[76]

Исто така и родителите, блиските на децата кои се вклучени во овие програми би добиле една сигурност, доверба, чувство дека не се издвоени, изолирани од страна на општеството, отстранувајќи им го чувството и ставот дека се оставени самите на себе, како што е сеуште случајот во македонските изолирани заедници и групи. Според тоа, со ефективната инклузија се зајакнуваат родителите а со самото тоа и тие се наоѓаат под помал стрес и повеќе способни со детето да остварат квалитетен однос, како и со блиската заедница, каде се мотивираат да дадат се од себе да бидат инволвирани во општествениот поредок и случувања.

---

[75] Gojko Bežovan - 2004 - Civilno društvo –Београд, Страница 41

[76] Easterly,W., Ritzen, J., Woolcock, M. (2006). " Social Cohesion, Institutions and Growth", Working Paper, Number 94, The Center for Global Development,стр.10

Исто така и децата кои се надвор од инклузивното образование, со ефективност на ваквите програми, би можеле да станат повеќе толерантни за разликите и помалку склони кон дискриминација, што значи дека инклузивното образование не влијае само на оние кои се директни учесници во истото. Истотака и нивните родители би добиле можност да формираат позитивни ставови кон сите еднакво во општеството без разлика на нивните видливи физички и психички, етнички разлики.

Со инклузивниот модел на образованието, наставниците би ги унапределе своите професионални компетенции во смисла на подобро познавање на специфичните потреби на децата од сите страни, и општ развој на потребите на ваквите деца. Наставниците добиваат можности за комплексно и сложено да пристапуваат на своето работење, каде на тој начин може да ги усовршат своите способности и да го кренат нивото на квалитетот на наставните програми.

Образовните институции низ поголем опфат на децата би добиле можност да го зголемат бројот на запишани млади генерации, да го унапредат својот квалитет на образовно воспитниот процес и на вработените да им понудат поголем обем на избор на програми за стручно усовршување. Локалната заедница исто така станува сервис за сите граѓани, учествувајќи во создавање на услови за поквалитетен живот на сите нејзини граѓани, кое посредно доведува до намалување на бројот на социјални случаи и растеретувајќи го и буџетот на намалените социјални давачки на семејствата.

Според тоа, за децата бенефициите од инклузивното образование се следните[77]:

- *Чувство на прифатеност како член на одредена заедница*
- *Отстранување на стравот дека се различни од останатите*

[77] ПОЛИТИКИ И ПРАКТИКИ НА МАПИРАЊЕ ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО КОНТЕКСТ НА СОЦИЈАЛЕН И КУЛТУРЕН ДИВЕРЗИТЕТ, ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - 2013

- *Разбирање на предизвиците со кои се соочуваат врсниците и учењето дека може да ги надмине проблемите*
- *Учење да соработува и да понуди поддршка на сите без разлика на нивните карактеристики и способности*
- *Развиваат пријателство со поширок круг на врсници*
- *Развиваат вештини на комуникација и социјализација, имајќи и повеќе различни искуства*
- *Индивидуализирано подучување и нови средства кои позитивно влијаат на мотивацијата и успехот во училиштето*
- *Стекнуваат нови вештини и знаења кои не се планирани во редовните програми а се исклучително корисни*
- *Унапредување на знаењето, преку подучување на своите врсници*
- *Има повеќе можности да бидат сфатени и прифатени од заедницата*

Додека пак, за родителите, бенефициите се следните:

- *Имаат можност да развиваат реални ставови кон можностите и идниноте на своите деца*
- *Запознавајќи ги децата и родителите кои се различни од себе, каде подобро ги разбираат нивните специфичности и развиваат позитивни ставови, без дискриминирање*
- *Ги согледуваат проблемите со кои се соочуваат и другите деца и родители*
- *Учат како да дадат поддршка на други, различни родители односно развиваат родителска солидарност, преземајќи активности во училиштата и заедницата за општото добро*
- *Даваат позитивен пример на своите деца како да растат во одговорни, продуктивни граѓани*
- *Може да очекуваат повеќе разбирање за своите лични проблеми или проблеми на своето дете*

- *Не се чувствуваат напуштено од општеството, имаат повеќе доверба во надлежните институции, кое ја поттикнува нивната продуктивност*

При тоа, со имплементација на инклузијата во образованието, бенефициите и предностите кои ги имаат училишните, образовни институции се следните[78]

- *Се почитуваат права на децата и се развиваат демократски вредности во даденото опкружување*
- *Се развива училиштето како квалитетна средина за учење на сите деца во кои се уважуваат индивидуалните способности и специфични потреби на секое дете*
- *наставниот кадар и педагошката служба ги унапредуваат своите професионални знаења и практика*
- *се развива тимско работење*
- *се унапредуваат формите и квалитетот на соработка меѓусебно и со семејствата*
- *се проширува соработката и со локална заедница и надлежните релевантни институции*
- *се унапредува средината за учење, средствата за работење, методологијата и содржината на едукативната настава*
- *образованието се унапредува со тоа што установите учествуваат во демократски раст и развој на општественото опкружување во македонската заедница.*

Со инклузивното образование и државата и општеството постигаат реализација и имплементација на пропишаните стратешки цели и во целина

[78] Огнен Спасовски, Ебен Фридман 2013 - ПОЛИТИКИ И ПРАКТИКИ НА МАПИРАЊЕ ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО КОНТЕКСТ НА СОЦИЈАЛЕН И КУЛТУРЕН ДИВЕРЗИТЕТ,

стануваат далеку поквалитетни во своето функционирање. Во овие рамки се истакнуваат и останати предности и бенефиции и тоа[79]:

- *се почитуваат и реализираат правата на сите граѓани*
- *се развива во рамките со демократските принципи и општествени вредности*
- *децата се развиваат во продуктивни членови на заедницата – повеќе се самостојни и придонесуваат и кон економскиот раст и развој, а помалку се потпираат на поддршка од државата*
- *подобро се користат стручните ресурси во заедницата – меѓусебно подучување и поддршка на стручните разни профили*
- *поголема општествена, социјална кохезија*

Ставот на сите учесници во овој процес[80] бил дека доколку инклузијата биде добро припремена и попратена со соодветните законски рамки и регулативи, како и преку добро обучување на наставниот кадар, многу мали се можностите инклузијата да делува негативно на било кој дел од општествените околности и области.

Меѓутоа, отпор кон вакво нешто во македонските заедници, може да се очекува од страна на дефектолозите во Македонија кај кои постои стравот дека на тој начин може да останат и без работа. Исто така, постои и стравот за односот на учениците со различни способности, однесувања, етницитети, како на пример учениците без пречки во развој кон децата со посебни потреби и слично. За да се избегнат можните проблеми од ваквите прашања, потребно е претходно да се осмислат неколку стратешки планови и на време да се имплементира соодветна кампања и ефективни стратегии и активности.

Поради погоре наведените фактори, во Македонија е потребно да се подржи и инклузивното и специјалното образование. На пример, детето кое

[79] Easterly,W., Ritzen, J., Woolcock, M. (2006). "Social Cohesion, Institutions and Growth", Working Paper, Number 94, The Center for Global Development,,стр.28
[80] Огнен Спасовски, Сафет Балажи, Ебен Фридман Извештај подготвен од SCIENTER и Центар за образовна политика, ЕУ 2013

има потешки физички проблеми ќе биде многу посреќно без регресивни модели на однесување доколку се запишат во специјалните училишта. Тогаш се поставува прашањето дали родителите ќе се посреќни позадоволни ако детето се вклучи во специјализираните програми за на него прилагодени, доколку дома се врати со петка насмеано или да оди во редовно училиште по секоја цена и да е шиканирано, омаловажувано и да се враќа секој ден дома со солзи. Според тоа, се смета дека е потребно да се имплементира "внимателна инклузија" во образованието, а не инклузија по секоја цена.

Инклузијата е потребно да води кон задоволство и среќа на родителите и децата, доколку тоа не се исполни тогаш нема причина за таков чекор. Сепак потребни се големи промени, земајќи предвид моменталната состојба во Македонија во чии рамки е потребно да се обрне внимание на следните критериуми и услови[81]:

- *Ефективни реформи во Законот за основи на системот на образование и воспитување кои ќе бидат важни за инклузијата и подобрување на социјалната кохезија*
- *Акцентот да се стави на правото, исходите и стандардизацијата*
- *Покрај децата со пречки во развој, да се обрне внимание на припадниците на национални малцинства, акцент на поддршка на надарени деца, како и други поединци на кои им е потребна било каква дополнителна поддршка*
- *Јасно дефинирање на анти-дискриминаторски пристап*
- *Уписната политика да биде отворена за сите деца да се запишат, освен децата за кои родителите бараат упис во училишта за деца со пречки во развој и деца кои имаат потешки и поголеми тешкотии во развојот*

[81] Министерство за Образование и Наука - Инклузивното образование во рамките на „Училиште по мерка на детето"2010, Скопје РМ

- *Интересорни наместо комисија за одредување на децата кои се препорачуваат за дополнителна поддршка во наставната програма и учење*
- *Образовните установи да основаат ефективен, квалитетен и способен инклузивен тим*
- *Инклузивниот пристап мора да биде јасно назначен во документациите и регулативите на училишните установи, со конкретни планирани активности*
- *Начин на обезбедување на дополнителна поддршка за децата и изработка на IOP дефинирани правилници*
- *Испитување на децата со цел проценка на нивните потреби за дополнителна поддршка и ефективно следење и надгледување на нивните достигнувања и натамошен раст и развој*
- *Имплементирана ефективна улога на педагошки асистент*
- *Не може да се реализираат одделенија за учениците со пречки во развој, специјални одделенија во редовни училишта и со наставници кои немале искуство со такви деца*

Според тоа, Република Македонија и надлежните институции во дадената област, со цел ефективна подготовка за инклузијата, е потребно пред се да се послужат со “пилот“ одделенија со деца кои полесно ќе се прилагодат и на тој начин постепено и полека да се прилагодува опкружувањето на инклузија.

При тоа, треба полека да се работи на едукација и да се влијае на инклузијата да стане важна тема во јавноста во Македонските заедници. Кога станува збор за инклузија, треба да се сфати дека тука не станува збор само за образованието, туку и за здравството и социјалната заштита и треба да се работи на рана рехабилитација. Градинките тука играат голема улога, тука децата допрва ја стекнуваат раната емотивна свест и тоа рано детство е почетната станица каде треба да се имплементира инклузивна програма.

Целата приказна мора да започне со обврзаноста во правилниците и законските регулативи каде е важно да се оди процесно и да се почитува времето на младите. Дури има и случаи каде родителите се задоволни бидејќи нивното дете оди во редовно образование и е ставено во еднаков ред со сите останати деца, меѓутоа за жал, се забележува дека детето не е доволно среќно и не добива доволно образование колку би требало да добие и колку што може да добие во рамките на специјалниот систем на образование. Понудата би морала да биде поширока отколку што сега нуди редовното образование во Македонија.

Според тоа, приоритетите во рамките на ефективна имплементација на инклузијата во македонското образование е потребно да се стават на следните точки[82]:

- *Носење и имплементација на соодветни закони*
- *Сензибилирање на јавноста – медиумски промоции, образовни емисии, обука на вработените во училишните установи*
- *Донесување на јасно дефинирани стратегии*
- *Анализа на постоечката состојба*

Земајќи предвид моменталната состојба во Република Македонија, инклузијата може законски да се потпре на Уставот на Република Македонија кој гарантира еднакви права на образование за сите деца, на присвоените стратешки документи и потпишани од Конвенцијата на правата на детето. Исто така, добра основа може да биде и примери од добра практика во работа со деца со посебни потреби кои се веќе маргинализирани во општеството. Треба да се потпре како на примероците од Македонското општество, така и на примери од добра практика на соседните европски земји, земајќи го предвид начинот на кој другите земји го имаат решено овој проблем.

[82] Easterly,W., Ritzen, J., Woolcock, M. (2006). "Social Cohesion, Institutions and Growth", Working Paper, Number 94, The Center for Global Development,стр.93

Постојат повеќе европски земји кои имаат традиција кога станува збор за инклузивното образование, каде е потребно македонскиот образовен општествен систем да ги следни нивните примери и да учи од нивните искуства.

Сепак, моментално најмногу ја отежнува ефективната инклузија е непостоењето на инклузијата во Законот, односно не постои обврска на училишните установи за да ги запишат сите деца од опкружувањето. Сеуште пресудна одлука за тоа дали детето ќе биде запишано во редовна или специјална установа ја носат комисијата за категоризација рандомизирано изберени. Кога комисијата ја носи одлуката за детето кое не е за редовно училиште, родителите практично повеќе не може ништо да сторат во врска со тоа.

Покрај тоа, она кое исто така ја отежнува инклузијата во Македонија е недоволната информираност и предрасудите кои сеуште постојат како и стручната и материјална неподготвеност на предучилишните установи и училишните установи и нивните наставни кадри.

## 3.5 СПЕЦИФИЧНОСТИТЕ НА ФОРМАЛНОТО И НЕФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Граѓанското образование е еден од основните столбови на демократско, развиено општество. Изостанокот кај важните и продуктивни елементи на општествениот раст и развој, доведуваат до прашање за сама демократија, нејзините начела и резултати на повеќето нивоа[83]. Ставањето на човековите права и активното учество на граѓаните во рамките на образовниот систем го прави општеството плуралистичко, активно, инклузивно и отворено, додека неговите граѓани граѓанско одговорни и полноправни членови на заедницата, способни да донесат информирани и промислени одлуки за прашања кои се важни за општеството во кое живеат и функционираат[84].

Инволвирањето на граѓанското воспитание и образование во сите нивоа на општествениот систем, еднакво влијае и на нивото на учество на младите во општествените случувања, нивната партиципација во процесите на донесување одлуки, претставувајќи на тој начин еден од најважните предуслови за растот и развојот на секторот на младите, особено нивните општествени аранжмани. Она кое може да се оцени како подобар и позитивен напор во рамките на граѓанското воспитување и едукација, е имплементацијата на повеќето продуктивни и креативни чекори во формалниот образовен систем, каде се вклучуваат и повеќе сектори, со цел подобрување на формалното и неформалното образование во Република Македонија.

[83] Njavro, Djuro (1998.) Socijalna država. Osijek – Zagreb – Split: Panliber,стр.19-38
[84] Njavro, Djuro (1998.) Socijalna država. Osijek – Zagreb – Split: Panliber,стр.52=88

## 3.5.1 БЕНЕФИЦИИ НА НЕФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАСТ И РАЗВОЈ

Во последните неколку години, целокупното македонско општество се повеќе ја препознава вредноста на неформалното образование. Гледајќи го како учење кое се наоѓа надвор од институционалниот контекст, тоа е клучна нишка во концептот на целоживотното учење, а особено е важно во подрачјето на работата со младите генерации.[85]

Неформалното образование е структурирано, се темели на исходите на учењето, временски е дефинирано и намерно. За разлика од формалното образование, во главно не води до стекнување на диплома, но во последно време, се вложуваат и поголеми напори од страна на релевантните учесници во цивилниот и јавниот сектор за да исходите од неформалното образование формално бидат признаени. Неформалното учење е партиципативно и насочено на учениците, односно, како такво, силно одговара на индивидуалните потреби, желби и интереси.

Втора важна карактеристика на неформалното образование вклучува врсничко учење и разновидност на пристапите, методите и сегментираните заедници. Во денешното македонско општество, постојаните промени и глобализацијата, го истакнуваат образованието како клучен инструмент во исполнување на повисоките општествени цели. Инаку, во формалниот образовен систем во главно се истакнува учење за диплома и свет на работа, а неформалното образование, има предвид како поширок општествен контекст.

Неформалното образование овозможува на младите луѓе присвојување на знаење и вештини придонесувајќи кон нивниот личен развој, социјална инклузија и активно граѓанство. Учеството во активностите на неформалното

---

[85] Ćulum, B., Ledić, J. (2010), Civilna misija sveučilišta: Element u tragovima? Rijeka: Filozofski fakultet u Rijeci,стр.68

образование придонесува на разни начини усвојување на неколку клучни компетенции во рамките на доживотното учење и тоа[86]:

- *Способност за комуницирање на мајчин и странски јазик*
- *Разбирање и користење на знаење од математика, наука, технологија, информатичка писменост,*
- *Способност за учење*
- *Општествени и граѓански вештини*
- *Претприемничка иницијатива и размислување*
- *Интеркултурна компетенција*

Во рамките на работењето со младите, неформалното образование особено се насочува на поттикнување на активното учење во општеството, приватниот развој општествената кохезија, кое еднакво го поврзува со целите на образованието за човековите права и демократско граѓанство.

Според тоа, неформалното образование носи огромна круцијална важност и за демократскиот општествен раст и развој, придонесувајќи многу повеќе кон имплементација на општествената еднаквост, транспарентност и солидарност. Едукацијата, активностите и информациите чија цел е градење на универзална култура на човековите права е демократско граѓанско едуцирање. [87]

При тоа, образованието за човековите права и вредности не претставува само знаење за човековите права и механизмите на нивна заштита, туку настојува да ги развие и усоврши и вештините кои се потребни за промоција, примена, заштита и имплементација, уважување на човековите права во секојдневни професионални и приватни случувања. На овој начин може да влијае на развојот на ставовите, вештините на самите граѓани, кои преку нивното продуктивно однесување може да влијаат на демократизација на

[86] Easterly,W., Ritzen, J., Woolcock, M. (2006). "Social Cohesion, Institutions and Growth", Working Paper, Number 94, The Center for Global Development,стр.391

[87]Дефиниција според Светската Програма за образование на Обединетите Нации - 1992

општеството и во проширување на продуктивни, креативни идеи за одговорно и активно демократско граѓанство, односно - однесување.

Образованието за демократизацијата, демократско однесување, е основа за адресирање на пример за повреда на човековите права, превенција на кршење на истите, борба против дискриминација, борба за еднаквост и поттикнување на активностите и партиципацијата на граѓаните во демократскиот процес на донесување на одлуки. Образованието за човекови права и демократското граѓанство содржи три основни димензии и тоа[88]:

- *Учење за човековите права – кои се човековите права и кои механизми се нивна заштита*
- *Учење низ човековите права – разбирање на контекстот и организација на образованието за човековите права и важности за образование за човекови права како процес усклaден со темелните вредности на културата – партиципацијата и слобода на изразување*
- *Учење за човековите права – преку развивање на вештини, ставови и вредности кои се темелат на културата за човековите права и уважувања на основа на слобода за сите*

Вака сеопфатното и широко делување на целите и димензиите на воспитувањето и образованието за човековите права и демократско граѓанство е голем предизвик за современите образовни заедници како и за самото општество во целина. Имајќи предвид специфичностите на формалното и неформално образование, неформалното образование е моментално со подобри можности да одговори на потребите на еден граѓанин да биде еднаков во заедницата и да придонесе со своето продуктивно однесување кон подобрување на социјалната кохезија во самата земја.

[88] Ванеса С. – 2009, Исполнување на правото на едукација и образование за малцинствата и изолираните деца, кои се интернационалните, демократски стандарди? ЕУ, стр.38

Дополнителниот придонес на неформалното образование за демократски развој на едно општество и ефективно имплементирање на квалитетна социјална политика во македонската заедница, во споредба со формалниот образовен систем е во профилот на едукаторите, наставните кадри. Неформалната едукација во главно ја имплементираат лица кои учествувале претходно во разни облици на креативно неформално образовни програми. На тој начин, системски се развиле компетентни за работата со млади како што е – прилагодливост, флексибилност, способноста за решавање на проблеми и тоа под голем притисок, умешност на лидерство, професионален однос кон работата и развивање на работни техники, подготвеност за тимско работење, и развивање на квалитетни меѓучовечки односи и информатичка писменост исто така. Сето ова е неопходно за имплементирање на ефективен образовен систем за демократското граѓанство подобрувајќи ја социјалната политика во една земја како што е Македонија.

### 3.5.2 ВРЕДНОСТА НА ФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ОПШТЕСТВЕН И ДЕМОКРАТСКИ РАСТ И РАЗВОЈ

Денешното општество бара одговори на нови потреби со кои се среќава во рамките на процесот на рушењето на тоталитарните општества, опаѓање на довербата на граѓаните во демократските институции и незаинтересираноста на младите во образовните институции и учење, масовни миграции и раст на плуралните општества, глобализираните промени, кризи на околните опкружувања, меѓунационални и меѓуетнички нетрпеливости, раст на насилство, тероризам, закани за глобалниот мир, општествена нееднаквост и слично.

Резултатите од истражувањата во Македонија, јасно покажуваат како македонското општество ги следи современите трендови и случувања. Земајќи

предвид погоре имплементираното истражување и анализа на политичката писменост и ставовите за пристапување на Македонија кон Европската унија, може да се види дека и покрај тоа што постои високо ниво на свест меѓу младите за важноста на демократизација на едно општество, сепак немаат доволно доверба во тоа дека образовните институции се способни да им го овозможат потребното знаење.

Според тоа, младите во Македонија, високо ги прифаќаат важностите на демократско развиено општество, на начелно ниво, но во конкретните животни околности, покажуваат значително поголемо непознавање и меѓусебно несогласување. Од тука, постои огромен јаз помеѓу современите предизвици на едно модернизирано транзициско општество и политичкиот систем во кој делува знаењето и вештините кои младите треба да ги поседуваат. Недостатокот на образование, едуцирање и знаење за основните општествени процеси, случувања, како и недовербата на младите во политичките, економските и образовните институции, води до целосна пасивизација на младата генерација во Македонија и тоа на две нивоа:

- *Младите не сакаат да учествуваат во промените во својата заедница*
- *Младите не поседуваат компетенција со која би можеле да станат квалитетни актери во општествените, продуктивни процеси*

Како решение на овој јаз, во последните неколку години се развиваат низа образовни програми кои во поголема и помала мерка им ја имплементираат идејата за човечкото достоинство, еднаквост, солидарност, човековите права и слободи одговорност на секој поединец за поттикнување на истите. Образовниот програм кој сеуште се развива во Македонија се темели на важноста на граѓанското воспитување и образование.

Главната цел на граѓанското образование е подготовка на информиран, активен и одговорен граѓанин кој преку учеството во процесите на одлучување,

ќе придонесе кон натамошен развој на демократијата и граѓанското општество. Освен разбирањата на темелните поими и начела, демократските власти, во рамките на односите на граѓаните и институциите на властите, неопходноста за заштита на граѓанските права и слободи, граѓанското образование ја истакнува потребата за развој на партиципативни вештини, лидерство, тимско работење и дијалог, како и приврзаноста на основа на вредностите на демократското општество и зајакнување на индивидуалната и колективна одговорност за стабилност на граѓанското општество[89].

Со оглед на сеопфатноста на целите на граѓанското образование, неговата интеграција во формалниот образовен систем подразбира користење на елементи од неформалното образование и со тоа да се влијае на позитивните промени во формалниот образовен систем. Во овие рамки се опишуваат четири модели на имплементирање на образовниот програм во училишните системи.

Во првиот модел граѓанското образование е дел од училишниот систем, но не се имплементира во формалниот училиштен курикулум како посебен предмет, туку тргнува од претпоставката дека учениците нееднакво ќе се стекнат со потребните знаења и вештини како последица на вкупниот процес на школување во рамките на сокриениот курикулум на установите кои делуваат како општествено-демократска заедница.

Вториот модел се разликува од претходниот по тоа што граѓанското образование еднакво се имплементира во рамките на формалниот курикулум иако и натаму не ги предвидува воведувањата на посебниот училиштен предмет. Граѓанското образование во овој модел се третира како меѓупредметно или транскурикулумско образовно начело кое треба да

[89]Gojko Bežovan - 2004 - Civilno društvo – Београд,

имплементира цел курикулум и да спроведува меѓупредметен пристап на одредени теми, не како посебен самостоен дел[90].

Во третиот и четвртиот модел кој се наведува во рамките на граѓанското образование, овој систем е составен дел од формалниот училиштен курикулум. Во третиот модел вкупното општествено образование на учениците се одвива низ училиштен предмет во кој основната задача е поучување на содржината на поврзаните подрачја на општествените науки. Според тоа, во рамките на куриукулумот се издвојува и еден предмет во кој, најчесто се интегрирани сознанијата од подрачјата на социологијата, политикологијата, економската и правната наука.

Во четвртиот модел, граѓанското образование во рамките на формалниот курикулум добива свое посебно место во облик на еден и повеќе школски предмети. Првиот и другиот модел бараат од секој наставен кадар да познаваат дадената област и во свој предмет да ги интегрираат содржината на политичкото, општествено, социјално образование, но тоа не е исклучителна одговорност на ниту еден од нив. Поради тоа, и се става во прашање нивната изедначеност, каде се нејасни и исходите и отежнато е проследувањето на процесот на нивна имплементација.

Предностите од третиот и четвртиот модел е во тоа што јасно се разредува на наставниот план и програм со кој се поучуваат учениците, одредено време кога се учат им се одредува учител кој го познава подрачјето за кое е задолжен.

Важноста на граѓанското образование во формалниот образовен систем се гледа во функционалните димензии на курикулумите на граѓанското образование. Ова подразбира делување на три димензии и тоа[91]:

[90] EUROSTAT – Социјалната кохезија и проблематиката на сиромаштијата и ниската писменост, 2004 – трансформативен репорт, Популацијата во ризик од сиромаштија, ЕУ, 2003

[91] Stošić, Biljana Menadžment inovacija u ekonomiji baziranoj na znanju, Menadžment, FON, Beograd(2006):,стр.4-13

- *Стекнување на граѓанско познавање;*
- *Развој на граѓански вештини и способности;*
- *Стекнување на граѓански ставови, еднаквости и вредности*

Меѓусебната испреплетеност на тие три димензии создава компетентен и активен демократски активен граѓанин кој поседува одредено познавање, како и вештини за да може да ги искористи продуктивно во секојдневните ситуации. На тој начин, секој поединец со своето продуктивно делување може да влијае на подобрување на сите процеси во општеството.

Со имплементација на ефективно граѓанско образование, во сите негови димензии, целосно ќе може да се трансформира формалниот систем во сите негови единици во кои одлуките ќе може да се носат на демократски начин и заеднички. Инаку граѓанското образование се состои од шест структурални димензии човечко – правна, политичка, општествена, економска, културна и еколошка[92].

Важноста на континуираното и системско вклучување на овие содржини во формалниот училиштен систем од најрано доба се наоѓа во сеопфатноста на корисниците на формалното образование. Познавањето на темите од подрачјето на системот на човековите права, еднаквост, функционирањето на политичките процеси, општествениот систем е неопходно за квалитет на живот на секој поединец ко живее во денешното променливо македонско општество.

Низ формалниот образовен систем во еден момент огромен дел од граѓаните со тоа што формалното образование е најпримерниот и најефективниот инструмент за создавање на цврста основа, темел а вистинско оживување на општествениот поредок и демократското функционирање на една земја[93].

---

[92] Nussbaum, Marta (2012): Ne za profit – zašto je demokratiji potreba humanistika, Fabrika knjiga, Beograd,стр.294-303

[93] . Obrazovanje i razvoj, zbornik radova, IDN, Beograd, 2013.стр.221-230

## 3.6 ОБРАЗОВАНИЕТО И НЕГОВОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЧОВЕЧКИОТ И СОЦИЈАЛНИОТ КАПИТАЛ ВО МАКЕДОНИЈА

Токму фактот дека образовната наука ги дава темелите за бројните натамошни насоки на растот и развојот на едно општество, така и во случај на социјалниот капитал, се истакнува улогата за негово зголемување низ воспитувањето (пренос на вредностите) како и образованието (стекнување на повисок степен на знаење и вештини). Доколку се одговори на прашањето каква врска има педагогијата, дидактиката со интелектуалниот, социјален капитал, тогаш веднаш ќе може да се воочи дека не постои јасно видлива нишка, бидејќи факторот на занемареност од страна на академската заедница и политичката елита е поткрепена од мизерно низок број на членови, книги, дискусии и други извори.

Многубројните студии денес, прикажуваат висока корелација меѓу социјалниот капитал и училишниот успех бидејќи учениците кои доаѓаат од семејството со низок општествен капитал, имаат и ниски образовни достигнувања. Образованието според тоа, е еден од главните покренувачи на социјалниот, интелектуалниот капитал. Доколку се земе предвид и фактот дека социјалниот, интелектуалниот капитал расте покрај фамилијарните заедници во пошироко општествено опкружување, додека образованието ги крева рацете од промовирање на социјалниот капитал, може со сигурност да се каже дека напредокот напросто не може да се случи во вакви услови.

Во сите дефиниции на човечкиот капитал, знаењето претставува негова клучна насока. Знаењето е збир на идеи, искуства, интуиција, вештина и учење кое се користи во креирањето на новите вредности. Целта е да се насочи кон зголемување на продуктивноста. Најголемата конкуренција всушност меѓу денешните организации и земји се одвива токму во областа на стекнување и пазарна валоризација на новите решенија кои се темелат на знаењето. Се испоставува дека вложувањето во знаењето во современите услови на економски раст и развој означува најисплатлива инвестиции на новиот век.

Најразвиените земји во светот, денес се државите кои имаат високо учество на издатоци на име на образованието во структурата на бруто домашниот производ[94].

Воспитно – образовните институции во Македонија, низ сите свои облици на работа, се должни да промовираат интелектуалниот капитал на начин на кој ќе се пренесуваат вредностите за добрата комуникација, интеракција, решавање на конфликтите, создавање на општествени контакти, дисциплина, групна работа и со тоа потекнуваат три димензии на интелектуалниот капитал кој доколку се поттикнат и развиваат, ќе може да создадат личност која ќе тежнее кон учество и соработка за решавање на општествените проблеми пред се.

Во денешното образование во Македонија може да се забележи како полека се тежнее кон индивидуализација и меѓусебниот натпреварувачки дух кое и не е неопходно лошо, но мора да се тежнее и кон групното работење, со кое ќе се развиваат разните комуникациски и интеракциски вештини, толеранција, трпение, сигурност, еднаквост, транспарентност и слично.

Доказот дека земјите на запад ја препознаваат многу повеќе важноста на теоријата за интелектуален капитал е токму во нивната иницијатива за во образовниот процес, директно или индиректно да се имплементираат самите активности кои ги развиваат компетенциите за зголемување на интелектуалниот капитал познато и како Бади проект.

Преку ваквиот пристап, уште од раните години, преку ефективното образование, кај младите генерации, кај децата се настојува да се разбуди веднаш демократско, граѓанско однесување, солидарност, обѕир кон останатите, емпатија, поттикнување на еднаквост и не-дискриминација.

Фактот дека образованието е значаен механизам во зголемување на интелектуалниот капитал, кој пак, влијае врз ефективно развивање на еден

[94] Stošić, Biljana Menadžment inovacija u ekonomiji baziranoj na znanju, Menadžment, FON, Beograd(2006):,стр,стр.11-19

општествен поредок, се забележува и преку нивната моќ да придонесат кон обнова и градење на довербата, множење на социјалниот капитал и зајакнување на социјалната кохезија, како и целиот концепт кој укажува на недоволната насоченост на високото образование и нивните составници кон цивилна мисија.

Според тоа, социјалниот, интелектуален капитал игра огромна улога во поттикнување на социјалната кохезија. Пристапот кон хуманиот раст и развој има за цел да ја зголеми и можноста за избор низ градење на човечките способности.

Ваквите способности се претставуваат како спектар на знаење во кои луѓето може да работат или она кое може самиот поединец да биде во иднина. Експанзијата на можностите за избор може да вклучат и нудење на подобар пристап кон знаењето, квалитетна прехрана и здравствени услуги, сигурни приходи, сигурност од криминал и физичко насилство, задоволувачки слободно време, политички и културни слободи и чувство на дел од активностите на самата заедница.

Социјалната вклученост и еднаквост настанува од самите интелектуални традиции кои се различни од оние од кои потекнува само хуманиот развој, но се делат на слични механизми на дејствување.

Самиот поим на општествената вклученост, преку ваквата призма на гледиште, се развива во рамките на контекстот на настојувањето на Европската унија да ја ублажи стапката на сиромаштија и невработеност и во тој контекст нај јасно се обработува. Социјалната вклученост има за цел да го реши проблемот на социјалната исклученост.

Ваквиот процес преку кој одредените поединци од македонската заедница се турнати на маргините на општеството и спречени да учествуваат во целост во општествените случувања, поради својата сиромаштија, недостаток на основни способности и можности за доживотно учење или како резултат на дискриминација од општеството, е значително голем проблем во

Македонија. Овој проблем, ги оддалечува македонските граѓани од вработување, приходи и образование, како и од мрежата на активностите во општеството и заедниците. Тие имаат намален пристап на моќта и телата задолжени за одлучување, со тоа се чувствуваат немоќно и неспособно да преземат контрола над своите одлуки кои влијаат на нивниот секојдневен живот.

Намалената социјална кохезија во Македонија, како повеќедимензионален феномен вклучува депривација на економската, општествената, културната и политичката сцена во македонската заедница. Процесите на социјалното вклучување според тоа, се обидуваат да се решат овие недостатоци, каде еден од нив е и зајакнување на интелектуалниот, социјален капитал.

Ваквиот процес може да обезбеди овие граѓани кои се во ризик од сиромаштија и социјална исклученост, да добијат можност и неопходни ресурси за во целост да учествуваат во економскиот, општествениот и културниот живот, како и да уживаат стандард на живеење и благосостојба која се смета за нормална во општеството во кое се наоѓаат. Овде е важно правото на поединецот за неговиот живот да биде поврзан и со неговото бавење како член на заедницата.

Предноста на концептот на социјалната вклученост/исклученост над пристапот базиран на сиромаштијата и другите материјални скратувања е нивното фокусирање на процесите, односно динамиката на интеракцијата меѓу поединецот и неговиот општествен, правен и економски раст и развој[95].

Прашање е дали личноста е во можност рамноправно да учествува во матичното општество кое ќе води во идентификување на бариерите кон тоа учество. Овие бариери се институционални, дискриминација, недостаток на инфраструктура и отсуство на услуги или во случај за лицето со инвалидитет,

[95] Stošić, Biljana Menadžment inovacija u ekonomiji baziranoj na znanju, Menadžment, FON, Beograd(2006):,стр.55

може да значат недостаток на физички пристап, при тоа бариерите во заедницата, предрасудите, маргинализацијата и личните бариери – недостаток на образование се едни од најпроблематичните во Македонија.

Различните популациски групи може да искусат различни облици на загрозеност кои може да се прикажат. Меѓутоа, со ефективно образование, едуцирање и добивање на знаење, граѓаните може да се спротивстават на ваквите бариери, кои бараат различни стратегии за нивно надминување.

На таа основа, може да се каже со сигурност, дека знаењето станува одлучувачки фактор на бизнис успехот и конкурентните предности на современите земји и општества. Развиените земји денес, во текот на последните неколку децении ги имплементирале процесите на се помала употреба на едноставен труд, суровина, енергија, со паралелно растечко користење на нови научни решенија и се пософистицирана опрема. Знаењето со тоа се дели на експлицитно и имплицитно, односно тивко знаење. Експлицитното знаење е потхрането во книгите и се добива со процес на образование. Во денешните услови на економски случувања, знаењето се повеќе поприма дигитализиран облик со кое се овозможува неговото релативно брзо присвојување од страна на заинтересираните субјекти

Имплицитното или тивко знаење е резултат на долгогодишно искуство и кумулирани вештини. Земајќи предвид дека е персонализирано, не е лесно да се дојде до него и често останува недоволно искористено. Преносот на имплицитното знаење е во принцип сложен и скап процес. Кај кодификуваното знаење, публикувано во шеми, формули и компјутерски кодови не станува дилема околу нивната интерпретација и значење. Односот меѓу нивоата на кодификација на знаењето и трошоците на трансферот е недвосмислен. Колку повисоко е нивото на кодификација на знаењето, трансферот е поекономичен под претпоставка дека примачот на знаење го разбира самиот код и

различниот контекст во кој знаењето се употребува. Овој трансфер на бара директен непосреден контакт со изворот на знаење[96].

Знаењето често има облик токму поради ова, на јавно добро во едно општество. Ова значи дека користењето на конкретното знаење од страна на една индивидуа не го намалува обемот и можноста од негова употреба од страна на неограничен број други лица. Ова особено се однесува на фундаменталното знаење. Истовремено користењето на знаењето од страна на неограничен број корисници не делува на намалување на неговите фондови. Всушност, може да биде и во функција на зголемување на вкупниот фонд на знаење, благодарение на ефектите на учење преку користење.

Меѓутоа треба да се има предвид дека е возможно и економската вредност на знаење да биде значително намалена во истовременото користење од страна на поголем број субјекти. Всушност, растот на понудата на конкретното знаење на пазарот, имитаторите може драматично да ги намалат при нивната пазарна вредност[97]. Вакво нешто и покрај околностите кое знаењето не е изложено на физичко амортизирање односно физички капитал, е точката каде секогаш треба да се има предвид фактот дека знаењето е потенцијално изложено на исклучително голема опасност од обезвреднување како и злоупотреба.

На ниво на економскиот и општествениот раст и развој во Македонија, фондот на интелектуалниот, општествен капитал ниту од далеку не е проста сума на поединечни знаења, вештини и искуства на поединецот. Во реалните услови на општествениот и економскиот раст и развој, обемот и начинот на кој знаењето и вештините може да бидат економски употребени во голема мера се одредени преку величината на самиот интелектуален капитал. Во друг

[96] Easterly,W., Ritzen, J., Woolcock, M. (2006). " Social Cohesion, Institutions, and Growth", Working Paper, Number 94, The Center for Global Development,стр.19
[97] Sen, A. (2002): Razvoj kao sloboda, Filip Višnjić, Beograd.стр.392

аспект, фондот на интелектуалниот, човечки капитал го одредува и степенот на стекнување на знаење, вештини и други атрибути и поединци[98].

Економската анализа на човечкиот капитал мора да води сметка и за инвестициите и амортизацијата[99]. Иако амортизацијата на човечкиот капитал е тешко да се квантификува, разбирањето на процесот на стекнување и амортизирање на знаењето и вештините е круцијално за разбирање на местата на човечкиот капитал на општествениот и економски раст и развој[100].

Образованието според тоа, станува своевиден центар за општеството на знаењето, додека школувањето е негова клучна институција. Сепак, знаењето и искуството кои се стекнуваат во рамките на ефективниот образовен систем имаат огромна вредност за ефективно и ефикасно да се искористат не само во корист на поединецот, туку и преку неговото имплементирање на интелектуален капитал кој го поттикнува општествениот и економскиот раст и развој во земјата.

---

[98] Easterly,W., Ritzen, J., Woolcock, M. (2006). "Social Cohesion, Institutions and Growth", Working Paper, Number 94, The Center for Global Development,str.92

[99] Sen, A. Razvoj kao sloboda, Filip Višnjić, Beograd. (2002):,стр.203-248

[100] Rend, Ajn (2003): Veličanstveni izvor, Stilos, Novi Sad, стр.49-59

# 4. ВЛИЈАНИЕТО НА ЕФЕКТИВНИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ ВРЗ ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА ВО МАКЕДОНСКОТО ОПШТЕСТВО

## 4.1 ОБРАЗОВАНИЕТО И НЕГОВАТА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ЗА СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА И ЕКОНОМСКИ РАСТ И РАЗВОЈ

Воспитанието и образованието претставуваат стратешки развојни приоритети за развојот на македонското општество. Земајќи предвид фактот дека граѓаните треба да се подготват за живот и работа во општеството кое се темели на знаење, неопходно е да се развие свеста за потребата на доживотното учење како и да се создаваат можности за образование за сите во општественото опкружување во земјата. Доживотното учење се реализира преку формалното, неформалното и информалното, природно учење, каде опфаќа повеќе наведени облици не само едноставно школување. Целите на воспитно-образовниот систем, мора да се имплементира и подготви за нудење на воспитно образовни услуги кои треба да ги задоволат различните потреби и возрасти на своите потенцијални ученици[101].

Во однос на ваквите задачи треба да се поврзуваат локалните заедници со различните социјални и други партнери, каде во центар ќе се истакне дејствувањето на образовните институции во земјата. Традиционално, улогата на образовниот систем и институцијата е да се сочува и задржи важната улога во развојот на поединецот и пренесување на културните и националните вредности[102].

Со традиционалните основни вештини и знаење како што се комуникациските вештини во мајчиниот јазик и математичката писменост и сл. Европската унија ги дефинира петте основни вештини кои треба да се развијат

[101]Gallie, D. и Paugam, S., 2002. Социјалната Интеграција, Европската комисија и директорат, Општествени мерки за подобрување на вработувањата, ЕУ, стр.491

[102] Razvojni potencijal visokog obrazovanja, XX skup TREND 2014, Univerzitet i FTN, Novi Sad, Kopaonik, 2014, стр.33-38

кај сите млади лица и возрасни со цел имплементација на човечкиот капитал во корист на општествениот и економскиот раст и развој во земја како што е Македонија:

- *Информациските и комуникациските технологии*
- *Техничка култура*
- *Странски јазици*
- *Природно-научна писменост*
- *Претприемништво*
- *Општествени и социјални вештини*

Прашањето на кое е потребно да се посвети посебно внимание е прашање за дефинирање на педагошките, дидактички стратегии кон децата со посебни образовни потреби, кои исто така треба да придонесат кон нивната зголемена вклученост во македонското општество. Според тоа, родителите, училишните установи, локалната заедница во најширока смисла на зборот мора да имаат се поголема улога во нивниот процес на вклучување во општеството. Покрај тоа и начелото на доживотното учење ќе се имплементира и е потребно да биде имплементирано во сите нивоа на степени на образованието, подготвувањето и развивање на способноста на учењето како да се учи.

Општествената димензија ќе се нагласува и во целосната вертикала и во сите подрачја на образовниот систем. Со оглед на се побрзата економска и општествена промена е потребно да се унапреди флексибилноста на образовниот систем во Македонија и неговата имплементација, за поединците да имаат што поголема можност за промените да ги имплементираат, според променливите потреби на пазарот на трудот и концептот на доживотното учење. Исто така потребно е да се развива и единствен систем на школско и професионално структурно насочување кое на поединецот ќе му овозможат услуги во информирање, насочување и советување во сите фази на развојот на кариерата, односно неговото продуктивно однесување и инволвираност во општествениот раст и развој во Македонската заедница.

Земајќи предвид моменталната состојба во општественото опкружување, практичарите заинтересирани за моќта и влијанието на образованието, ја земаат предвид улогата на едукацијата која може да ја игра во поттикнување на благосостојбата и општествениот прогрес во една земја како што е Република Македонија. Постои поголем број на емпириски студии кои покажуваат дека образованието е силно поврзано со социјално капиталните индикатори.[103] Растечкиот број на овие студии натаму сугерираат на тоа дека едукацијата, образованието има директен ефект на општествениот раст и развој.

Всушност, ефектите на образовниот систем се покажуваат како супстанцијални во однос на монетарните услови и мерки во денешното опкружување. Од наведените докази, може да се забележи дека образованието може да игра потенцијално значајна улога во истакнување на благосостојбата и социјалниот прогрес во земјата.

Како што може да се увиди, индивидуата и нејзиното ниво на образование, има огромно влијание врз општествениот раст и развој на различни начини. Најпрвин, образованието може да им помогне на поединците да се информираат и да донесуваат компетентни одлуки располагајќи со валидни информации, покренувајќи го нивото на когнитивни способности и зајакнувајќи ги своите социјални и емотивни способности како што е само-ефикасноста, само-довербата и солидарноста исто така. Преку ваквиот пристап, самото лице може да избере и поздрав животен стил, да управува подобро со својата здравствена состојба, да ги крене своите политички интереси и да разбира, на пример зошто мигрантите може да донесат супстанцијални бенефиции за едно општество. Како второ, образованието и ефективната имплементација на квалитетен наставен програм, може да им помогне на поединците и граѓаните во Македонија да имаат повисоки плати, поголема заработувачка, повисок социјален статус и корисни социјални врски и вмрежувања. Сето ова овозможува достапност до подобра здравствена грижа,

[103] Grossman, 2006; OECD, 2007; OECD, 2009

поздрава животна и работна околина, како и поголема политичка и општествено влијание. Како трето, образовниот систем кај секој поединец може да му понуди идеална околина за да им помогне на своите и на останатите деца да развијат партиципативно однесување и продуктивен пристап кон образованието, поставувајќи им пример преку своето однесување и ставови.

Всушност, училишните програми кои поттикнуваат одредени активности меѓу децата, имплементираат норми на однесување, преку кои се промовира активното граѓанство помеѓу помладите ученици, може да бидат кондуктивни во поттикнување на цивилната партиципација на младите ученици во иднина. Од голема важност е да се забележи фактот дека вкупниот ефект на образованието во однос на општествениот раст и развој ги вклучува сите погоре имплементирани начини и насоки, низ кои и те како може да се докаже огромниот ефект и значајната улога која ефективниот образовен систем може да ја има во подобрување на социјалната кохезија на едно општество како што е Македонија.

Од голема важност е да се истакне и фактот дека високо образована личност може да има и позитивно влијание врз социјалниот капитал и на останатите луѓе во општеството. Особено доколку лицето доаѓа токму од група која има ризик да биде маргинализирана, тогаш се остава уште поголем простор за идна транспарентност, солидарност меѓу самите граѓани, кои се мотивираат да дадат се од себе за да бидат активни учесници во општествениот и економски поредок на нивната земја.

Не само добро образовани граѓани, туку и добро образование и обучени наставници и образовен кадар во Македонската заедница, се во можност да охрабрат партиципаторно и продуктивно однесување кај луѓето и поединците и надвор од училишниот систем во општественото опкружување и меѓу своите блиски.

## 4.2 ЕФЕКТИВЕН РАСТ И РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

Се со цел за унапредување на образовниот систем посебно внимание се насочува на пренасочување на содржината и методите на работење во училишните установи, вреднување на постигнувањата и трајното стручно усовршување на наставниот кадар. Посебна цел се однесува на децентрализацијата на управувањето со образованието. Целокупниот систем на образованието и воспитувањето во својата понуда и имплементација се зајакнува со хармонизација со образовните стандарди на Европската унија. Во овие рамки се очекува да се подобри квалитетот на учење и подучување во градинските, основните и средните училишта како темели на доживотното учење понатаму[104].

Практиката на присвојување на фактичките, односно поголемиот обем на енциклопедиско знаење во образованието, веќе се заменува со развивање на способноста за разбирање, решавање на проблемите и практична примена на знаење со стекнување на вештини кои придонесуваат кон квалитет на живеење на учесниците во современиот свет. Со цел модернизација на изобразбата во најширока смисла на зборот, се користи и се препорачува да се имплементира информатичко комуникациски технологии, за да се овозможи доживотното учење на сите заинтересирани, особено на оние во претшколското, основното, средното и високото образование и системот на образование на возрасните.

Веќе од пред неколку години започнува и работата и системската примена на градење на е-учење во Република Македонија. Посебните воспитно-образовни современи и модернизирани програми ќе се нуди на одредени, сегментирани заедници како што се малцинствата, помладите луѓе и возрасните со ниски образовни достигнувања, лица со посебни образовни

[104] Bergensko priopčenje (2005.): Priopčenje s konferencije europskih ministara zaduženih za visoko obrazovanje. Bergen,стр.27

потреби, како и оние кои живеат во рурални и оддалечени краишта и во подрачја од посебен државен интерес.

Во овие рамки ќе се имплементира систем на вреднување на стандардизираните постапки за да се развива, надзира и подобрува ефективноста на проследување на усвоеноста на знаењето и вештините, целокупното проследување на работата на училишната установа и работата на наставните кадри. Ефективноста на високото образование, исто така ќе се подобри преку мерките кои се очекува да се придонесат за намалување на бројот на студентите кои отстапуваат од студиите за да завршат во редовен рок.

Самите процеси на учење и подучување тежнеат кон поттикнување на доживотното учење, уважувајќи ги општествените и индивидуалните потреби со цел поголема вработеност во македонската заедница. Со примерната и делотворна поддршка се помага на учениците и се задржуваат во самиот целосен процес на школување.

Во овие рамки, знаењето, вештината и способноста се стекнуваат во рамките на неформалното учење. Преку ваквиот пристап се развиваат поинвентивни начини на учење кое се постигнува со подобрување на почетните образовни наставни кадри и нивното работење. Според тоа е потребно да се земе предвид систем за трајна поддршка за стручното усовршување на наставниците и раководителите на кои им се помага да го унапредат квалитетот на подучување, учење и управување во училишните установи. Посебен предизвик се наоѓа и во унапредување на наставните програми особено за ранливите групи на ученици преку кои е потребно да се подобри социјалната кохезија во самата земја.

Целта е при тоа, да се развиваат флексибилни училишни и надворешно-училишни интервенции и понуди според кои на сите ученици ќе се спречува социјалната и образовна исклученост во општеството. Со цел рана интервенција и превенција, се очекува да се преземат и потребно е да се

преземат мерки за унапредување на подучувањето на децата и младите луѓе со посебни образовни потреби развивајќи ги различните облици на советување за учениците и студентите на сите степени во образованието.

Во овие рамки се истакнува и развојот на информатичкото образование во образовните институции за почетното и трајно стручно усовршување на наставниците. За да се спречи општественото раслојување и исклученоста на поединците и групите, се преземаат мерки кои ќе овозможат еднаквост во пристапот кон образовните услуги од висок квалитет во цела Република Македонија.

## 4.2.1 РАЗВОЈ И КОРЕЛАТИВЕН ОДНОС МЕЃУ ОБРАЗОВАНИЕТО И ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

Недостигот од работна сила, негативно влијае на економскиот и општествениот раст и развој. Предвидените тешкотии кон пристапот на пазарот на трудот, кои се јавуваат како резултат на демографските и економските промени во општеството, упатуваат на потребата за подобрување на ефективноста на образовниот систем за да се овозможи на сите млади луѓе да добијат стручно усовршување[105]. Овде веднаш по завршување на основно и средно образование ќе може да ги унапредат своите знаења и вештини како возрасна работна сила. Ова има за претпоставка да го зголеми учеството во програмите на образованието, со цел оспособување на возрасните и нивна натамошна обука и квалификација[106].

Научно-технолошкиот развој, општествените промени и промените во организациите и содржината на трудот, се клучни референтни точки за развој на образовниот систем и неговото усовршување. Учењето од работа станува исклучително важен облик на стручното усовршување, додека иновациите често се интередисциплинарни и се јавуваат како резултат на тимско ефективно работење. Во системот на образованието е потребно имплементација на регионалните, интередисциплинарни мрежи кои ќе обезбедуваат потребна соработка меѓу системот на образованието, истражувањата и светот на трудот.

Поврзувањето на образованието со пазарот на трудот е клучен фактор во обликување на македонскиот систем на образование, способен да одговори на потребите на пазарот и општеството, со кое се зголемува и можноста за вработување на граѓаните. Поради тоа е потребно да се развива единствениот систем на професионалното како и на образовното, училишно насочување, кое

[105] Ćulum, B., Ledić, J. (2010), Civilna misija sveučilišta: Element u tragovima? Rijeka: Filozofski fakultet u Rijeci,стр.91

[106] Bergensko priopčenje (2005.): Priopčenje s konferencije europskih ministara zaduženih za visoko obrazovanje. Bergen,стр.19

во земјите во Европската унија се препознаени како алатки за единствена политика на образованието и вработувањето.

Во рамките на осмислувањето развивањето и примената на воспитно-образовните политики на сите степени на образованието, се повикуваат сите заинтересирани општествени економски и социјални партнери. Според тоа се имплементира образование во корист на претприемништвото како развојна содржина во рамките на постоечките предмети и активности од претшколското воспитание, основните училишта до високото образование и образованието за возрасни, со сегментирано стручно усовршување и поддршка за воспитно-образовниот кадар.

Пазарот на трудот е всушност за возрасните граѓани во Македонија. Според тоа, една од главните цели на ефективниот развој на образовниот систем е зголемување на можностите за инволвирање и вклучување на возрасните во самиот едукативен систем. Одговорноста на образовниот систем е да овозможи на возрасната популација развивање на знаењето и вештините потребни за работа и живот.

Образованието за возрасни има и важна улога во задоволување на потребите на пазарот на трудот. Акцентот ќе биде стриктно на оспособување на возрасните кои имаат пониски образовни постигнувања, со потребни вештини на писменост и нумерички и стручни вештини кои придонесуваат кон вработувањето. Имплементирањето на образованието за возрасни се очекува да придонесе и може да придонесе кон развојот на системот на образование со дефинирани степени на постигнувања и развој на националните стандарди на квалификации, ускладени со оние на Европската унија и нивниот пазар на труд.

Долготрајно се очекува дека подобрувањето на образованието ќе може да придонесе кон намалување на стапката на невработеноста со поволни промени во економското опкружување, со проследување на потребите на пазарот на трудот и ефективен придонес кон услугите за вработување. Овде

се очекува и поттикнување на економскиот раст и развој во функција на ревитализирање на популациски девастираните подрачја. Разликите меѓу поединечните подрачја во Република Македонија ќе постојат и натаму, но се очекува да се намали со планирање и имплементирање на мерките кои треба да придонесат кон изедначување на неразвиените подрачја со развиените каде ќе им обезбеди општествена корелативна врска и поврзаност[107].

Европската унија исто така се бави со прашањето на нееднаквоста не само во општеството туку и на пазарот на трудот, преку понуда и имплементирање на сопствени насоки и политики. Република Македонија според тоа се насочува и кон користење на наменските фондови на Унијата за поттикнување и развој на економската и социјалната политика и зајакнување на општествената поврзаност кон послабите развиени рурални подрачја во општеството.

[107] . Obrazovanje i univerzitet, zbornik radova (2012): Filozofski fakultet – Centar za sociološka istraživanja, Niš.стр.68

# 5. ЕМПИРИСКИ ПРЕГЛЕД - АНАЛИЗА НА МОМЕНТАЛНАТА СИТУАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО И НЕГОВАТА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ЗА СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА И ЕКОНОМСКИ РАСТ И РАЗВОЈ

Владата и државните, надлежни институции на Република Македонија, во рамките на нивните имплементирани и предложени мерки и активности за подобрување на социјалната кохезија во земјата, значително ја истакнувале важноста на подобрување на средното образование. Според тоа, надлежните институции сметаат дека подобрување на средното образование е еден од круцијалните фактори преку кои може да се делува на подобрување на социјалната кохезија во Македонија.

Голем дел од младите луѓе во Република Македонија, околу 60% од нив, биле запишани во Средните училишта (табела2), и покрај тоа што присутноста и записот на поголемиот дел ученици кои запишале Основни училишта во Македонија, забележувал опаѓачки тренд за последната декада (70% од 2011). Одредено ниво помалку од половина од учениците од основното образование биле девојчиња (44-48%)

***Табела бр 2. Ученици во средно училиште, според видот на програмите***

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 38,214 | 38,373 | 38,527 | 38,013 | 37,646 |
| 854 | 1,015 | 1,221 | 1,071 | 1,080 |
| 55,477 | 54,455 | 55,595 | 55,071 | 54,338 |
| 59% | 58% | 58% | 58.5% | 58.4% |
| 94,545 | 93,843 | 95,343 | 94,155 | 93,064 |

*Извор – Државниот Завод за статистика – повеќе годишни извештаи, Скопје, Република Македонија*

Повеќето промени и реформи имплементирани во рамките на едукативниот и образовниот систем во Република Македонија, имале големо влијание врз образовните програми во средните училишта. Сепак, тие промени во училиштата, придонеле кон имплементација на "дуелниот" систем во рамките на стручните средни училишта, каде 50% од курикулумот на овие програми започнале да бидат покриени со практично учење. Меѓутоа, ваквите реформи сеуште не се целосно возможни на поголем обем, земајќи предвид недостигот од квалификувани кадри, наставници и квалификувана ефективна опрема за да може да се имплементираат ефективни и квалитетни практики во рамките на стручните училишта.

Една од најспецифичните реформи во Македонскиот образовен систем е претставувањето на задолжителното запишување на младите во средните училишта, започнувајќи од 2008/09 година. Законот за Средно училиште на Република Македонија, изгласа член кој истакнува казна од 1000 евра за родителите чии деца нема да бидат запишани или нема да присуствуваат регуларно на класовите во средните училишта.[108] Како поддршка на имплементирање на ефективно средно образование Владата во последните неколку години има имплементирано повеќе програми и мерки за зголемување на присуството и инволвирањето на младите во основното и средното образование, од кои некои се таргетирани генерално на маргинализираните групи во општеството.

Ваквите програми вклучуваат:

- *Слободни книги и транспортација за местата или општините во кои живеат и училиштата во кои децата учат;*
- *Имплементација на мониторинг систем и туторство за учениците од сиромашните домаќинства, особено за Ромите деца;*

[108] Закон за средни училишта на РМ, службен весник, Бр.49/2007

- *Овозможување на стипендии за средни училишта за учесници со позитивни и одлучни успеси во средните училишта;*
- *Имплементација на условени парични трансфери за деца од сиромашни родители и домаќинства кои редовно одат на училишта – трансферот се имплементира кога дете од сиромашна фамилија ќе прима социјална, финансиска помош со цел зајакнување на ефективноста и ефикаснсота на социјалната сигурност, како и подобрување на човечкиот капитал на деца од социјални изолирани семејства. Вкупната сума која децата ја примаат е 12.000 денари годишно или 200 евра годишно.*

И покрај образовните реформи кои го поттикнале интересот на децата во средните и виши училишта, сепак постојат сеуште одредени празнини во комплетирање на македонските рамки на дејствување при хармонизација на образовните и социјални стандарди на земјата со земјите членки на Европска унија.

Подолу имплементираниот графикон ги прикажува бруто стапките на запишување и на стручните и општите средни системи на образовни програми во Македонија, како и на земјите во регионот. Јасно се гледа дека во Македонија, поголемата пропорција од млади лица се изоставени надвор од образовниот систем. Иако постои одредено ниво на прогрес на овој план во Македонија, со бруто стапките на запишување, зголемувајќи се од 74% во 2005/06 година, до 80% во 2010/11, земјата се истакнува со најлош перформанс во регионот на ЕУ во дадената област.




***Графикон бр.3 Бруто стапка на запишување на ученици од 15 до 18 години во ISCED3***

Погоре претставениот графикон бр.3 во рамките на запишувањето на младите македонски граѓани во средното образование, придонесе кон намалување на уделот на оние кои рано го напуштаат училиштето. Уделот на популацијата помеѓу 18 и 24 години се наоѓаат на најниско ниво на едуцирање во рамките на средното образование во Македонија во 2011 година, каде земјата се обиде и успеа да редуцира од уделот на оние кои рано го напуштаат училиштат со 41% само во последните пет години.

Меѓутоа, женските ученици во Македонија се истакнуваат како граѓани со поголема веројатност да го напуштат училиштето и школувањето прерано, во споредба со останатите ЕУ-27 земји. Уделот на женските ученички кои го напуштаат прерано школувањето во Македонија бил во 2011 година дури и до 15.2%, додека пак, во ЕУ-27 бил само 11.6 проценти.




***Графикон бр.3 Удел од ученици/чки кои рано го напуштаат училиштето, Македонија и останатите Европски земји и ЕУ-27, 2012[109]***

Сепак, постои голем број на млади луѓе кои не се вработени ниту пак се наоѓаат запишани во некое училиште или обука. Уделот на овие млади луѓе помеѓу младите граѓани на Република Македонија бил дури околу 14% во 2011 година, двапати повеќе од ЕУ-27 со околу 7 проценти истата година. Само Бугарија имала повисок процент на ваквите млади граѓани во споредба со Македонија и останатите Европски земји.

Сепак, земјата има направено значителен прогрес во однос на овие млади невработени и необразовани луѓе, уште од 2006 година, степенот на овие млади бил 33%, достигнувајќи дури 60% пад до денес. Едукативната благосостојба на земјата, уделот на популацијата над 24 години со помало образование од средното, афектира дури 36% од популацијата во Македонија, додека во ЕУ27, само 26%.

[109] Извор – Статистичка дата база на ЕУРОСТАТ, имплементирана на 5јуни 2013та година

УНДП (2009), расправа дека благосостојбата во Македонија и сиромаштијата во земјата, претставува значителна причина и ефект од нискиот степен на образование, со негативен циклус на сиромаштија кој се пренесува од генерации во генерации во самата земја. Образовните јазови се неадекватно репрезентирани меѓу сиромашните, меѓу оние во руралните средини кои живеат и работат таму, како и меѓу популацијата на Ромите и останатите малцинства[110].

Додека пак, младите етнички Албанци и етнички Турци, живеејќи во руралните средини практично се едни од најчувствителните групи со слабо образование и слаб процент на запишани во средните училишта, каде се соочуваат со висока можност за да бидат исклучени од општеството, како и од училиштата, кое е иницирано дури и од своите родители, во рамките на религиозните верувања.[111]

## ЗАКЛУЧОК

Инволвирањето во основното и особено средното образование е најниско, значи меѓу сиромашните како и меѓу граѓаните кои спаѓаат во групите на етникумите во Македонија. Јазот кој е забележителен помеѓу сиромашните и најбогатите домаќинства и квинтилите на истите, каде само 34% од квинтилот на најсиромашните одат во средно училиште, забележано во 2006 година, каде од богатите семејства одат цели 90%. Овие јазови се идентификуваат со почит кон етницитетот на учениците и младите, каде особено ниско образование во средните па дури и во основните училишта се забележува кај Ромите, дури 60% од децата на Ромите, одат во основните училишта а само 17% продолжуваат во средните. Сепак, овие индикатори се очекува значително да се подобрат со претставување на задолжителното средно образование во Македонија.

[110] UNDP – 2010, EC – 2012та година

[111] Спасовски – Социјална инклузија и ексклузија во македонските простори, Скопје, 2010 година

## 5.1. ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА РАМКА ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА НАЦИОНАЛНО НИВО ПОКРИВАЈЌИ ГО СТЕПЕНОТ НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

Надлежните центри кои се истакнуваат како авторитетни институции во однос на подобрување на средното образование и едукативниот систем, ја потиткнува и подобрува својата улога во 2006 година, во однос на иницирање на јавниот интерес и интересите на социјалните партнери во подобрување на нивото на образование, како и поттикнување на запишување и инволвирање во средниот образовен систем од страна на младите во Македонија. Нивните главни функции опфаќаат следно:

- *Ефективно планирање на натамошен раст и развој на образовниот систем и негови усогласувања со технолошкиот и социјалниот контекст во земјата*
- *Поддшрка за социјалните партнерства, развојот и имплементација на средни образовни современи програми*
- *Поврзување на образованието со пазарот на трудот, во рамките на доживотното учење*
- *Подготовка на современи концепти на подобрување на стандардите на образованието*
- *Развоен модел на образовните програми за одделни курсови*
- *Сугерирање на ефективни испитни структури при надгледување на образовните субјекти како дел од подобрување на нивното работење во однос на иницирање на социјална кохезија во општеството*

Покрај подобрувањата во оперативноста на образовните центри и Министерството за Образование и Наука на Република Македонија, Европската Комисија од 2012 година целосно започнува да го поттикнува работењето и капацитетот на активности на надлежните институции. Во рамките на овие надлежни институции и нивните активности спаѓаат во Бирото за развој на

образованието (БРО), Центарот за образование на возрасни (ЦОВ), Државниот просветен инспекторат (ДПИ) и Државниот испитен центар (ДИЦ), од кои сите имаат активна улога во средното и стручно образование во Република Македонија.

Во овие рамки, БРО имаат целосна компетенција за надгледување на работењето на професорите, наставниците и останатите професионални, едукативни кадри, земајќи ги предвид и различните интереси на учениците и институциите во овозможување и подобрување на системот на средно образование.

Меѓутоа, недостигот во побрзо и ефективно работење и меѓусебна комуникација во рамките на функционалноста на надлежните институции во Македонија, ја иницира потребата за имплементаицја на појасна поделба на одговорности помеѓу различните актери, како и поголема одговорност и корпоративно дејствување од самите институции. Главните законодавни рамки во однос на подобрување на средното образование и системот на обучување се вклучени во Законот за Средно Образование[112], како и Законот за именување и дополнување на Законот за средно образование во РМ.[113] Вклучувајќи ги и Законот за стручно образование и обука[114]Законот за Бирото за Развој на образование [115]Законот за Образование за возрасни[116]Законот за Државниот испитен центар [117]и Законот за просветната инспекција.[118]

Наведените закони се проследени со многубројни норми, регулативи, прописи, брошури и заводи, кои ги регулираат релациите во програмите, процесите, кадрите, технолошките и организациски како и финансиски содржини, во сите области и едукативни компоненти на средното образование. Сепак, и покрај континуираната имплементација на легислативите и нивното подобрување

[112] Службен Весник, бр.52/2002,
[113] Службен Весник бр.49/2007
[114] (Службен Весник на РМ бр 71/2006, и последните измени 17/2011),
[115] (Службен весник на РМ бр 37/2006),
[116] (Службен весник на РМ бр 7/2008),
[117] (Службен весник на РМ бр 142/2008)
[118] (Службен Весник на РМ бр 52/2005)

и промени, новите легислативи имаат сеуште одредени слабости и недостатоци кои ја лимитираат и ограничуваат ефективноста и ефикасноста на едукативните програми и нивните прописи за ефективно дејствување.

Поголемиот број од овие недостатоци се систематични, со нејасна поделба на одговорностите и компетенции помеѓу неколкуте ново етаблирани институции, како и недостатокот на ефективна синхронизација помеѓу законите. И покрај одредениот број на успешни интервенции и активности, постојат одредени проблематики во областа на образованието, кои остануваат сеуште нерегулирани или несоодветно регулирани.

Исто така, може да се забележи и дека Законот за средно образование не е координиран со останатите напоменати закони, како што е Законот за стручно образование и Обука и Законот за Локална Самоуправа. Законот за Средно Образование ги ограничува и забранува реализациите на религиски и политички симболи во училиштата, забранува дискриминација и гарантира имплементација на инструкции за различноста во јазиците на одредените малцинства во Македонија.

Ваквата дискриминација вклучува социјална, политичка и религиозна дискриминација како и дискриминација базирана на социјалниот статус. Покрај главните легислативи, образованието исто така е покриено во неколку стратешки документации и планови за акции, како што е Националниот Акционен план за Еднаквост во родовите, Програмата за заштита на Деца, 2007 година и Социјалниот Протективен Програм од 2009 година.

Меѓутоа, овие програми не даваат специфични и прецизни претпоставки и препораки и не се однесуваат на средното образование како средство за подобрување на социјалната инклузија или кохезија во Република Македонија.

Националната Стратегија за Подобрување и развој на Образованието имплементирана од 2005-2015 година, многу подиректно ги прикрива проблемите на инклузијата и тоа низ:

- *Не-дискриминација;*
- *Подобрување на физичката достапност на училиштата;*
- *Покачување на партиципацијата во образованието низ поттикнување на јавната свест во етничките малцинства;*
- *Проширување на покриеноста на пред-школски едукативни програми.*

На ниво на средното образование, со текот на време се додаваат и нови насоки во однос на Цивилната, граѓанска култура, како и Културата на заштита, мир и толеранција во училиштата. Националниот Акционен план за Образование во рамките на Ромските граѓани и подобрување на нивната социјална вклученост, го иницира планот за достапност на Ромската популација до стипендии и туторство, повикувајќи за легална одговорност на надлежните институции за задржување на ваквите легислативи и прописи.

**Меѓутоа, Националната Стратегија за Редуцирање на Сиромаштија и Социјална исклученост во Македонија од 2010-2020 година, не презема специфични одговорности и активности во однос на подобрување на едукативниот, образовен систем како потенцијално силна алатка за промовирање на социјалната инклузија и влијание врз подобрување на социјалната кохезија**. Во овие рамки, Спасовски (2010), расправа дека легислативата и поддршката на правните прописи во однос на диверзитетот на студентите и учениците и промоцијата на социјалната инклузија не е воопшто ефективно во практиката.

Според тоа, може да се забележат одделни јавни училишта и одделни класови во јавните училишта за ученици со инвалидитет или ученици од различни етнички и јазични малцинства. Како дел од целокупните напори за децентрализација и овозможување на ефективно дејствување на јавните сервиси и услужни сектори, компетенциите и одговорностите околу овозможување на подобрување на средното образование, се трансферира до одреден степен во локалните самоуправи. Сепак, не постои воопшто јасна одделеност во одговорноста меѓу централното и локално ниво на владеење и надлежности.

Законот за Средно Образование и Законот за Стручно Образование и Обука, тврди дека локалните самоуправа би требало да го анализираат пазарот на трудот на локално ниво и да ги информираат образовните надлежни центри за последните случувања на пазарот на трудот, истовремено давајќи сугестии за натамошен развој и нови програми за подобрување на квотите.

## ЗАКЛУЧОК

Анализирајќи ја гореистакнатото може да се констатира дека локалните самоуправа во Македонија сеуште располагаат со недоволни и невалидни информации за состојбата на нивните локални пазари на труд, каде се претпоставува дека Образовните институции немаат приоритет за одредување на истите. Всушност, децентрализацијата не доведе до никакви предности и бенефиции во услови на подобрување на поврзувањата меѓу програмите во образованието и пазарот на трудот и нивните потреби, како и барањата за работници на дадените области во Македонија.

## 5.2. ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА НИЗ ЕФЕКТИВНО ДЕЛУВАЊЕ НА СТРУЧНОТО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Приказот на Стратешките планови за подобрување на средното образование, истакнува преглед на моменталниот модел на поделба на одговорностите и планирање на финансиските средства во соработка меѓу централните и локалните владеачки субјекти. Образовниот систем вклучувајќи го и стручното образование во Македонија, подлегна на значителни промени во последните две декади, каде овие промени особено во однос на стручното образование, се имплементираат како еден од начините да се подобри социјалната кохезија во Македонија.

Меѓутоа, средното образование и образовниот сектор, сеуште станува едно од полињата каде реформите и предложените мерки е тешко ефективно да се имплементираат поради силните унии и тела кои сеуште покажуваат отпор кон промена на политиката на владеење и управување. Поголемите структурални промени кои се појавуваат за време на транзицијата во Македонија, не се придружувани од соодветните реформи во образовните програми во земјата. Образовните легислативи и реформи во Македонија значително сеуште се наоѓаат под влијание на меѓународните организации и поддршка од донации. Едни од највлијателните меѓународни учесници се Европската Комисија, Светска Банка, OECD< UNDP, и слично. Сепак, трансферот на политиките и ефективноста на веќе имплементираните политики на дејствување, привремено се ограничуваат значително од слабиот административен капацитет, културните традиции, домашниот менаџмент на реформи, неефикасните јавни ресурси и слично.

Едни од најважните реформи кои мора да бидат имплементирани во системот на средното образование се следните:

- *Подобрување на опкружувањето при реализација на легислативите;*

- *Промени во структурата на образовните институции низ зголемување на ефикасноста на наставата, претставување на курикулуми со различни дејствувања и нивоа на квалификации кои се исклучително потребни;*
- *Имплементација на образование за возрасни во сите образовни системи;*
- *Иницијативни чекори во естаблишментот на Националната Квалификациона Рамка – стандарди на професии, квалфиикации и образовни стандардизации;*
- *Децентрализација на менаџментот на средното образование од централно на локално ниво;*
- *Иницијативи за зајакнување на социјалното партнерство;*
- *Спроведување и капацитет на градење на повеќе образовни институции;*
- *Промени во претставување на новите субјекти, меѓудисциплиниран пристап;*
- *Чекори кон градење на инклузивно образование.*

Инволвирањето на средното образование како и средното стручно образование, се смета за една од најдобрите алтернативи за учениците во Македонија. Сепак, постои огромен притисок за инволвирање на современи програми во средните училишта поради нивниот ограничен капацитет, како и учениците кои не успеваат да се запишат поради ниски IQ; перформанси, завршувајќи без образование. Инаку, постојат многу случаи каде руралните средини и оддалеченоста, непристапноста до училиштата, да биде уште една поголема причина поради незапишувањето во средното образование.

Ваквите случаи ја поттикнуваат неопходноста за осмислување на природата на училиштата во помалите градови и општини во Македонија, каде е потребно ефективно организирање на стручните и општи средни училишта. Во рамките на стручните училишта, едни од најмногу бараните се економските, трговските, медицинските, електро-техничките, како и машинските. Земајќи

предвид дека квотите на пазарот на трудот во дадените практики се исклучително големи, релативно зголеменото инволвирање во дадените области на образование, може да резултира и со презаситеност на пазарот на трудот со дадените професии.

Од голема важност во овие рамки е да се истакне фактот дека владините институции и надлежните субјекти го имаат приоритет стручното средно образование, како еден од најефективните начини да се подобри инклузијата и да се намали социјалната исклученост во Република Македонија.

Со таа цел, во 2012 година, Владините странки имаат започнато јавна кампања за промовирање на запишување и поттикнување на работата на средните стручни училишта во Македонија. Моментално надлежните институции ги подготвуваат и Националната стратегија за Стручно Образование и Обука под активностите на Министерството за Образование и Наука, како и Здруженијата на локалните самоуправи и Министерството за Труд и Социјална Политика, вклучувајќи ја и Државната Агенција за вработување и слично.

Стратегијата изградена на основа на Националната стратегија за Развој на Образованието, 2005-2015, се насочува кон адресирање на главните дилеми за идниот развој на стручниот, образовен систем, како еден од најефективните системи за подобрување на социјалната кохезија во Македонија. Во овие рамки се вклучуваат целосниот политички дизајн, цели, мисии, визии и систематичките организации на професионалните области на дејствување, профили, мрежи на училишта и курикулум, како и предизвиците на пресретнување на потребите и барањата на учениците, родителите, бизнис секторот, општеството во Македонија, овозможувајќи ја реализацијата на дадените програми.

Ваквата стратегија за подобрување на социјалната кохезија низ потикнување на стручните средни образовни програми вклучува:

- *Зголемување на атрактивноста, квалитетот на средното стручно образование, промовирање на неговата улога во бизнис перформансот, конкурентноста и иновациите;*

- *Нудење на флексибилност и различни можности за добивање на знаење и вештини, промовирајќи го претприемничкиот дух, континуирано едуцирање и активно граѓанство со имплементирање на социјална и политичка писменост преку практично учење;*
- *Промовирање на висок квалитет и социјална инклузија, преку овозможување на поголема вработеност без факултет, мобилност и сигурност на работните места.*

## ЗАКЛУЧОК

Се очекува, ваквите подобрувања и стратешки пристапи и размислувања, да вклучат вкупно девет области во чии рамки ќе се интервенира и кои ќе бидат елаборирани детално каде мерките за подобрување ќе бидат предложени преку квалитетот и достапноста на стручното образование, курикулумот и студиските програми на средното стручно образование и нивните поврзувања со пазарот на трудот и натамошното образование на возрасни, процесот на предавање и оценување и нивна стандардизација, соработка меѓу училиштата на средните стручни образовни програми и бизнис секторот во Македонија, осигурување на квалитет во образовните стручни програми, децентрализација и менаџмент на финансирањето на програмите, надгледување и евалуација на средното стручно образование, легислативно опкружување, интернационализација на средните стручни образовни програми.

## 5.3. ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА НИЗ ЕФЕКТИВНО ДЕЛУВАЊЕ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Високото образование исто така може да игра значително голема улога во промовирање на разбирањето и инволвирањето на општествените групи во рамките на градење на чувство на транспарентност и еднаквост во помалку развиените општества, како што е и Република Македонија. Во однос на потребата на техничките способности и напредното знаење и вештини, високото образование се имплементира во општествените кругови со цел да изгради интелектуална основа за промовирање на плуралистичка култура, зголемување на државно-општествената синергија, како и поддршка на национални развојни иницијативи за самата земја.

Традицијата на емпириските приоди на истражувања, независното резонирање, како и информалните дебатирања на дадената тема, кои се емблематични за образовните установи се значително разбрани како интегрална основа за развој на рационално само-критички настроено општество во кое споделениот удел на граѓанството може да ги поврзе сите различности кои се темелат на раса, етницитет, религија, економски и други фактори[119].

Поради тоа што високото образование се наоѓа во корелативен однос со варијаблите како што е социјалната поврзаност, почитувањето на диверзитетот, цивилната, граѓанска партиципација и инволвираност во општествените, политичките и културните случувања во земјата, како и вербата во социјалните и државни институции, ваквото образование има огромно влијание врз општествената кохезија која се препознава секако како една од најважните придонеси за јавното добро[120].

[119] Смит М.К. ,,Globalization and the incorporation of education and education in developing countries, an encyclopedia of formal education and sustainable development,, Collection, USA, 2011, стр.592-603, http://firgoa.usc.es/drupal/node/26909

[120] Извор - https://books.google.mk/books?id=EvYxzGNPrvAC&pg=PA13&dq=social+cohesion+and+education&hl=mk&sa=X&redir_esc=y#v=onepage&q=social%20cohesion%20and%20education&f=false

Земајќи предвид потенцијалот на високо образовните установи да преземат поголема и директна улога во напреднување на социјаланата кохезија во Република Македонија, анализите за високото образование во различните национални контексти за жал, бележат многубројни неуспеси поврзани со ваквата насоченост на дејствување на високото образование во земјата. Дури сеуште се наоѓаат одредени академски размислувања и ставови дека идејата за универзитетите и нивната силна улога во социјалната кохезија во земјата е на исклучително ниско ниво, еднакво на непостоечка. Во одредени случаи, високо образовните установи се случува да бидат модели за неморално или непрофесионално однесување поттикнато од институционалната корупција и останатите само-насочени фактори и себични цели.

Токму поради тоа, во Република Македонија социјалната улога на високото образование и високо образовните установи може да биде поттикната од внатрешните, национални фактори – надлежните, владини институции. Владеачките партии во земјата имаат можност да претстават повеќе курсеви дизајнирани со цел да ја подобрат идеолошката претставеност како и да ги поттиснат конкурентните светски и европски гледишта кои се спротивни на даденото верување за големата и круцијална улога на образованието врз подобрување на социјалната кохезија[121].

Со подолгото владеење на моменталните внатрешно етнички, меѓу-религиски и економски кризи во земјата, високо образовните институции се повикуваат се повеќе кон користење на ресурси кои ќе се однесуваат повеќе на контроверзните социјални проблеми со кои се соочува општеството, со цел решавање на дадените кризни ситуации. Традиционално, нивната волја и спсопбност да се спротивстават на континуираните проблеми се покажува на начин на кој се имплементираат повеќе дебати и емпириски студии насочени кон подобрување на внатрешната адаптабилност и способност да се препознаат и

[121] Ривзи Ф. ,,Глобализацијата, кохезијата и образованието, комплексноста и контингенциите, Едукативна теорија на размислување,, ЕУ, 50.6, стр.411-492

уважат поголемите социјални, културни, економски и религиски разлики меѓу македонските граѓани.

Ваквите и слични активности, денес заземаат централно место во мисијата на универзитетите и останатите високо образовни институции во земјата. Сепак, повеќето светски проблеми и предизвици со кои се соочува и македонското општество, ги поттикнува се повеќе администрацијата и академските лица подобро да го разберат начинот на кој универзитетот може да ја поттикна способноста за да се постави мост на социјалните поделби и исклученост, како и да ги донесе ресурсите кон подобрување на наведените проблеми и предизвици.

Сепак, основната дилема на универзитетите во Македонија се однесува на тоа како да се ублажат тензиите помеѓу социјалните групи и поборниците на различните филозофии и идеи, истовремено превентивно однесувајќи се кон било кои политички и државни сили кои поттикнуваат структуирање и поделба на класа, поттикнувајќи ја социјалната поделеност и исклученост на чувствителните групи во земјата.

Меѓутоа, главното прашање кое се поставува во овие рамки е – како универзитетот, односно високо образовните установи во Македонија, ќе може да промовираат меѓусебно разбирање, транспарентност, толеранција, меѓусебна почит во контекстот на социјален дискурс и покрај повеќето преценденти кои сеуште постојат наспроти социјалната кохезија на сите групи во општеството кои постојат сеуште како мнозинство во Македонија? Всушност, дали воопшто одредените институции на високото образование и едукација ќе може да издржат одреден и континуиран притисок за да не станат како сите останати институции во општеството кои подлегнале на силите на корупцијата, погрешната идеологија, стереотипизација и предрасуди?

Токму поради тоа, аксиоматично е да се размислува на високото образование како јавно добро, земајќи предвид профитот и трошоците кои влијаат врз целото македонско опшетство. Сепак, како би можеле дадените ефекти да бидат дефинирани, измерени, предвидени и пресметани, ден денес станува една

од централните дебати во високите академски кругови кои се однесуваат на имплементација на социјалната кохезија во македонското општество. Токму ваквите дебати претендираат да се насочат повеќе кон градење на здрава нација, поттикнување на демократско размислување, вклучувајќи ја и централната улога на образованието за проширување на погледот и зголемување на толеранцијата и желбата да се инволвираат младите генерации во политичките процеси на земјата, со тоа што се гради корелативен однос меѓу образованието и демократската стабилност во земјата. Земајќи предвид фактот дека практични докази за вакво влијание во македонскиот образовен систем не постојат, сепак, може да се употреби примерок од истражувањата во рамките на OECD земјите преку кои се мери граѓанската инволвираност во повеќето земји во однос на високо едуцираните граѓани. Со ваквиот прилог дополнително се докажува врската меѓу високото образование и се поголемата граѓанска инволвираност во политичките, економските и културните случувања во земјата, чија практика може да се реализира и во македонското образование. (прилог1)




***Прилог бр.1 Преглед на размерот на разлика помеѓу граѓаните инволвирани претежно во политичките случувања во земјите во однос на високо образовани и ниско образовани граѓани[122]***

Веќе долго време во Република Македонија, на високото образование се гледа низ призмата на неговиот придонес кон поттикнување на националниот капацитет на способните човечки ресурси, нивната способност да партиципираат во политичките и економски дебати и случувања, како и на високо ниво, нивната способност да се генерира ново знаење и нови пристапи кон старите проблеми.

Моментално, земајќи предвид улогата на универзитетите во општеството, повеќе не се поврзува само со оспособување на човечките ресурси и човечкиот капитал, во услови на способностите, вештините, однесувањето и маргиналната продуктивност, туку се повеќе се додава и пообемен поглед кон механизмите со

[122] Извор - OECD, Education at a Glance 2012: OECD Indicators, Indicator A11 (www.oecd.org/edu/eag2012)

кои високото образование во Македонија влијае врз социјалната кохезија. Всушност, се мисли на социјална кохезија како релативна сила и дистрибуција, насочување на социјалниот капитал во зајакнување на здраво, демократско општество.

Токму ваквото разбирање на социјалната кохезија има значајни импликации за високото образование во земјата. Најпрвин, искуството на високо образовните институции нуди многубројни можности за чувствителните групи во општеството да дојдат во близок контакт со останатото мнозинство, со цел да може заедно да го изградат мостот кој ги разликува и одделува, туркајќи ги првите во социјална исклученост. Важноста на ваквите активности се темели токму во креирање на "мрежи на инволвирање и интерактивност"[123] кое може да се преведе во поврзување на социјалниот капитал меѓусебно.

Второ, импактот на високото образование врз индивидуалното напреднување и оспособување не треба да се гледа само како приватно добро кога сите сегменти на различната, диверзивна популација има многу повеќе можности да напреднува далеку над овие бенефиции. Со самото тоа што чувствителните групи (етничките малцинства, тешко сиромашните студенти и сл.) социјално се мобилизираат низ универзитетите, колеџите и факултетските кампови и студентски домови во Македонија, се придонесува кон вертикално зголемување на социјалниот капитал во земјата.

Третиот аспект на улогата на високото образование во Македонија се темели во промоцијата на социјалната кохезија преку влијание кое може да се имплементира врз развојот, подобрувањето и менаџментот на современите механизми кои се користат за реализација на социјална контрола. Како што можеше да се забележи преку конфликтите кои настануваат во земјите низ светот, меѓу-класните судири на национално ниво се претворуваат во големи движења за човекови права алудирајќи на катастрофа и прекршување на човековите права преку правните, безбедносните и владините сектори па се до повисоките

[123] Ривзи Ф. Глобализацијата, кохезијата и образованието, комплексноста и контингенциите, Едукативна теорија на размислување, 50,6, стр.332-338

административни нивоа на функционирање. Во овие рамки, улогата на високото образование се имплементира како критично настроен систем кон јавната политика и адмиинстрација кои ја поттикнуваат различноста меѓу социјалните групи во дадените земји, истовремено насочувајќи го вниманието кон потенцијалните извори на конфликт уште пред да започнат насилните судири. Всушност, универзитетите може да помогнат на општествата кои се наоѓаат во центар на меѓу-класни судири со анализирање и урамување на параметрите на конфликтот со цел за специфичните проблеми да бидат подобро разбрани и да се придонесе кон имплементација на поефективни солутивни мерки за да се спречи конфликтот. Познато е дека со вакви конфликти многу често се соочува и македонското општество, кои се поттикнуваат од меѓу-религиските, меѓу-етничките и меѓу-класните разлики во општеството, а во последно време настануваат и меѓу-политички (лица со различни политички идеали) конфликтни судири.

Четвртата импликација за големата улога на високото образование се темели на моделот на социјалниот капитал кој влијае врз развојот на социјалната кохезија, поврзана со формацијата и социјализацијата на споделените вредности помеѓу високото образовните конструирани групации и организации, вклучувајќи ги граѓаните и целата македонска јавност. Институциите на високото образоваине, особено оние чии членови го рефлектираат социјалниот диверзитет во земјата, придонесуваат кон значајно опкружување за експлорација на социјалните промени со кои треба да се соочи македонското општество. Ваквите институции се во можност исто така и да имплементираат канали низ кои социјалните норми и очекувања ќе можат да бидат ефективно спроведени до јавноста. Поради тоа, универзитетите во Македонија имаат витална улога која ја играат преку поддржување на концептот на демократско граѓанство кој на изглед е прифатлив, плуралистички во композиција и инклузивен во практиката. И покрај тоа што теоретскиот развој на ваквите концепти е од голема важност, сепак моделирањето е примарна значајност низ која ваквите вредности како што се толеранцијата, плурализмот и отвореното, слободоумно размислување, мора да се поттикне во практиката.

## ЗАКЛУЧОК

Едноставно кажано, високото образование во Република Македонија има долга историја на моделирање на видот на граѓанското размислување и однесување, преку кое може да ги промовира меѓу-класните разбирања, да ги сузбие тензиите и да охрабри поголема кохезија во општеството. Еден од начините на кои сето ова го реализира е охрабрување на различните гледишта и промоција на традицијата која дозволува токму ваквите гледишта да бидат разбрани и различните размислувања да бидат слушнати еднакво.

Примероци од влијателната улога на високите образовни институции врз промовирање на ваквите дебати и слични активности со цел подобрување на социјалната кохезија, може да се истакнат преку активностите на Евро Колеџ-Куманово, еден од првите приватни универзитети во Република Македонија. Во 2007 година, Евро Колеџ како високо образовна институција имаше цела програма на истакнување на изворот на меѓу-етнички, меѓу-религиски и меѓу-класни разлики во македонското општество, нарекувајќи ја програмата “Поврзување на разликите“, во кои на една од многуте дебати беше повикан и тогашниот европски амбасадор Ерван Фуере во високо образовната институција, алудирајќи на многуте проблеми со кои се соочува македонското општество кои се во улога на бариера за реализација на ефективна социјална кохезија во земјата.

## 5.4. АНАЛИЗА - СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ – ЗОШТО СМЕТАМЕ ДЕКА ОБРАЗОВАНИЕТО МОЖЕ ДА ДЕЈСТВУВА ВРЗ ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА

Факт е дека образованието како клучен фактор на раст и развој влијае и врз конкурентноста на земјата во современата економија, играјќи суштинска улога во општествено – економскиот раст и развој во економијата и општеството на Република Македонија.

Искуството од развиените земји исто така покажува на фактот дека образованието е директно поврзано со економскиот раст и развој. Всушност, податоците од истражувањата, зборуваат дека во првата деценија од XXI - виот век, десет земји со највисок процент на високо – образовани граѓани спаѓале во редот на земјите со висок доход per capita. (прилог2)




***Прилог бр.2 Десет најобразовани земји во светот – процент на високо образовани во корелација со остварени БДП per capita[124]***

Покрај поголемото влијание на образованието врз подобрување на економската состојба не само на граѓаните туку и на целото општество, преку кое се намалуваат драстичните меѓу-класни разлики (висока, средна и ниска класа на

[124] Извор - Sauter, B., Michael and Hess E. M. Alexsander (2013)

општествени групи), од голема важност е да се истакне и влијанието на образованието врз развивање на способностите, вештините и знаењето на индивидуите во општественото опкружување, без разлика на нивните религиски, етнички, политички и културни определености. Според тоа, образованието како такво, се потврдува дека го подобрува и социјалниот статус на граѓаните, преку кој самите студенти имаат полесен пристап до пазарот на трудот, како и до одредените мрежи кои водат кон подобрување на социјалните бенефити, независно од ефектот на едукацијата врз приходите на граѓаните.

Всушност, најновите истражувања имплементирани на дадената област, укажуваат на фактот дека значителната улога на когнитивните, социјалните и емотивните вештини игра голема улога во полесно разбирање на ефектите на образованието врз економската и социјалната благосостојба во едно општество, како што е македонското општествено опкружување. (пр.3)




***Прилог бр.3 Пропорција на возрасни граѓани и нивната благосостојба во споредба со нивото на Образование кое го имаат истите – 2010та година експериментално истражување*** [125]

[125] Извор - OECD, Education at a Glance 2012: OECD Indicators, Annex 3 (www.oecd.org/edu/eag2012). Имплементирано преку - OECD (2011), How's Life, OECD Publishing, Париз

Лонгитудните и експериментални студии (пр.3) може да помогнат значително кон разјаснување на каузалниот статус на поврзаностите и корелативниот однос кој постои меѓу образованието и социјалните бенефити истакнувајќи ги и насоките кон кои се определува ефективното образование во една земја. Сепак, доказите веќе градат сигурен случај со кој значително се потврдува огромната улога на образованието и образовните политики кои придонесуваат кон социјалните политики во однос на справување и имплементација на здравствената и социјална кохезија во Македонија. Според тоа, од голема важност ќе биде да се земе предвид и образовните пристапи кон социјалните промени при евалуирање и оценување на ефикасноста на трошочно – ефективните политики.

Во понатамошната студија на доткорскиот труд, се опфаќа селектирано училиште во Република Македонија, преку селективна методологија и имплементиран критериум на избор кој го реализира изборот преку[126]:

- *Присуство на инклузивни – сугестивни практики – нови и трајни;*
- *Предвид на диверзитет, различноста во однос на економските, социјалните, културните, религиските и јазни разлики како и урбани/рурални разлики;*
- *Инструментално учење – академско и практично учење;*
- *Дијалошко – кооперативно учење;*
- *Опкружување на ефективна соработка во училиштето – фамилија, општествено опкружување, вработените во институцијата;*
- *Инволвирање на наставниот кадар при инклузивни пристапи и дејствувања против социјална исклученост;*
- *Ниво на мотивација – на студенти, наставен кадар и родители;*
- *Академски очекувања – за студентите, наставниците и родителите;*
- *Инклузија на демократски вредности во образовната програма.*

[126] N.C. Burbules and C.A. Torres (Eds.), Globalization and education: Critical perspectives,, , Rutledge, 2010, стр.49-55

- *Капацитетот на училиштето да придонесе кон истражувањето – истражувачки активности, партиципација во екстерно дизајнирани студии;*
- *Инволвирање во владината поддршка финансиска или преку донации и проекти на државни и меѓународни донации за подобрување на нивното работење.*

Земајќи предвид процедурата на квантитативно-квалитативното истражување и имплементација на компаративната студија за да се придонесе кон дедуктивно-индуктивен заклучок во однос на тврдењето, процедурата на истражување се имплементира во регионот околу Скопје. Селектираните училишта во однос на студија на случај и анализа на истиот, се дел од ова истражување, според тоа, во Гази Баба Општината, во регионот од Скопје, како дел од анализата на студија на случајот е директно вклучено Средното Стручно Училиште Боро Петрушевски.

Средното стручно училиште Боро Петрушевски е лоцирано во Скопскиот регион каде се наоѓа северно од Република Македонија во општинскиот регион на главниот град Скопје. Регионот е еден од најмалите општини во Скопје, опфаќајќи само 7.3% од целосната област на земјата. Со 29.4% од целосната популација на земјата[127] односно вкупно 605.988 граѓани, Скопје е една од најмногу населените региони во Република Македонија.

Шестте од одделните општини имаат вредност на популација со околу 1000 луѓе на по еден километар квадратен. Овој регион е главниот регион за развивање на сообраќајната инфраструктура во Македонија. Најголемите индустриски, трговски и услужни капацитети се концетрирани токму во Скопје, од цела Македонија. Во 2010 година, Скопскиот регион има највисок БДП од човек – 314.809 денари, односно 50% повисоко од националната вредност. Скопскиот регион при тоа, се состои од 17 општини.

[127] Државен завод за статистика, Гази Баба, 2011,

Според тоа, нивото на писменост истакнува 97% од кои активни 56%, вработени како се 39% невработени се дури 31 процент од населението. Постојат вкупно 32 средни образовни училишта од кои 15 се стручни средни училишта. Вкупната бројка на учениците во Скопје, кои одат во средните училишта од 2012 година изнесува вкупно 27.661 ученици. Од тука, 28.095 прикажува активни ентитети и оперираат низ целиот регион. Скопје, како главен град на Република Македонија, претставува економски, административен, културен и академски центар на земјата. Како резултат на тоа, овој регион презентира една од најголемите имиграциски области.

Средното стручно Училиште Боро Петрушевски претставува три и четири годишно стручно образовна институција, нудејќи три образовни програми – сообраќај, механички и авто-технички програми. Образовните профили кои се понудени под секој образовен програм се образовниот сообраќаен програм со 2 профили, техничари за работа на сообраќај и техничари за транспорт и Механика се 2 профили, мехатроника – 4 години и авто-механика 3 години, кои не се сеуште сменети.

Авто техничките образовни програми се состојат од 2 профили, авто-електричните и механичката каросерија се два програми со 4 години. Во училишната година до 2013 година вкупен број на ученици опфаќа до 991 и 40 класови од кои 22 класови се на македонски јазик, додека останатите 18 на Албански јазик.

## ОПШТ ЗАКЛУЧОК

Според горе образложеното се потврдува дека образованието го подобрува и социјалниот статус на граѓаните, преку кој самите ученици и студенти имаат полесен пристап до пазарот на трудот, како и до одредените мрежи кои водат кон подобрување на социјалните бенефити, независно од ефектот на едукацијата врз приходите на граѓаните.

# 6. АНАЛИЗА - ПОВРЗАНОСТА И РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА СТРАТЕГИИТЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ КОН ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА ВО МАКЕДОНИЈА И ЕУ

## 6.1. СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА – САМОСТОЈНА ЦЕЛ И СРЕДСТВО ЗА РАЗВОЈ НА ЕВРОПСКАТА ЕКОНОМИЈА

Доколку европскиот социјален модел се разликува од социјалниот режим на останатите индустриски земји пред се по тоа што социјалната кохезија се поставува како приоритетна цел, тогаш политичарите на Европската унија мора на соодветен начин да се вреднуваат по ваквиот пристап, дали со таа цел се ослабуваат или зајакнуваат во своите рамки на дејствување.

Економската политика, на која Европската унија врши редовно големо влијание е исто така од голема важност во подобрување на социјалната кохезија. Во рамките на резимирањето на оваа ситуација, европската интеграција со поддршка на своите економско-политички правила и стандарди претставува предизвик за европскиот социјален модел, бидејќи од една страна "на природен начин" се предизвикуваат ефектите за прераспределба, а од друга страна се менуваат условите за совесни, политички саканите мерки за прераспределбата, во овие рамки спаѓаат пакт за стабилноста и растот, политиката за конкурентност и слично[128].

Ефектите од прераспределбата при тоа – од наднационална точка на гледиште – делумно може да се процени како позитивна, кое потекнува од тоа да одат во корист на сиромашното население од земјите членки кои не се толку развојни на економски план[129]. Вкупно гледано, последиците се движат во рамки кои не би требало да даваат повод за стравување дека европската интеграција би го загрозила европскиот социјален модел. Во областите на

[128] Cooper, L.; Knight, B.; Blackmore, S. (2005). Društveni kapital u Hrvatskoj.Nacionalna zaklada za razvoj civilnoga društva,стр.62
[129] Џон Балдог, Ник Менинг. Ник Менинг Сара Викерстаф (2013)– Социјална Политика, Ars Lamina,стр.38-51

политиката на вработувања, образованието и социјалната политика, вклучувајќи ја социјалната сигурност, компетенцијата на Европската унија се се помали, а со самото тоа и помал е нејзиното влијание.[130] Но европската интеграција секогаш ги доверува придонесите во наведената смисла на оние политички области кои се во тесна врска со економскиот раст и развој.

Тоа се врши преку користење на методите кои потекнуваат од областа на претприемништвото со цел за овие сите напори да се насочат кон унапредување на конкурентноста, за Европа да може да се развие во динамичен економски простор кој ќе почива претежно на знаењето. Дали ваквата замисла претставува закана за европскиот социјален модел претставува големо прашање. Сепак, не по секоја цена, бидејќи – европскиот социјален модел се разликува од другите баш поради тоа што социјалната кохезија не е сама по себе цел, туку претставува средство за постигнување на економскиот развој, кој повторно треба да обезбеди материјална основа на европскиот социјален модел.

Оваа инструментализација не е всушност причина за постоење, но во одредена мерка претставува животно осигурување на европскиот социјален модел. Од тука, како и да се анализира и гледа социјалната кохезија, каде повеќето ја гледаат како оптеретувачка препрека за економската динамика, како обичен фактор на трошоци, моделот за европската социјална политика во овој регион сеуште ќе биде главна тема на дискусија.

[130] Puljiz, Vlado, et al. (2005.) Socijalna politika. Zagreb: Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu, стр.63-72

## ЗАКЛУЧОК

За преживување на европскиот социјален модел неопходно е да биде поставен во служба на конкурентност со различни земји. Овде не треба да се зема предвид само фактот дека социјалната кохезија претставува еден од трите цели на европската стратегија на вработување, како и централна тема во едниот процес на методи на отворената координација, туку и намера за сите помеки области, во иднина грижно да се дополнуваат со по стабилна политичка област, како основа каде од оваа перспектива може да се види предноста за натамошниот раст и развој на европскиот социјален модел на дејствување. Разбирливо е дека од Европската унија не се очекува дека офанзивно за себе ќе преземе негување на постоечките модели. Парадигмата која се развива во овој случај, наместо државата и нејзината благосостојба, која ја опслужува својата во главно пасивна клиентела сега ја опишува благосостојбата на општеството, кое почива на активната инволвираност на граѓаните кои државата во прв ред ги активира, додека во крајната инстанца и финансиски ги поддржува. Тоа може да биде во бенефиција на општествениот ангажман, кое повторно може да придонесе кон зајакнување на европскиот социјален модел.

Во секој случај, европскиот социјален модел во иднина се обликува во националните, политичките и општествените рамки и во тие области во одредено време ќе се одвива како суштински дел од дејствувањето на Европската унија кон подобрување на социјалната кохезија.

## 6.2. ЕСТИМАЦИЈА[131] НА ЕДУКАТИВНИТЕ ИНТЕРВЕНЦИИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА

Овој дел од докторската дисертација се насочува кон истражувањето на проблематиката преку имплементација и разгледување на варијабилни статистички методологии кои се фокусираат на адресирањето на следните прашања[132]:

- *Кое е нивото на перформансот на едукативниот систем во промовирање и подобрување на социјалната кохезија;*
- *Кои се карактеристиките на образовниот систем за да работи подобро во однос на подобрување на социјалната кохезија?;*
- *За кого образовниот систем во Македонија работи подобро во промовирање на социјалната кохезија?*

Првото прашање може да биде обемно адресирано преку евалуација на тоа дали едукацијата, образованието, има каузални ефекти на социјалниот исход со поттикнување на нивото на нивното влијание во општественото опкружување. Додека пак, второто прашање може да биде адресирано со евалуација на специфичните интервенции на образовниот систем во Македонија, како што се реформите куриукулумот, разгледувањето на каузалните ефекти на социјалното општествено опкружување. Исто така, со цел да се евалуира и да се одреди обемот и нивото до кое одредените специфичности во образовниот систем, преку развојните компетенции, овозможувањето на достапноста до валидни информации, се поврзува со социјалната кохезија, врската меѓу едукативниот систем и социјалните исходи, каде е потребно да се земат предвид сите карактеристики на образовниот систем во Македонија. Исто така, третото прашање ќе биде адресирано со

[131] Естимација е процес на проценка на вредноста на големината од интерес врз основа на расположливите мерења, кои воглавно се индиректни, неточни и / или несигурни. Превод од ,,Teorija estimacije,, Nedjeljko Perić, Ivan Petrović, Mario Vašak, SVEUČILIŠTE U ZAGREBU Fakultet elektrotehnike i računarstva.

[132] Cooper, L.; Knight, B.; Blackmore, S. (2005). Društveni kapital u Hrvatskoj. Nacionalna zaklada za razvoj civilnoga društva,стр.26

евалуација на каузалните ефекти на образованието врз социјалната кохезија варирајќи преку популациските групи во македонското општество.

Статистичките методи се единствените методи кои може да понудат повеќе знаење и продлабочување на тематиката која се испитува во однос на содејствувањето на образованието и социјалната кохезија во македонското општество. Од тука, квалитативниот доказ на ваквото студија на случај може исто така да додаде дополнителна светлина на импактот на образованието во однос на специфичните едукативни интервенции. Покрај тоа, квалитативните резултати може исто така да отворат можности за правилна интерпретација на квантитативните резултати во натамошното емпириско истражување во студијата.

Според тоа, преку презентирање на квантитативниот доказ може да се рендерираат анализите како повеќе кредибилни за регулативите, истражувањата и практиките во полето на социјалните политики во Македонија. Во овие рамки, можеби еден од најсоодветните пристапи кон презентирање на доказот за постоење на нишка на меѓузависност меѓу ефективното образование и социјалната кохезија се темели токму на изучување и прегледување на соодветните истражувачки методи во комбинирање на квантитативната и квалитативната метода на истражување, земајќи предвид квантитативните докази од секундарната и примарната дата од користената литература во истражувањето.

Во однос на социјалната политика во мобилизирање на образовниот систем со цел подобрување на социјалната кохезија, првото и можеби најважното прашање е – дали образованието всушност го крева нивото на ефективни социјални исходи. За жал, одговорот на прашањето не е лесна задача, земајќи предвид потешкотиите во имплементација на рандомизирани (случаен избор) тактики за надгледување и евалуација каде индивидуите и надлежните институции и контролни групи мора да имаат повисоко ниво на едукација во дадената област.

## ЗАКЛУЧОК

Со имплементирање на овие методи и пристапи заедно, во комбинација на еден ефективен механизам на евалуација, може да се одредат каузалните ефекти на образованието врз социјалната кохезија во Република Македонија. И покрај потешкотиите, следниот дел ги опишува токму предизвиците и методологиите кои се однесуваат на каузалните врски претпоставувајќи ги присвоените методологии во однос на подобрување на социјалната кохезија преку образовниот систем и наставните методи на дејствување во македонското општество.

### 6.2.1. ИМПЛЕМЕНТИРАНИ МЕТОДИ СО ЦЕЛ АНАЛИЗА НА НИВОТО И НАСОКАТА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ЕДУКАТИВНИТЕ ИНТЕРВЕНЦИИ ВО ОДНОС НА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА

Со цел за прецизно да се разберат предизвиците за имплементација и одредување на каузалниот ефект на образовниот систем врз социјалната кохезија.

Образованието е типично измерено овде како број од годините на школување комплетирани од страна на одредените индивидуи со времето на социјалниот исход во периодот од кој е набљудуван. Векторот I, овозможува останати детерминанти во социјалниот исход од ваквите демографски карактеристики како што се годините, етницитетот, родот и слично, како и родителските и парентални позадински влијанија, родителите, блиската околина и слично.[133]

Буквално стотици студии на изучување на програмите, се враќаат во образовниот систем и негова евалуација со цел да се одреди формулата во рамките на влијателноста на едукативниот систем врз социјалната политика. Дури и членките на OECD, ги земаат предвид помалите но сеуште екстензивни

---

[133] Babić, Z. (2005), Participacija i ulaganje u obrazovanje u Hrvatskoj, Zagreb,str.67

тела на истражување кои користат сличен пристап кон одредување на крајниот исход од образовниот систем врз социјалната кохезија во едно општество како што е Република Македонија.

Ваквите искуства би можеле на пример, да ги охрабрат повеќето индивидуи да инвестираат многу повеќе во образованието, да барат многу поефективен третман за своите потреби, подобро да ги извршуваат своите режими на работење, и слично.

Потребно е да се забележи дека □ коефициентот исто така ги зема предвид и индиректните ефекти на социјалните исходи кои образованието може да ги има низ професионалните и стручни карактеристики во општественото опкружување. Коефициентот □ ги рефлектира комбинираните ефекти на сите насоки на подобрување на социјалната политика преку образовните програми.

Клучните емпириски предизвици во одредување на формулата која е погоре имплементирана се темели на можноста за едукативниот систем да се однесува како ендогена експлораторна варијабла, односно дека постои корелација меѓу образованието и социјалната кохезија. Ваквите корелативни однесувања ги одредува претпоставките кои се однесуваат на имплементација на подобрите образовни инструменти како дел од социјалната политика на една земја.

Во оваа ситуација одредениот коефициент □ˆ се темели на одредување на самиот коефициент со насочување врз големината преку зависноста на природата и силата на корелативната врска помеѓу образованието и социјалната политика на едно општество како што е македонската заедница. Постојат три причини поради кои образованието може да страда од ендогенетичките компоненти преку реверзибилна каузалност, сокриена трета варијабла во пресметување на корелативниот однос и преку грешки во евалуацијата.

Сепак, од секогаш постоел силен интерес за политиката имплементирана од општественото опкружување во рамките на објективната евалуација на ефективноста и ефикасноста на едукативните, образовни програми, каде истражувачите како одговор имаат придонесено со поголема тенденција да ги подобрат методологиите на економските евалуации и нивната имплементација.

Ова значително е случај во полето на развојот во општеството, откако едукативните интервенции се земаат предвид да се однесуваат како неодредени драјвери во редукција на сиромаштијата и поттикнувачи на економскиот раст и развој во Македонија. Емпириската литература и програмските евалуации ги истакнуваат јасно предизвиците при идентификување на каузалните ефекти за образовните интервенции на пазарот на трудот и социјалните исходи.

Со цел да се дискутираат ваквите предизвици, треба да се земат предвид следните едноставни статистички основни и програмски евалуативни пристапи. Според тоа, клучните предизвици во одредување на ефектите на едукативните интервенции потекнуваат токму од фактот дека повеќето политички интервенции таргетираат одредени популациски групи, односно третманот насочен кон одредени групи е селектиран намерно и со одредени цели. Постојат варијации од методи за редуцирање на негативните програми и влијанија земајќи предвид рандомизираната селекција. Ваквите методи кои се однесуваат на редуцирање на ваквите ефекти ги земаат предвид рандомизираните селекции при едукативните интервенции за одреден временски период.

Клучната идеја е да се поттикне проблемот и истиот да се оддели од информациите кои недостасуваат во одредување на хипотетските рамки претпоставувајќи дека програмата и партиципантите во истата не се всушност никако инволвирани во истата. Всушност, евалуацијата на таа основа е ултимативно проблем на информации и статистички прегледи кои во овој случај недостигаат или не се точно одредени.

Вариабилниот пристап кон овој проблем е да се конструира компаративна група со цел да се идентификуваат наспроти фактички насоки за тоа што би можело да се случи доколку едукативната програма се имплементира или доколку истата не се имплементира во образовниот систем како дел од социјалната политика за подобрување на социјалната кохезија. Групата е дизајнирана за да биде многу слична со партиципантите, со една клучна разлика – тие се рандом избрани. Рандомизација – селекцијата на одредената група која се истражува мора да биде имплементирана без никакви цели и насоки, каде е потребно само да се добро дефинирани карактеристиките на групата на луѓето и нивните маргини во општеството. Според тоа, не постои никаква разлика во одредените специфичности меѓу групите покрај тоа што една од двете групи го имплементира едукативниот програм во нивното работење. Со ваквиот ефект на истражување ќе може да се увиди точно ефективноста и имплементацијата на образовниот програм и социјалниот исход на двете групи.

Логиката се темели точно на одредување на социјалниот исход во периодот на имплементација на едукативната програма и нејзина евалуација. Клучот е да се идентификуваат варијаблите кои се важни за партиципативноста на програмата но да не се земаат предвид идните исходи и претпоставки. Во ваквите постоечки варијабли, тие се идентификуваат на основа на одредување на изворите како егзогена варијација во исходите на атрибутите од програмата, препознавајќи ги нивните имплементации како насочени и целни.

Всушност, може да се забележи во овие рамки дека индикаторите за крајниот исход, варираат со предикативните варијабли, кондициски влијаејќи едни на други и нивните карактеристики. Друг начин да се одреди импактот на едукативните интервенции врз социјалната кохезија во македонското општество, како општество во раст и развој, е да се користи методот кој е познат како регресија на дизајнот на дисконтинуитет.

И покрај тоа што овој метод првпат е претставен кон крајот на 60-тите години од минатиот век, неговата имплементација во полето на образованието и економијата е исклучително ефективна. Дизајнот на дисконтинуитетот на регресијата имплементира две основни и значајни претпоставки. Првин, селекцијата во рамките на образовните интервенции и мерки се темелат на набљудуваната варијабла која нормално се нарекува дополнителна варијабла со задача. Ова може на пример, да биде домаќинството и приходите кои истото ги прима, како и партиципантите со вредности над ваквите приходи, кои ќе се одредат како еден вид на група, додека оние со вредности пред ваквите домашни приходи, ќе се одредат како контролна група.

Како второ, крајните варијабли се континуитетна и ефективна функција на зададената варијабла, особено онаа која се поврзува со приходите на домаќинството кое се имплементира во претпоставката на хипотетските истражувања.

Всушност, овој метод не може да се имплементира кога се евалуира ефектот на едукативната интервенција преку волонтирање. Сепак, би можел да се имплементира при евалуација на ефектот на интензитетот на волонтирањето.




***Графикон бр.1 Дизајнот на регресијата на дисконтинуитет – приказ на имплементираната метода за преглед на образованата интервенција и нејзино влијание врз социјална кохезија***[134]

Според тоа од погоре имплементираниот графикон може да се илустрира токму точната регресија на дисконтинуитетот на дизајнираните методи. Да се претпостави дека еден приход на домаќинството е користен за одредените студенти во периодот на реализација на образовните интервенции. Домаќинството и неговите приходи се една варијабла, која започнува со минимум приход во домаќинството. Како што одредува самиот графикон, позитивниот ефект од елигибилноста, која се покачува погоре од својот минимум веднаш по реализација на едукативната интервенција во образовниот систем за истиот период каде испитуваните групи се инволвирани во истата.

[134] Извор – Marcella DELUCA 2007 – Implementation of the statistical surveys and indicators on the advantages and disadvantages of educational standardization and learning in Macedonia, UNICEF Macedonia

**ЗАКЛУЧОК**

Од горенаведеното може да се одредува дека ефектот на третманот во едукативната интервенција го истакнува јасно импактот на валидноста на програмите врз приходите на општествените можности, без разлика дали се имплементираат овде инструменталните варијабли, сепак се одредува јасната нишка меѓу социјалната кохезија и образовната интервенција, која јасно позитивно корелативно делува врз истата. Ова значително е случај во полето на развојот во општеството, откако едукативните интервенции се земаат предвид за редукција на сиромаштијата и поттикнувачите на економскиот раст и развој во Македонија.

## 6.3. ПРЕГЛЕД НА ИМПЛЕМЕНТИРАНИТЕ ВЛАДИНИ МЕРКИ ЗА СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО – АНАЛИЗА НА НИВНИТЕ РЕЗУЛТАТИ

Законската регулатива на Република Македонија нуди добра основа за подобрување на социјалната инклузија преку образованието. Отпочинати се и бројни процеси кои треба да овозможат градење стратегии и воспоставување механизми за користење на образованието во бараната насока. Дел од тие процеси ќе можат да се препознаат во препораките кои следат, што не би требало да ги прави препораките излишни, туку само да ја нагласи важноста на веќе започнатите заложби на општеството кон подобрување на неговата исклучивост.

Специфична стратешка цел

**Да се обезбеди целосен опфат на учениците во основното образование, да се обезбеди целосен опфат на учениците во средното образование, да се подигне нивото на писменост на населението, да се подигне нивото на образование на населението, и образовниот систем да се прилагоди на потребите на пазарот на трудот.**

**Резултати**

За постигнување на оваа цел во образованието, треба да се постигнат следните резултати:

(1.1) Сите ученици од соодветната возраст се запишани во основно училиште и го завршат основното образование;

(1.2) Наставните програми (курикулумите) и учебниците се прилагодени на потребите на децата со посебни образовни потреби;

(1.3) Работата на наставниците со децата со посебни образовни потреби е унапредена;

(2) Сите ученици се запишуваат во средно училиште веднаш по завршување на основното и го завршат средното образование;

(3) Намален е процентот на неписмено население и зголемена е реалната писменост преку оспособување на учениците за читање и пишување со разбирање;

(4) Зголемен е процентот на завршени средношколци кои се запишуваат на високообразовните институции и се стекнуваат со диплома за завршено високо образование;

(5) Обезбедени се услови за поврзување на средното образование и образованието на возрасните со пазарот на трудот;

(6) Обезбедени се правата на сите етнички заедници во еден итегративен образовен систем со цел поддржување на развитокот на едно кохерентно општество.

***МЕРКИ***

**Резултат 1.1: <u>Сите ученици од соодветната возраст се запишани во основно училиште и го завршат основното образование:</u>**

***а. Општи мерки***

1) Доследна примена на законските барања за определување на реонот што му припаѓа на секое училиште и обезбедување списоци на ученици на соодветната возраст што треба да бидат запишани во дадено основно училиште според реонот во кој припаѓаат;

2) Следење колку од децата се запишани и одат во секое одделно училиште, без оглед на тоа дали го посетуваат училиштето од својот или од друг регион;
3) Фокусирање на мерки за стимулирање на запишувањето и редовното посетување на училиштето и избегнување мерки со кои се санкционира незапишувањето и непосетувањето.

*б. Посебни мерки за децата со пречки во развојот*

1) Евидентирање на бројот на децата со пречки во развојот во пописот на населението;
2) Евидентирање на децата со пречки во развојот преку обезбедување соработка меѓу општината, здравствените и социјалните установи;
3) Обезбедување функционална класификација на децата со пречки во развојот (што можат да прават), наместо фокусирање единствено на дефицитите во нивните способности (какви „оштетувања“ имаат), за да може соодветно да се определи можноста за нивно вклучување во редовната настава;
4) Вклучување на децата со пречки во развојот во специјалните паралелки и училишта само тогаш кога е тоа од најдобар интерес на детето (неопходно за неговиот севкупен развој);
5) Прилагодување на инфраструктурата на редовните основни училишта на потребите на децата со пречки во телесниот развој, кои вклучуваат и внатрешни интервенции, а не само вградување на пристапни рампи;
6) Обезбедување дополнителни финансиски и кадровски бенифиции за редовните основни училишта што запишуваат деца со пречки во развојот;
7) Подготовка на посебни програми за основно образование на деца кои на 11-12 години не се опфатени во основното училиште, за да не чекаат до 15 години за да се вклучат во образованието за возрасни;

***в. Посебни мерки за децата Роми***

1) Обезбедување финансиски средства за задолжително вклучување на децата Роми и децата од другите социјално загрозени семејства во јавните претшколски установи;
2) Доделување парична помош на социјално загрозените семејства под услов да исполнуваат определени критериуми во врска со образованието на нивните деца (условни парични трансфери);
3) Обезбедување дополнителни финансиски и кадровски бенефиции за основните училишта со значителен број деца Роми;
4) Зголемување на квотите за запишување и обезбедување стипендии за студирање на Роми на наставничките факултети, особено на оние што подготвуваат одделенски наставници и воспитувачи;
5) Воведување задолжителна дополнителна настава во текот на целата учебна година за сите ученици што имаат проблеми во совладување на наставниот материјал;
6) Вклучување на невладиниот сектор во активности за подигање на потребата на родителите Роми за образование на нивните деца со посебен акцент за вклучување на девојчињата во образовниот процес.

**Резултат 1.2: Наставните програми (курикулумите) и учебниците се прилагодени на потребите на децата со посебни образовни потреби**

Прилагодување на методиката на совладување на јазикот на наставата на потребите на децата Роми чиј мајчин јазик е ромскиот:

1) Обезбедување мултикултурен пристап во учебниците и наставните материјали, преку вклучување содржини за историјата, културата и традицијата на Ромите што ги отсликуваат во позитивно светло;
2) Обезбедување присуство на ликови и слики на деца со пречки во развојот на учебниците и наставните материјали.

**Резултат 1.3: <u>Работата на наставниците со децата со посебни образовни потреби е унапредена</u>**

1) Оспособувањето на постоечките и идните наставници да можат да ја прилагодат наставата на потребите на децата со различни способности (и особено со посебни образовни потреби), од различно социјално потекло и од различна културна припадност и да ги препознаваат предрасудите што се манифестираат кон децата со пречки во развојот и децата Роми во училишната средина и да се борат против нив;
2) Обезбедување континуирана едукација на наставниот кадар за подигање на свеста за родовата и етничката рамноправност и елиминирање на родовите и етничките стереотипи и предрасуди од наставниот процес;
3) Формирање ресурсен центар од стручни лица (на ниво на општина) за работа со деца со посебни потреби што ќе соработува со наставниците кои работат со деца со посебни образовни потреби во редовната настава;
4) Воведување систем на ментори - наставници и соученици - тутори во работата со децата со посебни образовни потреби;
5) Развивање систем за мониторирање на работата на наставниците, за да се обезбеди напредок во постигањата на децата со посебни образовни потреби, но и да се спречи можноста за манифестирање на секаков облик на предрасуди кон децата што се подложни на тоа;
6) Обезбедување предност за вработување наставници Роми во училиштата во кои значителен процент од учениците се припадници на ромската заедница.

**Резултат 2: <u>Сите ученици се запишуваат во средно училиште веднаш по завршување на основното и го завршат средното образование</u>:**

***а. Општи мерки***

1) Проширување и преструктуирање на мрежата на средни училишта на начин кој ќе ја приближи на потребите на учениците на локално ниво, со што на учениците ќе им се понуди поголема можност за избор на средното училиште што ќе биде поблиску до нивниот дом;

2) Обезбедување механизми за следење колку од децата што завршиле основно образование се запишуваат во средно училиште;
3) Обезбедување компатибилност на наставните планови и програми од еден до друг вид средно училиште за да се обезбеди хоризонтална мобилност на учениците.

***б. Посебни мерки за децата од ранливите категории***

1) Прилагодување на инфраструктурата на редовните средни училишта на потребите на децата со пречки во телесниот развој, кои вклучуваат и внатрешни интервенции, а не само вградување на пристапни рампи;
2) Проширување на бројот на струките што се нудат во специјалните средни училишта за децата со пречки во развојот;
3) Обезбедување привилегии при вработувањето на децата со пречки во развојот по завршувањето на средното училиште;
4) Доделување парична помош на социјално загрозените семејства под услов да исполнуваат определени критериуми во врска со образованието на нивните деца (условни парични трансфери);
5) Обезбедување дополнителни финансиски и кадровски бенефиции за средните училишта со значителен број деца Роми;
6) Воведување задолжителна дополнителна настава во текот на целата учебна година за сите ученици што имаат проблеми во совладување на наставниот материјал;
7) Вклучување на невладиниот сектор и координирање на нивните активности насочени кон подигање на потребата на родителите Роми, Албанци и Турци за образование на нивните женски деца.

**Резултат 3: Намален е процентот на неписмено население и зголемена е реалната писменост преку оспособување на учениците за читање и пишување со разбирање**

1) Засилување на дејноста на институциите, установите и невладиниот сектор вклучен во образование на возрасните во спроведување програми за базично

описменување на оние делови од населението што останале без формално образование или не успеале да го завршат основното;

2) Зголемен опфат и намалување на стапката на отпишување на девојчињата од образовниот систем особено од руралните средини и етничките заедници;
3) Подигање на квалитетот на образованието по мајчините јазици, со користење пристап кој ќе биде ориентиран кон стекнување вештини за читање и пишување со разбирање;
4) Воведување стандардизирани тестирања на национално ниво на крајот од секој циклус на основното образование што ќе овозможат секое училиште да следи колку успеало да ги постигне предвидените наставни цели поврзани со реалното описменување на учениците;
5) Обезбедување меѓународно споредливи мерки на стапката на писменост на населението.

**Резултат 4: <u>Зголемен е процентот на завршени средношколци кои се запишуваат на високообразовните институции и се стекнуваат со диплома за завршено високо образование</u>**

1) Преземање на сите претходно наведени мерки за зголемување на опфатот во средното образование;
2) Отстранувањето на родовите и етничките стереотипи во учебниците и наставните материјали за основно и средно образование и воведување наставни содржини за родова и етничка еднаквост;
3) Обезбедување финансиска поддршка (во вид на стипендии, бесплатно сместување во студентски домови и сл.) за завршените средношколци од социјално загрозените семејства, кои постигнале висок успех и продолжуваат редовно да студираат;
4) Прилагодување на инфраструктурата на факултетите на потребите на младите со пречки во телесниот развој;
5) Усогласување на законската регулатива од областа на образованието со одредбите од Законот за еднакви можности на жените и мажите.

**Резултат 5: Обезбедени се услови за поврзување на средното образование и образованието на возрасните со пазарот на трудот**

1) Реформирање на средното стручно образование во правец на обезбедување доволно можности за брзо и ефикасно оспособување на учениците за практични занимања согласно европските трендови;
2) Воведување механизми за следење на образовните потреби на пазарот на трудот;
3) Прилагодување на наставните планови на потребите на пазарот на трудот;
4) Воведување на нови образовни профили;
5) Воведување успешни механизми за соработка со компании и работодавачи;
6) Развивање програми за преквалификација и доквалификација прилагодени на различните целни групи, согласно потребите на пазарот на трудот;
7) Ширење на мрежата на лиценцирани организации или индивидуи кои можат да спроведуваат преквалификација и доквалификација на возрасните согласно потребите на пазарот на трудот и следење на нивната работа;
8) Обезбедување сертификатите добиени по завршена преквалификација или доквалификација да бидат конкурентни на пазарот на трудот.

**Резултат 6: Обезбедени се правата на сите етнички заедници во еден итегративен образовен систем со цел поддржување на развитокот на едно кохерентно општество**

1) Преземање на активности за намалување на поделбите по етничка основа на сите ниво на образовниот систем, вклучувајќи ги и административните структури;
2) Организирање на вонnаставни активности за учениците за подобро разбирање и запознавање на јазиците, културата, обичаите, а се со цел подигнување на свеста дека интегративниот образовен систем е клучен елемент за едно кохерентно мулти – етничко општество.

## 6.4. ПРЕГЛЕД НА МЕРКИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА И МАКЕДОНСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Општиот раст и развој Европската унија го темели на конкурентност и економски динамизам кој се темели на знаење и вработување на што поголем број граѓани. Стратегијата на социјалната политика е во функција на растот и развојот на конкуренцијата. Развојот на човечкиот потенцијал според тоа, како и создавањето на условите за нивна реализација е основа за таквата стратегија. Социјалниот капитал е еден од темелите на вкупниот економски раст и развој. Постојат примери повеќе каде социјалниот односно интелектуалниот капитал, знаењето и креативноста, се многу повеќе важни од природните ресурси на една земја. Затоа, социјалната вклученост е основа на концептот на социјалните политики во земјите во Европската унија.

Земјата во која висок индекс на социјална исклученост е зачестена појава, не може да биде[135]:

- *Хумана и демократска*
- *Продуктивно и ефикасно општество*
- *Не може да биде вклучена во Европската унија како членка.*

Системот кој има голем обем на социјална изолација, работи против себе. Социјалната политика на Европската унија во последната деценија го поставува фокусот на намалување на социјалната исклученост низ имплементација на поимот "социјална исклученост", во преамбулата на Европската социјална повелба (1989). Овде се вклучуваат нејзините измени и дополнувања, кога во неа е имплементирано и новото право, односно правото на заштита од сиромаштија и социјална исклученост. Во 2000 година, лидерите на Европската унија, го покренуваат и процесот на социјална кохезија за да се реализира одлучувачкото влијание на искоренување на сиромаштијата до 2010 година.

[135]EUROSTAT – Социјалната кохезија и проблематиката на сиромаштијата и ниската писменост, 2004 – трансформативен репорт, Популацијата во ризик од сиромаштија, ЕУ, 2003

Од тогаш Европската унија понуди целосна рамка за развој на националните стратегии, како и за политичка координација меѓу земјите членки, за прашањата поврзани за сиромаштијата и социјална исклученост. Европската унија продолжува со својата борба за социјална кохезија, која кулминира и со Лисабонскиот договор од 2000 година. На заседанијата на Европскиот Совет во Лисабон и Фиераи државите членки на Унијата покренуваат голема иницијатива со која борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост ја прават еден од централните елементи за модернизација на Европскиот социјален модел[136].

Шефовите на државите и владите заедно се сложија дека политиката и нивната борба против социјалната исклученост треба да се темели на Отворен метод на координација во комбинација со националните акциони планови и програма презентирани од страна на Комисијата за поддршка на соработката на ова подрачје.

Отворениот метод на координација подразбира всушност, пет основни елементи и тоа[137]:

- *Заеднички цели;*
- *Национални акциони планови за социјална инклузија;*
- *Заеднички меморандум за вклученоста;*
- *Заеднички извештаи за социјално вклучување;*
- *Заеднички договорени индикатори на социјалната исклученост или Лаекен индикаторите;*
- *Размена на стекнатите искуства.*

Заседавањата на Европскиот совет во Лисабон и Феираи промовираа заедно социјално единство како суштински елемент на стратегијата на Унијата на реализација на нејзината стратешка цел за следната деценија, а тоа е истата да стане најконкурентна и најдинамична економија во светот која ќе се темели на

[136] EUROSTAT – Социјалната кохезија и проблематиката на сиромаштијата и ниската писменост, 2004 – трансформативен репорт, Популацијата во ризик од сиромаштија, ЕУ, 2003
[137] EUROSTAT – Социјалната кохезија и проблематиката на сиромаштијата и ниската писменост, 2004 – трансформативен репорт, Популацијата во ризик од сиромаштија, ЕУ, 2003

знаење, со одржлив економски раст и развој, со поголем број и подобри работни места и поголема социјална еднаквост.

На 17-ти октомври 2000 година, Советот на Европската Унија за социјална политика и вработување, ги дефинира целосно целите за борба против социјалната ексклузија и за искоренување на сиромаштијата. Според инструкциите на Советот во Лисабон и Санта Марија де Феира, тие цели се следните[138]:

- *Олеснување на учеството во вработување и пристап за сите ресурси, права, добра и услуги;*
- *Спречување на ризик од исклученост;*
- *Помош за најзагрозените;*
- *Мобилизација на сите релевантни тела.*

На самитот на Советот на Европа одржан уште од 1997 година од минатиот век, како еден од приоритетните цели се истакнува промоцијата на социјалната кохезија во европските земји. На тој самит се темели Одборот за социјална кохезија со кој одредената задача на изработка на Стратегијата за социјална кохезија е Советот на Европа. Самата стратегија на социјалната кохезија се усвојува од 2001година, додека основната појдовна точка се резултатите од проектот на "човечкото достоинство и социјалната ексклузија".

Стратегијата првенствено инсистира на фактот дека социјалните права треба да бидат за сите еднакво достапни. Токму на темата на достапноста на социјалните права од 2003 година се усвојува документот на Советот на Европа, под називот пристап кон социјалните права.

Меѓутоа, по кратко време се јавува потребата за измена на Стратегиите на социјалната кохезија, каде Одборот започнува работа на ревидирана верзија. Така настанува Ревидираната стратегија на социјалната кохезија, која е усвоена

[138]EBRD, 1999.Транзициски репорт, Лондон, Европска Банка за Реконструкција и Развој во општествениот поредок, 2000, стр.589

на седницата на Одборот на министрите одржана на 31 март во 2004 година.[139] Овде станува збор за важен документ на Советот на Европа во кој се содржат основните оценки и насоки за делување на сите важни аспекти на социјалната политика во Европа.

Важно е да се истакне дека, покрај основниот документ, Одборот за социјална кохезија го присвојува Методолошкиот водич за изработка на индикаторите на социјалната кохезија, кој во одреден дел од европските земји и региони е веќе применет и се покажува како корисен. Како најнов документ, се дизајнира истиот за да се обезбеди фактот дека политиката од Европската унија ефективно одговара на денешните и економските социјални предизвици.

При тоа на 2-ри јули 2008 година се присвојува обновениот програм на Ревидираната социјална агенда. Националните акциони планови за социјалната вклученост претставуваат главните канали низ кои земјите членки на Унијата ги реализираат договорените заеднички цели. Истите ја анализираат природата и размерите на сиромаштијата и социјалната ексклузија, утврдувајќи ги главните трендови и предизвици и наведувајќи ги деталните мерки планирани со политиката.

Во процесот на изработка на Националните акциони планови за социјалната инклузија за земјите кандидати или оние кои пристапуваат на Унијата, пред нивното членство во Унијата, претходи Заедничкиот меморандум за вклученост, односно JIM[140].

Овие меморандуми ја анализираат ситуацијата по прашање на социјалната кохезија и инклузија, разгледувајќи го успехот на постоечките политики и идентификувајќи ги клучните приоритети за иднината. Процесот на изработка на Заедничкиот меморандум за вклученоста настојува земјите кои пристапуваат кон ЕУ и земјите кандидати да подготват учество во ОМС[141], кои ги очекуваат по

[139] EBRD, 1999.Транзициски репорт, Лондон, Европска Банка за Реконструкција и Развој во општествениот поредок, 2000, стр.589
[140] Joint Inclusion Memorandum – JIM (Заеднички меморандум за инклузија)
[141] Одлука на Советот на Министри

пристапување на Европската унија. Со процесот настојуваат при тоа да изградат статистички капацитети за проследување на состојбата на сиромаштијата во дадените земји како и социјалната ексклузија.

Ваквиот процес за потпишување на ЈІМ, е задолжителен за сите земји во процесот на пристапување. Република Македонија се наоѓа во текот на процесот на подготовка за новите стратешки документации кои започнуваат од 2015 година, Стратегиите за развој и Стратегиите за социјална кохезија и социјална инклузија од 2015 до 2020 година. Процесот на изработката на наведените стратешки документи е одобрен од Координациониот одбор за економски раст и развој и европската интеграција на Европскиот договор за стабилизација и придружување на Европската Унија со Министерството и Владините институции на Република Македонија, добивајќи на важност поради предпристапните активности.

Покрај тоа, значајноста на споменатите стратешки документи е во тоа што исто така претставуваат и основа за Стратешките рамки за усклaдување, потребни за програмирање и имплементирање и на IPA[142] фондовите во период кога Република Македонија ќе стане земја кандидат.

Македонија како и земјата во процесот на Европските интеграции е задолжителна за својата политика да ја хармонизира со Европската Унија и концептот на социјална кохезија. Во тој контекст, подготовката на Стратегијата за социјалната кохезија на РМ и нејзината имплементација е исклучително важен чекор напред, овозможувајќи целосна реформа на социјалниот сектор, како и основа за подготовка на ЈІМ. Покрај овие европски барања, постоењето на социјалната ексклузија во Македонија и нејзиниот интензитет, зборува дека овој проблем е многу поголем и бара итни промени и прилагодување на соодветната политика на загрозените заедници во општеството во земјата.

[142] **IPA FOND** - Instrument for Pre-Accession Assistance - Инструмент за претпристапна помош

## ОПШТ ЗАКЛУЧОК

Според гореистакнатото може да се доаѓа до заклучок дека Р. Македонија ќе мора итно да постапи во усклaдување на законодавните рамки, политиката и практиката на институциите и стандардите на функционирање на Европската унија. Тоа ќе биде сериозен и макотрпен процес за сите учесници, на сите нивоа на општеството. За да може да даде свој придонес во борбата против социјалната исклученост, Бирото за човековите права во Скопје во партнерство со Хелсиншкиот комитет[143], се подготвуваат да припремат повеќе проекти за интеграција и социјална кохезија кон активно граѓанство во општеството. Во рамките на ваквите современи, демократски и хумани проекти, потребно е да се врши истражување на состојбата на социјалната ексклузија (исклученост) и социјалната нееднаквост во земјата, кое ќе послужи за креирање на кампањи за измените и дополнувањата на законот за здравствената и социјалната заштита, како и во исто време нудење на статистичките податоци неопходни за разбирање и натамошна борба за социјалната кохезија во Република Македонија.

[143] http://mhc.org.mk/

# 7. СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА И ЕФЕКТИВНИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 7.1. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИНДИКАТОРИТЕ НА СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Почетоците на организираниот извештај во однос на социјалната вклученост имплементира дефиниран механизам од неколку статистички показатели за социјалната вклученост како рамка за проследување на состојбата на ниво на земјите на Европската унија во основни, четири димензии и тоа[144]:

- *Финансиска сиромаштија;*
- *Вработеност;*
- *Здравје;*
- *Образование.*

Предлог на показателите опфаќа десет примарни и осум секундарни индикатори[145]. Примарните и секундарните индикатори се хармонизирани и потребно е ефективно да се совпаѓаат на ниво на Европската унија. На членките при тоа им се овозможува да ги проследуваат и национално специфичните показатели кои се значително важни за дополнителната интерпретација на примарните и секундарни индикатори. Истите овозможуваат на земјите да ги следат специфичните феномени на социјалната исклученост, релевантни за контекстот на поединечните земји членки на Унијата.

Национално специфичните показатели сепак, сеуште не се хармонизирани на ниво на земјите членки. Проследувањето на показателите и состојбата на социјалната исклученост во Македонија, доведува до согледување на еден феномен на “мултидимензионалност“ на социјалната

[144] Cooper, L.; Knight, B.; Blackmore, S. (2005). Društveni kapital u Hrvatskoj. Nacionalna zaklada za razvoj civilnoga društva,стр.28
[145] Изведени во рамките на Лакен, Истражување ЕУ, 2001

исклученост и потребите кои, освен споменатите димензии и познатите Лакен показатели[146] развиваат и дополнителни индикатори кои ќе овозможат проследување на состојбата во следните области[147]:

- *Услови на живеење;*
- *Континуирана и привремена сиромаштија;*
- *Пристап кон јавни и приватни услуги;*
- *Сиромаштија кај вработените;*
- *Презадолженост;*
- *Состојба на зависност од социјална и семејна помош.*

Останатиот приоритет со цел унапредување на системот за проследување на односите се темелат на постојано усовршување и надградување на статистичките инструменти за следење на состојбата на социјалната исклученост, за да може да се подобри прецизноста и точноста во однос на изведување на компаративната анализа на податоци на ниво на земјите членки на Европската унија. Во овие рамки, по дефинирање на Лакен показателите, продолжува и работата на натамошно усовршување и доработка на почетните листи на индикатори.

Во рамките на имплементација на листата показатели, се имплементираат како однапред кажаното, одреден број на примарни и одреден број на секундарни показатели. При тоа, се истакнале и нови показатели кои биле стапката на развој на сиромаштијата според интензивноста на работата на членовите на домаќинството, ниска функционална писменост[148] како и ризиците од сиромаштија кај вработените во Македонија. Додека пак, останатите два показатели дефинираат – стапка на ризик од сиромаштија според најчестиот статус на пазарот на трудот и родот и лицата кои живеат во домаќинствата без вработени членови, како последица на нагласената

[146] Во 2001ва година во Белгискиот град Лакен се дефинираат збир на 18 статистички показатели на социјална исклученост како рамки за следење на состојбата

[147] Cooper, L.; Knight, B.; Blackmore, S. (2005). Društveni kapital u Hrvatskoj.Nacionalna zaklada za razvoj civilnoga društva,стр.27

[148] Која се мери со PISA тестот,

потреба дека за децата треба да им се даде посебна важност и да им се овозможи испитување на сиромаштијата и социјалната исклученост кај децата, не само преку еден показател на ризици на сиромаштијата, туку да се присвои и дисагрегирање по староста во ситуации кога таквата поделба има смисла и е статистички цврста.




***Графикон бр.4 Процент на регистрирана невработеност по градови во Македонија 2012-2015***[149]

Како што може да се види од погоре имплементираниот графикон бр.4, процентот на регистрирана невработеност во Македонија до 2015 година е значително зголемен. Истиот, во последните четири до пет години земајќи предвид повеќето градови низ Македонија, опфаќа и до 38% што е навистина голем број. Особено мал број на невработени има во Штип, каде само 15% од населението е невработено.

[149] *Извор:* *http://bim.lbg.ac.at/sites/files/bim/Izveshtaj%20za%20siromashtijata%20i%20socijalnata%20isklucenost%20vo%20Makedonija%20za%202011%20godina_MKD_e.pub_.pdf*

Интересен факт е тоа што Штип се истакнува и како центар во кој се наоѓаат неколку факултетски и високо образовни институции кои се значително успешни во своето работење во Република Македонија. Веднаш по Штип, со најмал процент на невработеност се истакнува и Скопје, кој исто така важи и за студентски град во Република Македонија. Дали ова навистина значи дека високото образование поттикнува помала неврабтеност, а со тоа и ја зголемува социјалната кохезија и инклузија во едно општество, останува да се увиди од останатите статистички индикатори.

Всушност, невработеноста значително влијае врз социјалната ексклузија во Република Македонија. На таа основа, според податоците од Државниот завод за статистика, во IV квартал на 2014 година, вкупната работна сила во Република Македонија изнесувала 961.416 лица, од кои 696.046 се вработени, додека 265.370 се невработени лица. Стапката на активност за овој период била 57,4%, стапката на вработеност 41,5%, додека стапката на невработеност изнесувала 27,6%. Од вкупната бројка на невработени, над 45.000 се на возраст до 29 години, од кои 25.000 во Агенцијата за вработување се регистрирани како активни баратели на работа, а другите како пасивни.

Според извештајот за активност на населението во Република Македонија за 2010 година стапката на активност е 33,3%, стапката на вработеност 15,4% и стапката на невработеност 53,7% . Податоците за 2014 година покажуваат дека стапката на активност кај младите од 15 – 24 години е 30,6%, стапката на вработеност 15,2%, а стапката на невработеност 50,4%.

Колку всушност, влијае невработеноста и вработеноста врз социјалната вклученост на македонските граѓани, покажува подолу имплементираната студија спроведена во однос на одредување на стапките на активност на македонските вработени и невработени граѓани. (Таб.6)

***Табела бр.6 Стапки на активност и социјална вклученост на населението во однос на вработеноста и невработеноста за 2014 година***

| воз-раст | Работоспособно население | | | Стапка на активност | | | Стапка на вработеност | | | Стапка на невработеност | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | мажи | жени | вкупно | мажи | жени | вкупно | мажи | жени | вкупно | мажи | жени |
| 15-19 | 139.118 | 71.669 | 67.450 | 12.7 | 15.2 | 10.1 | 4.8 | 5.3 | 4.3 | 62.3 | 65.2 | 57.6 |
| 20-24 | 157.087 | 80.671 | 76.416 | 52.2 | 61.8 | 42.0 | 26.2 | 31.1 | 21.2 | 49.7 | 49.7 | 49.6 |
| 25-29 | 164.495 | 84.153 | 80.342 | 77.2 | 86.7 | 67.2 | 45.9 | 52.3 | 39.2 | 40.5 | 39.7 | 41.7 |

*Извор - Активно население во Република Македонија, Резултати од Анкетата за работна сила, IV тримесечје 2014 година од Државниот завод за статистика*

Според погоре имплементираната табела бр.6, земајќи предвид индикаторите кои укажуваат на степенот на невработеноста, укажува всушност на високиот ризик од социјална исклученост меѓу овие млади луѓе во Македонија. Земајќи предвид ваквите индикатори, со сигурност може да се заклучи всушност, дека невработеноста значително влијае врз социјалната исклученост во Република Македонија. Во тие рамки, со цел да може да се увиди поточно и да се добијат прецизни податоци за тоа до кој степен младите граѓани се социјално исклучени, подобро е да се земе предвид степенот на вработеноста, односно невработеноста во земјата.

Република Македонија во рамките на надлежните институции во земјата има присвоено извештај за показателите кои ќе се користат во отворената метода на координација (ОМК), во социјалната заштита и подобрување на социјалната кохезија[150]. Вака дефинираните показатели ја покриваат областа на социјалната исклученост, областа на пензиите и здравјето и со тоа претставуваат цел еден сет на показатели за проследување на социјалното вклучување и социјалната заштита. Во рамките на показателите на ОМК во областа на социјалната заштита и социјалното вклучување се предложуваат и

[150] Европска Комисија, Вработување, Социјални показатели, Еднакви Можности, ДГ, Портфолио за имплементирање на индикатори и истакнување на социјална инклузија, пензија и здравствено портфолио, Брисел, јуни 2006

четири сетови на показатели и тоа сет на кровни показатели[151], сет на показатели во рамките на сите три основни димензии – социјално вклучување, пензии и здравствена заштита.

Сетот на показатели на социјалното вклучување, со одредените измени и дополнувања кои се направени од 2008 година, прикрива првобитно присвојување на показателите на социјалното вклучување усвоени уште од почетокот на 2001 година од новиот век, во Лакен.

На основа на ново усогласениот сет показатели чија цел е проследување на Европската стратегија за социјална заштита и социјално вклучување, се поднесува и нов сет усогласени стратегии во вид на Национални извештаи застратегија на социјална заштита и социјално вклучување. Во своите национални извештаи, земјите членки прв пат известувале според целите усвоени во март 2006 година[152].

Следната реивизија за сетото показатели за мониторинг на Европската стратегија за социјална заштита и социјално вклучување е имплементирана во 2009 година, резултирајќи со имплементација на дополнителни показатели за проследување на состојбата на социјалната вклученост. Посебен напредок е реализиран во обласа на развој на немонетарните показатели, доаѓајќи до присвојување на показателите на материјалната депривација и престојување.

Тогаш се присвојува и новата рамка за дефинирање на показателите, кои тргнуваат од методолошките принципи договорени за сетот показатели од Лакен, како и отстапување на оваа рамка на два начини[153]:

---

[151] Кровните показатели би требало да одржуваат кровни, основни цели, да се зајакне врската со Лисабонската стратегија и стратегијата на одржливиот развој, вклучени се и структурните показатели тука.
[152] Во самиот документ на Европската комисија во портфолиото, од јуни 2006-та година, наоѓаат наведени цели за секој сет показатели. Кај сетот на кровните показатели, показателите не мора да бидат доделени поединечно на цели, бидејќи постојат показатели кои илустрираат повеќе кровни цели – унапредување на социјална кохезија, еднаквост на полови, еднакви можности за сите како и имплементација на ефективна интеракција меѓу Лисабонските цели кои се однесуваат на економскиот раст и развој отворање на нови работни места, зголемување на социјална кохезија со цели за Стратегијата за одржлив развој на ЕУ
[153] Cooper, L.; Knight, B.; Blackmore, S. (2005). Društveni kapital u Hrvatskoj. Nacionalna zaklada za razvoj civilnoga društva,

- *За подобро да се одржува делувањето и влијанието на политиката;*
- *Избор на показателите каде не е ограничен на показателите на исход.*

Во овие рамки се внесува и одредено ниво на флексибилност и можност за на листата на проследените показатели да се внесат и заедничките договорени национални показатели – на основа на заеднички договорени дефиниции и претпоставки. Во рамките со дефинирање на показателите, на ниво на Европската унија постоечкото е континуирано унапредување на показателите на социјалното вклучување и намалување на сиромаштијата. Со тоа развојот на одредените политики или нивната приоретизација е проследена со симултани унапредувања на статистичка основа за донесување на ефективни политики.

## ЗАКЛУЧОК

Најдобар примерок за карактеристиките на индикаторите на социјалната кохезија претставуваат политиките за активно стареење проследен со детални и сеопфатни известувања за положбата на постарата популација, грижа за одржливиот и рамномерен развој проследен со продлабочување на статистичкото известување за дистрибуција на приходите и степенот на урбанизација, каде е зголемен интересот и значајноста на политиката на миграцијата доведувајќи до развој на сет на показатели за мерки за ризик од сиромаштија и социјална исклученост кон државјанството или земјата на раѓање. Ваквите примероци на симултано поттикнување на развојот на политиките и статистичките основни претставуваат добра насока за Македонија, укажувајќи кон неискористен потенцијал и можности за натамошно унапредување на статистичкиот систем.

### 7.1.1. АНАЛИЗА НА СОЦИЈАЛНАТА ИСКЛУЧЕНОСТ И СИРОМАШТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Земајќи предвид индикаторите во рамките на значајноста на јасните и прецизни податоци за нивото на социјална исклученост во Република Македонија, од голема важност е да се истакне точниот степен на сиромаштија и тоа имплементирано во тесна врска со социјалната исклученост во земјата. Со таа цел, се користат статиситчките податоци на основа на Лаекен индикаторите за сиромаштија во Македонија за 2014-15 година.

Државниот завод за статистика, врз основа на податоците од Анкетата за приходи и услови за живеење која се спроведува во согласност со препораките на Европската унија, во 2015 година ги пресмета Лаекен индикаторите за сиромаштијата за 2013 и 2014 година. Основа на пресметките на сиромаштијата се приходите, а прагот на сиромаштијата е дефиниран на 60% од медијалниот еквивалентен приход.

Според податоците, во 2014 година, стапката на сиромашни лица во Република Македонија изнесуваше 22.1%. Анализирано по типови на домаќинства, стапката на сиромаштија на домаќинства составени од двајца возрасни со две издржувани деца во 2014 година е 25.0%. Според најфреквентниот статус на економска активност, стапката на сиромашни вработени лица е 9.8%, додека стапката на сиромашни пензионери е 8.4%. Gini коефициентот (мерка за нееднаквоста во распределбата на приходите) изнесува 35.2%[154].

[154] http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=115

***Табела бр.7 Индикатори на сиромаштија и социјална исклученост 2012-2014 година***

| | 2012 | 2013 | 2014 |
|---|---|---|---|
| Стапка на сиромашни лица, % од населението | 26.2 | 24.2 | 22.1 |
| Број на лица кои живеат под прагот на сиромаштија, во илјади | 540.1 | 500.4 | 457.2 |
| Праг на сиромаштија за самечко домаќинство, годишен еквивалентен приход во денари | 67 200 | 70 275 | 71 925 |
| Праг на сиромаштија за четиричлено домаќинство (2 возрасни и 2 деца помали од 14 години), годишен еквивалентен приход во денари | 141 120 | 147 578 | 151 043 |
| Стапка на сиромашни лица пред социјални трансфери и пред пензии, % од населението | 42.6 | 41.0 | 41.7 |
| Нерамномерна распределба на приходите, S80/ S20 квинтилен соодност на приходи, % | 10.2 | 8.4 | 7.2 |
| Нерамномерна распределба на приходите, Gini коефициент, % | 38.8 | 37.0 | 35.2 |

Извор – Државен Завод за Статистика – Лаекен студија, извештај за стапка на сиромаштија – 2014/15 година

Според расположивите социо економски индикатори за 8-те региони во Република Македонија, дефинирани за статистичките потреби и големината на истражувањето на оваа категорија, а со цел да се создаде квалитетна база на информации.

Обезбедувањето на сеопфатни и квалитетни податоци за секоја загрозена категорија на социјално исклучени млади лица ќе значи можност за мерење, следење и анализа на одредената категорија од населението и подготовка на соодветна стратегија за социјална вклученост.

Всушност, степенот до кој една индивидуа е социјално вклучена може да се оцени со добивање на информации во однос на нивото на пристап и/или учество во различни активности, како на пример: здравствени и социјални услуги, техничко и повисоко образование, вработување, забава, модерна комуникација, пријателства, семејство/партнерство.

Земајќи предвид, социјалната вклученост во Република Македонија и значајноста на точното и прецизно истакнува на значајните индикатори во однос на степенот на социјалната исклученост и сиромаштијата, една од значајните категории кои е неопходно да се опфатат во оваа студија се и младите луѓе. Во тие рамки, младите во Република Македонија се значајна ранлива група на која е исклучително потребно да се обрне соодветно внимание со цел подобрување на социјалната вклученост во Република Македонија.

***Табела бр.8 Млади лица на возраст од 15-20 год. Според економскиот статус во Македонија за 2014***

| Економски статус | Лица на возраст од 15 до 19 години | |
|---|---|---|
| | Број на лица | Структура (%) |
| Вкупно | 164.156 | 100.0 |
| *Активни лица* | 24.807 | 15.1 |
| Вработени | 3.143 | 1.9 |
| Невработени | 21.664 | 13.2* |
| *Неактивни лица* | 139.349 | 84.9 |
| Ученици и студенти | 105.402 | 64.2 |
| Домаќинки | 6.993 | 4.3* |
| Трајно неспособни | 487 | 0.3* |
| Други неактивни | 26.467 | 16.1* |
| **НОВО** | **55.611** | **33.9** |

Земајќи предвид процентот на невработени лица кои спаѓаат во групата на млади до 20 години во Македонија, значително може да се забележи дека младите луѓе и те како се загрозен вид во однос на поттикнување на социјалната исклученост во нивни рамки.

## ЗАКЛУЧОК

Според анализираното, квантитативните податоци во однос на степенот на младите лица кои не се во образованието, не се вработени или не спаѓаат во никаква програма на обучување во Република Македонија, значително истакнува дека постои голем проблем на социјална исклученост меѓу младите граѓани во земјата. Меѓутоа, старите и изнемоштени лица исто така може да истакнат значителен проблем при овој степен на дејствување на социјалната исклученост во земјата, но сепак, справување со намалениот степен на социјална вклученост и инклузија меѓу младите луѓе, посредно ќе значи и автоматско намалување на степенот на стари лица како и превентивно дејствување и влијание врз идните млади групи и нивото на нивната економска активност исто така. Токму поради тоа, проблематиката со поттикнување на вработеноста и економската активност кај младите луѓе во Република Македонија иако комплексна, е навистина многу значајна за да се дојде до нејзино решение со цел да може да се спроведат ефективни мерки за поттикнување на социјалната кохезија во македонското општество.

## 7.2. ПОПУЛАЦИЈА КОЈА Е ПОД РИЗИК ОД СОЦИЈАЛНА ИСКЛУЧЕНОСТ

Со цел хармонизација и ефективно спроведување на стратегиите на Европа 2020, во доменот на социјалното вклучување и намалување на сиромаштијата се креира нов показател – популација под ризик на сиромаштија и социјална исклученост. Овој показател е основниот показател за проследување на имплементацијата на стратегијата во рамките на сиромаштијата и социјалната исклученост во Македонија, бивајќи осмислен така што ќе ги рефлектира деловите од полулацијата која е под ризик од сиромаштија, материјално деприивирана, и живее во домаќинство со ниска работна интензивност. (сл.3)




***Слика бр.3 Основен показател на спроведување на стратегијата - рефлектирање на делот од популацијата***[155]

Со цел објаснување на истите, во текот на 2010 година околу 23'% од популацијата била под ризик на сиромаштија или социјална исклученост, а кога се набљудуваат поединечните компоненти, околу 16% од популацијата била под ризик на сиромаштија околу 8% сериозно материјално деприривирани и околу 10% од ЕУ популацијата со старост до 59 години живееле во домаќинства со исклучително низока работна интензивност. Со оглед на тоа дека наведените показатели претставуваат современа унија на три различни фактори на ризик, европската статистика дава детални податоци и за различни комбинации на ризици. Ова значи дека е возможно да се дојде до податоци

[155] Извор - Alavej D. „Movement of social sustainable development - comprehensive study the issue„ ,London, National Institute of Social Conflict and Education, Voodbrook, 2001

како дел од популацијата која се наоѓа и во каков вид на ризик се наоѓа, вклучувајќи и исклучувајќи ги другите видови ризици[156].

На овој начин, најсериозно загрозените може да се сметаат за домаќинствата кои припаѓаат истовремено на сите три видови ризици, графички таа популација се наоѓа како пресек од трите круга на сликата бр.3.

Република Македонија за жал, сеуште не може да известува во рамките на овие современи показатели, меѓутоа со спроведување на повеќе анкети се очекува овие податоци веќе да станат достапни.

Факт е дека ваквите показатели исклучително многу може да помогнат на Република Македонија во борбата со социјалната исклученост, каде веќе со целосен, прецизен преглед на изложената популација, ќе може навремено и ефективно да се дејствува кон поттикнување на нивно социјално вклучување и продуктивно активирање.

Новини во проследувањето претставуваат и изразувањето на стапките на ризици од сиромаштија според густината на населеноста на населението. Под густо населени домаќинства се сметаат сите оние кои живеат во опкружување со барем 500-тици граѓани по километар квадратен, средно густо населените подрачја се оние чија густина на населеност кој варира меѓу 100 и 499 граѓани по километар квадратен, додека слабо населените подрачја се оние чија густина на населеност е помала од 100 граѓани по километар квадратен.

Според горенаведените податоци, во просек на Република Македонија највисоката стапка на ризик од сиромаштија се бележи во слабо населените подрачја, а најмала во средно густо населените подрачја[157].

---

[156] Ćulum, B., Ledić, J. (2010), Civilna misija sveučilišta: Element u tragovima? Rijeka: Filozofski fakultet u Rijeci,стр.72

[157] J.Јакимовски: "Социјална сигурност". Економски развој – Списание на економски институт – Скопје. Бр..3, 2000;

Новини и трендови во известувањата претставуваат и публикување на податоците за сиромаштија според државјанства или земјата на раѓање. Ова всушност значи дека е возможно да се следи висината и промените на ризиците од социјална исклученост според тоа дали поединците се родени во земјата за која се известува, родени во членките на ЕУ, или не се родени ниту во едните ниту во другите.

Со помош на хармонизирање и имплементирање на европската стаитстика, Република Македонија ќе може значително да го унапреди и известување за дистрибуција на приходите. Ова значи дека покрај досегашното известување за вредноста на Гини коефициентите и Квинтилниот однос – С80/С20 (графикон2), можно е да се анализираат податоците за дистрибуција на приходите значително подетално отколку што било до сега случај.[158]




***Графикон бр.2 Тотално пресметување со Гини коефициент – имплементирани вредности (+/-годишно-) на социјална исклученост во Европа***[159]

[158] Геровска М. 2000, Социјална политика и социјална работа, Скопје, стр.5
[159] Извор – Европскиот систем и статистика на Социјалните Индикатори, Датабаза – EU-SILC

Исто така, се овозможува и доаѓање до податоци за вредностите на доходите по квантили (квартили, квинтили, децили и перцентили), како и до медијалниот и просечниот доход според различните критериуми (пол, старост, вид на домаќинства, статус на пазарот на трудот, основните извори на приходи, работниот интензитет, ниво на образованието)[160].




***Графикон бр.5 Стапката на сиромаштија во Република Македонија од 1998-2015 година***

*Извор – Влада на РМ – Извештај на РМ за наредокот во реализација на милениумски цели, 2015 година,*

Покрај тоа, известувањето за финансиската сиромаштија кај постарата популација исто така може да се унапреди и во самата база на податоци за статистиката на Европската унија во делот со приходи и условите за живот оваа област се третира како самостоен процент. Деталното известување е забележано преку особено нагласување на родните разлики меѓу помладата и постарата популација.

[160] Национален извештај за човековиот развој во Р. Македонија - 2001 – „Социјална исклученост и несигурноста на граѓаните на Македонија„ ,UNDP, Skopje, str. 138

## ЗАКЛУЧОК

Она кое е важно да се истакне на основа на погоре имплементираните сознанија и податоци е фактот дека борбата против социјална исклученост во Република Македонија, може значително да се подобри со прецизно одредување и статистичко претставување на популацијата која е изложена на социјално исклучување преку индикаторите на сиромаштијата, слабото образование и дискриминацијата и маргинализација на нивните потреби и барања.

На таа основа, популацијата која спаѓа во стапката на сиромашни и невработени македонски граѓани, се смета за многу повеќе чувствителна група на граѓани кои спаѓаат во рамките на социјални исклучени. Меѓутоа, што се однесува на националноста во однос на македонските граѓани, Ромите се сметаат за едни од најчувствителната група на граѓани во однос на социјално исклучени македонски цивили.

Во тие рамки, намалувањето на учеството на населението кое живее под границата на сиромаштијата на 9,5% до 2015 година во Република Македонија е сеуште неефективно. Имено, доколку како репер се земе намалувањето на стапката на сиромаштија во последните две години, тогаш според едно реално сценарио, може да се очекува актуелната стапка на сиромаштија од 29,4% во 2015 да се намали на 27% (мерена според националниот метод). Доколку се примени стандардот за мерење на сиромаштијата во ЕУ (60% од медијалните еквивалентни приходи) тогаш стапката на сиромаштија во 2015 би можела да биде дополнително намалена, но сепак не до нивото од 9,5 проценти како што е и предвидено во Извештајот за МРЦ[161].

[161] ИЗВЕШТАЈ на Република Македонија за напредокот во остварувањето на милениумските развојни цели, - Скопје : Програма за развој на Обединетите нации - УНДП, 2009. - 98 стр

## 7.3. СТРУКТУРА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗЕМАЈЌИ ПРЕДВИД ЕКОНОМСКИОТ СТАТУС И ЧУВСТВИТЕЛНИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ ГРУПИ

Со цел да може да се забележат влијанијата на социјалните околности и услови во кои младите генерации на Република Македонија, живеат, се развиваат и надградуваат, од голема важност е да се имплементира целосен преглед на образовната структура во Република Македонија. Под специфичен, детален преглед на образовната структура во Македонија се подразбира имплементирање на целосна анализа на минатата, како и сегашната структура на образованието, во однос на економскиот статус на студентите и учениците, како и нивото на запишани ученици и студенти во изминатите неколку години во високите образовни установи во земјата.

Според тоа, во академската година од 2008 година па се до 2015 година, може да се забележи за жал исклучителен пад на запишување во високото Образование кај машкиот како и кај женскиот пол.(таб.3)

***Табела бр.3 Структура на запишани студенти/ки во Високо Образовни институции во Македонија за Академска година од 2008-2015***

| Академска година Academic year | Вкупно Total | | | Женски Females | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | запишани студенти - вкупно Enrolled students - total | население на возраст 18-23 години[1)] Population aged 18-23[1)] | бруто-стапка Gross rate | запишани студенти-вкупно Enrolled students - total | население на возраст 18-23 години[1)] Population aged 18-23[1)] | бруто-стапка Gross rate |
| 2008/2009 | 63 437 | 195 160 | 32.51 | 33 593 | 94 929 | 35.39 |
| 2009/2010 | 57 894 | 193 976 | 29.85 | 30 408 | 94 248 | 32.26 |
| 2010/2011 | 63 250 | 192 394 | 32.88 | 33 583 | 93 381 | 35.96 |
| 2011/2012 | 58 747 | 188 899 | 31.10 | 31 233 | 91 841 | 34.01 |
| 2012/2013 | 56 906 | 185 732 | 30.64 | 31 005 | 90 373 | 34.31 |
| 2013/2014 | 57 746 | 182 476 | 31.64 | 31 450 | 88 682 | 35.46 |
| 2014/2015 | 59 359 | 178 682 | 33.22 | 32 175 | 86 812 | 37.06 |

*Извор – Државен Завод за Статистика – Образование и Наука, 20-ти јули, 2015 година,*

Во рамките на претставената статистика од табела 3, бруто стапката на запишување на младите во високо образовните институции го истакнува корелативниот однос меѓу сите студенти во високото образование вклучувајќи ја популацијата и тоа на возраст од осумнаесет до дваесет и три години. Во овие рамки, од погоре наведените годишни рамки, од голема важност е да се истакне и вкупниот број на студенти кои се претставени во табела бр.4

***Табела бр.4 Вкупен број на студенти по година и половина на студии во Македонија 2008 - 2015***

| | Студенти Students | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно total | мажи males | жени females | година на студии year of studies | | | | | | |
| | | | | I | II | III | IV | V | VI | апсолвенти final year students |
| | Факултети и високи стручни школи Faculties and higher vocational schools | | | | | | | | | |
| 2008/2009 | 63 437 | 29 844 | 33 593 | 18 335 | 14 560 | 13 169 | 7 966 | 756 | 182 | 8 469 |
| 2009/2010 | 57 894 | 27 486 | 30 408 | 17 942 | 13 704 | 12 430 | 6 975 | 517 | 163 | 6 163 |
| 2010/2011 | 63 250 | 29 667 | 33 583 | 19 805 | 15 322 | 14 937 | 8 055 | 529 | 91 | 4 511 |
| 2011/2012 | 58 747 | 27 514 | 31 233 | 18 152 | 14 041 | 14 700 | 7 052 | 422 | 113 | 4 267 |
| 2012/2013 | 56 906 | 25 901 | 31 005 | 17 213 | 12 850 | 14 559 | 7 564 | 381 | 123 | 4 216 |
| 2013/2014 | 57 746 | 26 296 | 31 450 | 19 173 | 12 427 | 13 435 | 7 811 | 584 | 190 | 4 126 |
| 2014/2015 | 59 359 | 27 184 | 32 175 | 18 942 | 13 278 | 13 286 | 7 303 | 723 | 219 | 5 608 |

*Извор – Државен Завод за Статистика – Образование и Наука, 20-ти јули, 2015 година,*

Од тука, со цел да може да се истакне инволвираноста и вклученоста на чувствителните групи во образовниот систем и образовните активности во Република Македонија, од голема важност е да се прикаже структурата на запишани студенти и тоа за првпат во високо образовните институции во однос на нивната етничка припадност (таб.5) и тоа за период од 2014 до 2015 година.

## *Табела бр.5 Запишани студенти во високо образовни институции во Македонија според нивната етничка припадност 2014/15*

| | Вкупно Total | Од тоа жени Females | Етнички заедници Ethnic affiliation | | | | | | | | Непознати Unknown | Од други држави From other countries | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци Macedonians | Албанци Albanians | Турци Turks | Роми Roma | Власи Vlachs | Срби Serbs | Бошњаци Bosniaks | останати other | | | |
| **ПРИВАТНИ ФАКУЛТЕТИ** | **2 579** | **926** | **1 064** | **698** | **91** | **6** | **4** | **14** | **22** | **7** | **-** | **673** | **PRIVATE FACULTIES** |
| **Европски универзитет - Скопје** | | | | | | | | | | | | | **European University - Skopje** |
| Факултет за информатика | 24 | 2 | 23 | - | 1 | - | - | - | - | - | - | - | Faculty of Information Technology |
| Факултет за правни науки | 111 | 23 | 19 | - | 4 | - | 1 | - | - | - | - | 87 | Faculty of Law |
| Факултет за арт и дизајн | 27 | 21 | 24 | - | 1 | - | 1 | 1 | - | - | - | - | Faculty of Art and Design |
| Економски факултет | 29 | 6 | 27 | - | 1 | - | - | 1 | - | - | - | - | Faculty of Economics |
| Факултет за детективи и криминалистика | 44 | 10 | 36 | 3 | 2 | 1 | - | - | 2 | - | - | - | Faculty of Detectives and Criminology |
| Факултет за стоматологија | 137 | 30 | 17 | 8 | 5 | - | - | - | - | - | - | 107 | Faculty of Dentistry |
| **ЈИЕ-Универзитет во Тетово** | | | | | | | | | | | | | **SEE University - Tetovo** |
| Факултет за современи науки и технологии | 112 | 20 | 7 | 80 | 3 | - | - | - | - | - | - | 22 | Faculty of Contemporary Sciences and Technologies |
| Правен факултет | 161 | 61 | 12 | 106 | 2 | - | - | - | 1 | 1 | - | 39 | Faculty of Law |
| Факултет за бизнис и економија | 142 | 65 | 12 | 117 | 6 | - | - | - | - | 1 | - | 6 | Faculty of Business Administration |
| Факултет за јавна администрација и политички науки | 115 | 53 | 27 | 76 | 3 | 1 | - | - | 1 | 2 | - | 5 | Faculty of Public Administration and Political Sciences |
| Факултет за јазици, култура и комуникација | 113 | 66 | 12 | 78 | 7 | 2 | - | - | - | - | - | 14 | Faculty of Languages, Cultures and Communications |
| **Универзитет ФОН - Скопје** | | | | | | | | | | | | | **FON University - Skopje** |
| Факултет за правни науки | 9 | 5 | 5 | 3 | 1 | - | - | - | - | - | - | - | Faculty of Law |
| Економски факултет | 10 | 5 | 8 | 2 | - | - | - | - | - | - | - | - | Faculty of Economics |
| Факултет за дизајн и мултимедија | 5 | 4 | 5 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | Faculty of Design and Multimedia |
| Факултет за детективи и безбедност | 7 | 1 | 4 | 1 | - | - | - | - | 1 | 1 | - | - | Faculty of Detectives and Security |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Факултет за образовни іауки | 59 | 31 | 2 | 22 | 6 | - | - | - | - | - | - | 29 | Faculty of Education |
| Факултет за комуникации | 26 | 13 | 2 | 15 | 1 | - | - | - | - | - | - | 8 | Faculty of Communications |
| **ВОУ за бизнис студии ЕУРО колеџ -Куманово** | 26 | 9 | 24 | - | - | 1 | - | 1 | - | - | - | - | **Business Studies - EURO College - Kumanovo** |
| **/ниверзитет за іудиовизуелни уметности ЕСРА - Скопје** | | | | | | | | | | | | | **University of Audiovisual Arts, European Film Academy ESRA - Skopje** |
| Факултет за сценски дизајн | 3 | 1 | 3 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | Faculty of Stage Design |
| Факултет за применета музика | 3 | - | 3 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | Faculty of Applied Music |
| Факултет за тонска продукција | 1 | - | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | Faculty of Sound Production |
| Факултет за театарска уметност | 24 | 7 | 23 | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - | Faculty of Theatre Arts |
| Факултет за филмска уметност | 6 | 2 | 6 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | Faculty of Film Arts |
| **Меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Државин" -Свети Николе** | | | | | | | | | | | | | **International Slavic University "G.R. Derzhavin" - Sveti Nikole** |
| Факултет за економика и организација на претприемништво | 65 | 22 | 64 | - | 1 | - | - | - | - | - | - | - | Faculty of Economics and Organisation of Enterprises |
| Факултет за информатика | 13 | 3 | 13 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | Faculty of Information Technology |
| Факултет за психологија | 75 | 56 | 71 | - | 3 | - | - | 1 | - | - | - | - | Faculty of Psychology |
| Факултет за правни студии | 31 | 9 | 30 | - | - | - | - | 1 | - | - | - | - | Faculty of Law |
| Факултет за безбедносно инженерство | 45 | 8 | 44 | - | 1 | - | - | - | - | - | - | - | Faculty of Safety Engineering |

*Извор – Државен Завод за Статистика – Образование и Наука, 20ти јули, 2015 година,*

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2014 година, бројот на дипломирани студенти на додипломски студии на високите стручни школи и факултетите, во споредба со 2013 година, е зголемен за 4.0%.

Од вкупниот број дипломирани студенти, 79.1% се редовни, а 20.9% се вонредни студенти. Процентот на дипломирани студенти-жени изнесува 55.9%. Од вкупниот број студенти, 41.3% дипломирале во рок, додека 58.7% дипломирале по рокот.

Меѓутоа, како што може да се забележи од погоре имплементираните податоци, чиј извор е Државниот Завод за Статистика во рубриката посебно одделена за Образование и Наука, однесувајќи се на бројот на запишани студенти во високо образовните институции, бројот на запишани студенти почнувајќи од 2008 година па се до 2015 значително се намалува. Што се однесува на машкиот пол на возраст од 18 до 25 години, од 2008 година па се до последната година на запишување на статистичките податоци и даденото истражување, односно до 2015 година, бројот на запишани студенти се намалува за скоро 1,7%, додека пак, во случај на женските студенти, за забележаниот годишен период, бројот на запишани студенти драстично се намалува за цели 2.4% што е исклучително алармантно.

Дали може точно да се одредат причините поради намалување на бројот на запишани студенти во високо образовните институции во Република Македонија за последните седум до осум години, останува и ден денес едно од најактуелните прашања кои креваат поголема дилема меѓу академските и стручни кругови. Меѓутоа, како еден од позначајните фактори за нивото на намалување на запишани студенти, дефинитивно може да се истакне економскиот стандард, во чии рамки се истакнува и проблемот со кој се соочува Македонија последните десет години познат како "одлевање на мозоци'.

Поради тоа, сеуште останува дилема – дали економскиот фактор, односно нискиот економски стандард на кој се изложени поголемиот дел од

младите македонски генерации во последните неколку години е причина поради која младите повеќе се одлучуваат на работа веднаш по завршување на 18 годишна возраст, избегнувајќи запишување на натамошни високо образовни студии. Или пак, економскиот фактор, нискиот економски стандард на живеење, ги поттикнува младите македонски генерации својата среќа и иднина да ја бараат надвор од државата, поради кое, идните бројки на запишани студенти и студентки во Македонските образовни институции, универзитети и факултети, се повеќе се намалува.

Сепак, без разлика дали е едната или другата причина, центарот на внимание го привлекува економскиот фактор, однесувајќи се и на социјалните, културни околности во кои живеат младите. Во овие рамки се истакнуваат и етничките фактори, односно факторот на етничка припадност, каде спаѓаат и социјално изложените, чувствителни групи, кои одделувајќи се асоцијално од македонското мнозинство, се социјално, како и образовно исклучени од било какви социјални случувања и активности во земјата во која живеат. За жал, точните и прецизни податоци во однос на запишани студенти во високо образовните институции во Македонија за последните години се исклучително возможни и достапни, меѓутоа, земајќи предвид недостапноста до понови информации во однос на бројот на етничките заедници и македонски државјани со етничка припадност во Република Македонија, го оневозможува квантитативниот аналитички пристап на дадената студија. Едноставно кажано, со тоа што не се достапни информации и тоа понови информации од 2000 година за точниот број на македонски државјани со етничка припадност, не е возможно ниту да се одреди нивната активност и нивото на нивната инволвираност во образовните институции, поради неможноста за компаративно аналитичко сегментирање на достапните и недостапните податоци.

## ЗАКЛУЧОК

Она кое може да се потврди од погоре имплементираните податоци е фактот што, случајот со запишаните студенти во високо образовните институции во Македонија е исклучително алармантен. Според дадената структура на образование земајќи предвид економскиот статус како и етничката припадност, може значително да се истакне фактот дека, бројката на запишани студенти во македонските универзитети и приватни факултети од година во година се повеќе се намалува. Дали паралелно со нивото на намалување на запишани студенти, се намалува и можноста за ефективно имплементирање на социјална кохезија, останува да се види во натамошните теоретски испитувања и случувањата во реалните околности.

Додека пак, што се однесува за средното и основно училиште, Според имплементираните аналитички податоци на Државниот завод за статистика, на крајот на учебната 2014/2015 година, бројот на учениците во редовните основни училишта изнесува вкупно 188 361 што претставува намалување за 1.1% во однос на претходната учебна година. Дадениот податок, значително ја потврдува загриженоста за намаленото ниво на инволвирани ученици, кое забележувајќи ги наведените статистички податоци, се однесува не само на студентите и високо образовните институции, туку и на основните училишта во Република Македонија.

## 7.4. ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРЕТШКОЛСКОТО ВОСПИТУВАЊЕ И ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Задачата на предшколското воспитување и основачкото образование е развивање на способноста, знаењето и вештините на децата и учениците кои ќе им помогнат при растење, за креативното компетентното, хуманистички насоченото, одговорно и активно вклучување во демократското општество[162]. За да може да се исполнат задачите, потребно на воспитно-образовниот систем да се подобри пристапот преку квалитетно воспитно образовни услуги, да се модернизираат наставните содржини и методи и да се потикне плурализмот за да се развива квалитетот на учење и да се спречи исклученоста во образованието, како и во општеството, да се подобрат материјалните услови на просторот и опремата за да се зајакне системот на управување во образованието.

Посебно внимание се посветува на вклученоста на родителите и локалната заедница во партнерскиот однос со училиштето. Додека пак, во случај на претшколското образование, локалните заедници се најчестите основачи на детските градинки каде финансираат во претшколската дејност, на своето подрачје, сносувајќи најголема одговорност во организирање на претшколското воспитување и образование[163].

Претшколското воспитување и образование кај децата од шест месеци до тргнување во основото училиште, шестата година од животот, го сочинува делот од целината на раното образование на децата, кој помага во намалување на разликите во општественото опкружување и способностите за учење. Овде се настојува во главно што подобро да се задоволат детските развојни потреби, да се воведе во светот младата генерација преку совесно учење. Се препорачува создавањето на просторните, кадровските и

[162] Babić, Z. (2005), Participacija i ulaganje u obrazovanje u Hrvatskoj, Zagreb, стр.183
[163] Gallie, D. и Paugam, S., 2002. Социјалната Интеграција, Европската комисија и директорат, Општествени мерки за подобрување на вработувањата, ЕУ, стр.491

материјалните услови за имплементирање и вклучување на децата во програмот за подготовка за училиште.

Институциите и установите за предшколското воспитување и образование имаат квалификуван кадар, кој може да понуди квалитетно образование, за децата од претшколската возраст, а особено за децата со посебни образовни потреби и децата со надарени способности. Посебно внимание се посветува на вклучување во претшколските установи, децата од социјално и економски депривираните семејства. Овде ќе се вклучи и бројот на ромските деца и децата од останатите маргинализирани заедници во македонското општество.

Основната развојна цел на ваквите промени и подобрувања е да се зголеми опфатот на бројот на запишани во претшколските програми, која трае година дена пред тргнување во основно училиште .

Додека пак, во однос на основното образование – развојниот приоритет за подигање на квалитетот и ефективноста во основното училиште, како и развивање на потребните знаења и вештини кои би овозможиле приватен развој на учениците, како и завршување на основнотно образование со цел продолжување на школувањето без оглед на способностите, полот, верската, националната или регионалната припадност или социјално - економски статус.

Развојните цели во рамките на ваквите подобрувања се:[164]

- *Зголемување на бројот на запишаните ученици на 98% како и процентот од оние кои ќе го завршуваат школувањето на 98% по 2020 година;*
- *Зголемување на бројот на учениците од основните училишта во наставата организирана во една смена на повеќе од 60% до 2020 година;*
- *Укинување на тросменската настава.*

[164] UNICEF – Благосостојба на Децата во Република Македонија, 2007, Студија, стр.49

Развојот на македонскиот образовен стандард и курикулум за основното училиште овозможува хармонизација на националниот курикулум со европските трендови како и постигање на европското ниво во основното образование. Македонскиот национален, едуциран стандард за основното училиште ќе биде завршен за некоја година, каде се очекува развојните цели кои се темели на неколку основни да се реализираат за брзо. Ваквите развојни цели се темелат на тоа наставниците да поминат програм на оспособување за имплементирање на HNOS и новиот курикулум до 2016 година. Сите основни училишта да почнат да користат HNOS и нови курикулум за ефективно и целосно истиот да е имплементиран. Сите наставни кадри да се стекнат барем со основно ниво на информациски компетенции.

Вреднувањето на исходите од основното образование исто така е од голема важност. Унапредувањето на образованието со цел подобрување на социјалната кохезија, претставува и воведување на вреднуваните процеси и исходи во образованието со кое би се запознаеле учениците, наставниците, родителите и образовните власти. Од приватна важност е обликување на новите методи на вреднување кои ќе се насочат на развојот на наставата и организација на работата во училиштата. Овде PISA проектот ќе овозможи вреднување на задолжителното образование на меѓународното ниво. Во рамките на останатите проекти на OECD, се оценува и стапката на имплементирање на ефективни програми за подобрување на знаењето и вештините значајни за идниот живот на идните генерации, работните навики и квалитетот на животот.

Во овие рамки, треба да се спомене фактот дека поради нескладноста на моделите на ова тестирање во досегашниот начин на поучување во македонските училишта кај интерпретација на резултатите е потребно поголемо внимание. Се изработуваат и препораките со помош на наставниот кадар, раководителите каки и самите родители, кое ја прави целосно успешна една училишна установа во Македонија. Овде е важно да се проследува работата на училиштето, да се предвидат поттикнувањата и влијанијата кои

училиштата ги имаат за високата успешност и дополнителните мерки за оние ученици со послаб резултат кои имаат ризици од маргинализација. Во овие рамки со цел подобрување на социјалната кохезија е важно да се поттикне соработка меѓу училиштата, меѓу училиштата и учениците, учениците меѓусебно, меѓу установите и родителите како и соработка на установите со локалните заедници во Македонија. Потребно е да се имплементира значително ефективен систем на самовреднување на училиштата и нивната работа, со цел да се увиди ефектот кој образовниот систем го има на социјалната кохезија и истиот да се подобри.

Во овие рамки е важно да се развиваат и современи педагошки методи во поучувањето. Тоа ќе вклучува и примена на разновидни наставни, иновативни методи, развивање и унапредување на вештините на учење и создавање на поттикнувачко опкружување за учењето во училиштата. Потребно е да се модернизира и подобри образованието на наставниците, како за почетното така и трајното стручно усовршување и развивајќи повеќе понуди на советувања и поддршка за нивното работење. Потребно е да се развива и флексибилна воспитно-образовна програма и решенија кои за учениците ќе ги стават во центарот на наставниот процес со цел поттикнување на квалитетното образование за сите ученици подеднакво. Со образованието на наставниците се очекува да се развијат знаењето и вештините со кои сето тоа ќе се постигне. Сите образовни институции во Македонија е потребно да имплементираат флексибилни локални и регионални образовни структури.

Наставната содржина и наставните методи и дидактичката опременост се развива за да може подобро да се одговори на различните облици на учење денес. Се развива и концептот на индивидуализација на поучување кое ќе се темели на потребите, предзнаењето, способностите и интересите на учениците. Развојната цел овде се темели на поддршката која мора да се даде во повеќе од 50% основни училишта за користење на педагошки методи кои учениците ќе ги стават во центарот на вниманието и наставниот процес. Со тоа, искуствата во овие училишта, и нивниот пристап на работењето и кон

подобрување на социјалната кохезија, ќе се анализира, надгледува и проширува.

Што се однесува на инклузивното образование за децата, потребите на Република Македонија за подобрување на социјалната кохезија вклучува и ученици со посебни образовни потреби во својот образовно-едукативен систем. Основно – училишното образование за нив, како и за другите деца, е задолжително и бесплатно, а исто така имаат и предност при запишување во средните училишта.

Збирот на учениците со телесни инвалидитети не е во целосност вклучена во редовниот систем на воспитанието и образованието поради недоволните финансиски средства и архитектонска неподготвеност на училиштата. За да се постигне квалитетно интегрирање на учениците со посебни образовни потреби во Македонија, неопходно е подобро оспособување на наставниот кадар за работа со нив.

Наједноставно е постоечкиот наставен кадар да се оспособи низ процеси на стручно усовршување. Да се осовременат програмите за образование и оспособување на учениците со посебни потреби и да се имплементира систем на проследување и по завршувањето на нивното школување. Овде ќе се уредуваат и односите во посебните установи кои ќе се под управата на Министерството за здравство во Македонија со цел да се обезбедат условите за нудење на нивна стручна поддршка со редовниот училиштен систем.

Развојните цели овде се темелат на тоа да се обезбеди архитектонска достапност на училиштата за учениците со моторни оштетувања, како и за сите останати ученици кои ја немаат оваа достапност. Да се тежнее кон тоа учениците со посебни образовни потреби да се вклучат во примерна содржина на воспитно – образовните установи на локално ниво. Воспитанието и образованието за децата со посебни образовни потреби ќе бидат уредени со дополнителни правни и стручни прописи. Да се зголемат флексибилните и

диференцирани понуди на програмите со цел зголемување на инклузијата на децата со посебни образовни потреби во училишниот систем и општеството во целина, подобрувајќи ја преку тоа, социјалната кохезија.

## ЗАКЛУЧОК

Со цел подобрување на сите овие услови на работење во образовниот систем во Македонија, потребно е и меѓународно вклучување и европска димензија во образованието. Во текот на процесите за пристап кон Европската унија, меѓународната соработка во подрачјето на образованието во Македонија е од голема важност. Прашањата за образованието во Европската унија во главно се со национален карактер, со тоа Македонија суверено ќе носи одлуки кои ќе имаат влијание на нејзината едукативна политика. Со меѓународната соработка ќе се истражат сите искуства и практики во земјите членки на OECD, и Европската унија каде за македонските услови и потреби применливи и корисни искуства е потребно да бидат ефективно имплементирани во националните планови за подобрување на кохезијата во македонското општество.

При тоа, потребно е да се утврдат и образовните приоритети на Македонија за меѓународната соработка. Да се зголеми вклученоста во достапните програми на Европската унија и да се подготват за ефективна хармонизација на европските стандарди кон образовниот систем и неговиот пристап да дејствува и да делува за подобрување на социјалната кохезија.

## 7.5. СОЦИЈАЛНА ДИМЕНЗИЈА НА СТРУКТУРАТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО МАКЕДОНИЈА

Македонскиот систем на основно, средно и високо образование денес поминува низ значајни структурни промени, со цел за целосно да се имплементираат хармонизациите на единствениот европски простор на образование, однесувајќи се особено на високото образование преку дефинирање на Болоњската декларација од 1999 година[165]. Со споменатите реформи во европскиот контекст се дава примарна важност, земајќи предвид нивната задача за зајакнување и промоција на социјалниот ефективен систем на Република Македонија на европско и глобално ниво, каде особено внимание треба да се обрне кон целта на зголемување на меѓународната конкурентност на економската, социјална димензија вклучувајќи го и образовниот систем на европскиот простор. Според тоа, во процесот на создавање на европски услови за високо образование, според насоките на Болоњската декларација, во Македонија особено акцент се става на структурните реформи во овој систем.

Дадените реформи вклучуваат пред се присвојување на систем на лесно препознатливи и споредливи академски степени, прифаќање на систем на студирање кој се темели на три главни циклуси, односно преддипломски, дипломски и последипломски студии, како и воведување на ECTS систем на бодување, систем на обезбедување на квалитет. Од тука, документите потпишани во рамките на Болоњскиот процес, ја истакнуваат и важноста на социјалната димензија на високото Образование за земја како што е Република Македонија.

Според тоа, од голема важност е за една земја која сеуште се наоѓа во процес на транзиција да ги подобри своите социјални карактеристики и тоа преку подобрување и имплементација на ефективен високо образовен систем. Високото образование особено се истакнува во дадениот контекст, земајќи

[165] European Higher Education Area

предвид фактот бидејќи има најголемо влијание во финално и значително оформување на ставовите, како и надградување на личноста на младите генерации во Македонија, од каде директно се инволвираат по завршување на студиите на пазарот на трудот. Со нивната се поголема активност на пазарот на трудот, младите луѓе во Македонија, по завршените студии се многу повеќе компетентни да се инволвирани, да учествуваат и да делуваат врз било какви социјални, економски, културни, како и образовни случувања и активности. Со самото делување врз дадените социјални случувања во Македонија, значително се истакнува и корелативниот однос меѓу образованието и се поголемата социјална вклученост на младите луѓе.

Социјалната димензија на високото образование во Република Македонија по прв пат се истакнува преку документациите на Болоњскиот процес, уште од 2001 година, како неодреден поим поврзан со се поголемата мобилност во дадените земји. Поради тоа, се повеќе прогресивната и слободна мобилност на младите луѓе, студентите во една земја како што е Македонија, значително влијае врз динамичноста и поттикнување на социјалната кохезија во даденото општество.

Анализата на податоците за опфатот на учениците во основното образование во периодот од претходните десет години, покажува дека не само што сите деца што треба да бидат вклучени во образованието не се во училиште, туку и дека постои надолен тренд во нивната опфатеност. Но иако тоа е резултат на недоволната застапеност на децата од ранливите категории, таквата состојба може да се припише и на воведените промени во Законот за основното образование. Имено, заклучно со учебната 2004/2005 година, основното образование во Р. Македонија траеше осум години (два циклуса од по четири години) и беше задолжително за сите деца на возраст од 7 до 14 години. Воведувањето на подготвителната (нулта) година како дел од задолжителното основно образование (од учебната 2005/2006)16, наместо да го прекине трендот на намалување на опфатот, придонесе да се добијат показатели кои укажуваат на уште поголемо опаѓање. И покрај тоа што

вклучувањето на нултата година го зголеми бројот на деца вклучени во основното образование, бројките покажуваат дека процентот на опфатеност уште повеќе се намали, што може да се должи на споделената одговорност меѓу основните училишта и предучилишните установи во обезбедувањето соодветни услови за прифаќање на децата од шестгодишна возраст во задолжителното образование. Реално зголемување на вклученоста на децата во основното образование може да се очекува со воведување на новиот концепт на деветолетка (три циклуси по три години) од учебната 2007/2008 година17. За жал, податоците за опфатот од споменатата учебна година сè уште не се расположливи. (граф.6)




***Графикон бр.6 Тренд на опфатливост на учениците во РМ до основното образование[166]***

Податоците за недоволната опфатеност на децата во основното образование може да се доведат во директна корелација и со проодноста и напуштањето на основното образование. Веќе подолг период, околу 4% од учениците што припаѓаат на соодветната возрасна група не завршуваат четврто одделение, а од 8% до 9% не завршуваат осмо одделение. Тоа покажува дека бројното намалување започнува уште во одделенската настава и двојно се зголемува до крајот на основното образование.

[166] Извор: Државен завод за статистика




***Графикон бр.7 Бруто стапка на запишување во средно образование***[167]

Анализата на податоците за опфатеноста на младите во средното образование од една страна, укажува на континуирано зголемување на трендот на вклученост, но од друга страна, пак, говори дека вклученоста сè уште е на релативно ниско ниво (само три четвртини од популацијата на соодветната возраст). Притоа, повеќе ученици учат во средните стручни училишта (и тоа, во четиригодишните програми), а помалку во гимназиите. Сиромаштијата, која беше посочена како причина за недоволен опфат во основното образование, уште повеќе се однесува за средното образование. Иако, согласно законот, образованието во јавните средни училишта е бесплатно, сепак е поврзано со зголемени трошоци предизвикани од ограниченоста на мрежата на средни училишта и од релативно високите износи потребни за учебници и за другиот прибор за учење.

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2015 година, звањето магистер на науки и специјалист го стекнале вкупно 2 440 лица од кои 2 202 или 90.2% се магистри и 238 или 9.8% се специјалисти. Бројот на магистри и специјалисти, во споредба со 2014 година, е зголемен за 11.2%. Учеството на жените магистри во вкупниот број на лица кои стекнале научен степен магистер на науки, во 2015 година изнесува 58.6%. Во 2015 година, најголем број од магистерските трудови, 1 542 или 70.0%, се од областа на

[167] Извор: Државен завод за статистика

општествените науки, 16.0% се од областа на техничко-технолошките науки, а останатите се од областа на хуманистичките, природно-математичките, биотехничките и медицинските науки.

***Табела бр.8 дипломирани и магистри според научна гранка на трудот во РМ***

| | All | Female | години Up to 29 | 30-34 | 35-39 | 40 + |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **2 202** | **1 290** | **1 204** | **412** | **228** | **358** |
| Природно-математички науки | 70 | 39 | 30 | 20 | 9 | 11 |
| Техничко-технолошки науки | 352 | 177 | 192 | 68 | 36 | 56 |
| Медицински науки | 20 | 13 | 8 | 3 | 2 | 7 |
| Биотехнички науки | 34 | 15 | 8 | 8 | 5 | 13 |
| Општествени науки | 1 542 | 937 | 882 | 268 | 157 | 235 |
| Хуманистички науки | 184 | 109 | 84 | 45 | 19 | 36 |
| **Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола** | **176** | **111** | **89** | **37** | **17** | **33** |
| **Висока медицинска школа - Битола** | **1** | **1** | - | - | - | **1** |
| Здравствена нега - сестринство | 1 | 1 | - | - | - | 1 |
| **Педагошки факултет - Битола** | **9** | **6** | **2** | **2** | **1** | **4** |
| Образование | 7 | 4 | - | 2 | 1 | 4 |
| Наука за јазикот (лингвистика) | 2 | 2 | 2 | - | - | - |
| **Економски факултет -Прилеп** | **68** | **51** | **36** | **16** | **8** | **8** |
| Економски науки | 68 | 51 | 36 | 16 | 8 | 8 |
| **Технички факултет - Битола** | **26** | **13** | **6** | **9** | **4** | **7** |
| Електротехника | 1 | 1 | 1 | - | - | - |
| Енергетика | 1 | - | - | 1 | - | - |
| Индустриско инженерство и менаџмент | 3 | 2 | - | 3 | - | - |
| Машинство | 9 | 4 | - | 1 | 4 | 4 |
| Сообраќај и транспорт | 10 | 5 | 4 | 4 | - | 2 |
| Животна средина | 2 | 1 | 1 | - | - | 1 |
| **Факултет за биотехнички науки** | **14** | **5** | **6** | **3** | **1** | **4** |
| Контрола на квалитет | 6 | 2 | 4 | - | - | 2 |
| Организациски науки и управување (менаџмент) | 1 | - | - | - | 1 | - |
| Биотехнологија | 6 | 3 | 2 | 2 | - | 2 |
| Биохемија | 1 | - | - | 1 | - | - |
| **Факултет за безбедност** | **6** | **4** | **2** | **1** | **2** | **1** |
| Безбедност | 6 | 4 | 2 | 1 | 2 | 1 |
| **Факултет за информатички и комуникациски технологии** | **4** | **3** | **3** | **1** | - | - |
| Информатика | 2 | 1 | 1 | 1 | - | - |
| Компјутерска техника и информатика | 2 | 2 | 2 | - | - | - |
| **Факултет за туризам и угостителство - Охрид** | **22** | **13** | **14** | **4** | **1** | **3** |
| Организациски науки и управување (менаџмент) | 3 | 3 | 2 | 1 | - | - |
| Економски науки | 12 | 6 | 9 | 2 | - | 1 |
| Угостителсво и туризам | 7 | 4 | 3 | 1 | 1 | 2 |

*ИЗвор- ДЗС, 2015, дипломирани, магистри во РМ, за 2015*

Во тие рамки, според Анкетата за работната сила, 2015, населението на возраст над 15 години изнесува 1 676 659 лица, од кои 57.0% биле активни и учествувале на пазарот на трудот, додека 43.0% биле надвор од активното население, односно биле неактивни.

***Табела бр. 9 Население на РМ на возраст над 15 години според економската активност***

| | Вкупно | Работоспособно население | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Вработени | Невработени | Неактивно население |
| Вкупно [1] | 1 676 659 | 954 924 | 705 991 | 248 933 | 721 735 |
| мажи | 839 094 | 578 506 | 423 913 | 154 592 | 260 588 |
| жени | 837 566 | 376 419 | 282 078 | 94 341 | 461 147 |

Извор – ДЗС, Анкета на работоспособното население на РМ, 2015

На страна од статистичките податоци, однесувајќи се на подобрување на состојбата на младите луѓе во Македонија во социјалното, општествено опкружување во кое живеат, се повеќе ја истакнува проблематиката на трошоците на студирање, како и возможните бариери и пречки на кои секојдневно наидуваат младите во нивниот обид да ги завршат студиите, односно од аспект од кој се повеќе се доведува прашањето за нивната инволвираност и мобилност во социјалните случувања и општествено опкружување.

Имајќи предвид економскиот фактор, преку поттикнувањето на младите и нивната социјална мобилност во рамките на образовниот систем, потребно е да се преземат неопходни чекори со цел да се овозможи достапноста на националните заеми и стипендии за сите млади луѓе во Македонија. Преку ваквиот пристап може да се истакне фактот дека социјалната димензија на високото образование се однесува токму на транспарентноста и еднаквите можности за сите млади луѓе, без разлика на нивниот пол, религија, етничка

припадност, јазикот на кој зборуваат, да се запишат и успешно да ги завршат своите студии, вклучувајќи ги и еднаквите можности за мобилноста на припадниците на различните сооциоекономски и чувствителни социјални групи.

Според тоа, во однос на истакнување на социјалната димензија на високото образование во земјата, од голема важност е да се истакне дадениот аспект, во контекст на еднаква можност преку отстранување на сите пречки кои се од финансиска природа. Ваквата социјална димензија која мора да се даде на високото образование во Македонија вклучува мерки кои треба да се преземат од страна на владините надлежни институции за да се помогне на студентите, особено на оние кои се наоѓаат во социјално загрозените групи, финансиски и економски, овозможувајќи им услуги на советување со цел проширување на нивната мобилност и овозможување, олеснување на нивниот пристап до образование.

Токму ваквата димензија на високото образование во рамките на Болоњскиот процес, се однесува на институционалните мерки кои придонесуваат кон еднакви можности при запишување на студиите, при тоа за време на нивно траење и при завшрување на студиите, со посебен акцент на студентите, студентките, од социјално чувствителни изолирани групи во општественото опкружување. Во овие рамки спаѓаат сиромашните, децата без родители, ромите, и сите останати социјално изложени и изолирани млади луѓе во Република Македонија.

Меѓутоа, покрај проблемот на финансирање на студиите, како една од централните проблематики, постојат и останати проблеми кои претставуваат бариери за чувствителните социјални групи да ги започнат и финализираат своите студии со цел подобрување на нивната мобилност и социјална вклученост во Македонија. Всушност, овде може да се вбројат и многубројни социјални фактори како што се инвалидноста, годините, етницитетот (не можноста да се зборува на официјален јазик), кои еднакво може да влијаат на достапноста за социјално исклучените групи до образовниот систем, како и на

искуството на студирање и врз успешното завршување на веќе запишаните студии.

Поради тоа, во рамките на ефективноста и истакнување на важноста на социјалната димензија на образованието во Македонија, мора да се земат предвид овозможување на ефективни и квалитетни услови за учење, со тоа што ќе се земат предвид и другите фактори кои истовремено придонесуваат кон квалитетот на студиите и учењето, како што е отстранување на административни бариери и подобрување на институционалните карактеристики и поддршка како што е инволвирање на високо стручен наставен кадар, нивно обучување, надградување во работењето и слично.

Со самото тоа, социјалната димензија има огромна важност со тоа што го скренува вниманието на одговорноста на надлежниот, државен систем во однос на образованието во Македонија, со цел да водат грижа за општествените и социјални нееднаквости кои може негативно да влијаат врз подобрување и поттикнување на социјалната кохезија во земјата. Од тука, воспоставување на ефективен образовен систем како јавна, заедничка одговорност на граѓаните, на мнозинството граѓани во Македонија, почива на уверувањето дека со ефективни мерки и пристапи може да се влијае на истото, со изедначување на можноста на сите поединци да дојдат до ефективно образование, кои инаку се во подредена положба поради одредените социјални и економски услови во кои живеат.

На даденото уверување мора да почива и политиката која претставува бесплатно образование, намалување на цените на учебниците, бесплатни учебници, бесплатни превози до училишните установи, бесплатни студии, стипендии и слично, особено однесувајќи се на тоа да се овозможи пристап до образование за лицата кои имаат понизок социјален статус во општеството.

## ЗАКЛУЧОК

Според горе наведеното мора да се истакне фактот дека политиката која се темели само на укинување на студиите, плаќањата на учебниците и слично, е сепак недоволна во поттикнување на принципот на социјална кохезија во Република Македонија. Сепак, покрај веќе неколкугодишно промовирање на бесплатни студии и учебници, во Македонија сеуште се истакннува огромен број на млади луѓе кои немаат достапност до образовните институции и се со низок социјален и економски статус, целосно исклучени од општествените случувања.

Според тоа, со цел изнаоѓање на соодветни институционални модели за изедначување на можноста за образование, особено за високо образование, потребни се решенија кои ќе ја надополнуваат вредноста на бесплатното образование, односно решенија кои ќе ги земат предвид и нематеријалните, нефинансиските препреки за реализирање на правото на образование, со цел подобрување на мобилноста и социјалната кохезија во Македонија. Во таа смисла, социјалната димензија претставува еден од најголемите предизвици за денешното македонско општество, особено во нивната борба за имплементација на социјална кохезија во земјата.

## 7.6. ЕМПИРИСКИ ПРЕГЛЕД КОН ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА ПРЕКУ ПРИСТАПОТ ДО КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ

Во Македонскиот образовен систем, социјалната димензија значително се забележува во пристапот на високото образование каде своја нормативна рамка се забележува во Законот за Високо Образование[168]. Од тука, Законот за Високо Образование ги обврзува сите институции да гарантираат целосна рамноправност на сите пристапници при процесот на нивното запишување (член 108).[169] - Универзитетот, односно самостојната висока стручна школа ја утврдува постапката за селекција на кандидатите за упис на начин кој гарантира рамноправност на сите кандидати без оглед на раса, боја на кожа, пол, јазик, вера, политичко или друго уверување, етничко, национално или социјално потекло, имот, раѓање, општествена положба, инвалидност, сексуална ориентација и возраст.

Во однос на самото определување на социјалната димензија, значително се воочливи сите ризични фактори покрај социо-економските фактори. Во цитираната законска одредба може да се истакне важноста на "пристапот до студиите". Всушност, како што веќе е споменато, одредување на социјалната димензија вклучува не само прашање за пристапот на студии, туку и за самиот тек на студирање, каде мора транспарентно да се обезбеди студентот, учениците сигурно да ги финализираат своите студии и да го завршат успешно школувањето.

Сепак, без финализирање на дадените студии и завршување на школување, нема воопшто да се истакне ефективноста на социјалната димензија на образованието, со тоа што нема да се подобри социјалната мобилност, ниту пак социјалната кохезија преку образовниот систем и неговата достапност до чувствителните и изолирани социјални групи во Македонија.

[168] Закон за Високо Образование Службен весник на Република Македонија број 35 од 14.03.2008 година
[169] Службен весник на Република Македонија број 35 од 14.03.2008, член 108

Во овие рамки, образованието поттикнува активно учество на децата и младите во општествениот живот, поттикнувајќи ја и нивната одговорност кон целосно нивно инволвирање во општественото добро, природата и трудот кон себе и кон останатите. Одговорното делување и одговорно однесување претставува осмислен и совесен однос меѓу личната слобода и лична одговорност на дејствување.

Поради тоа, со цел подобрување на социјалната кохезија во Република Македонија, формалното образование мора да биде предност означувајќи ја дејноста која се изведува во институционалните и јавно верификувани облици на воспитание и образование со цел стекнување на стручно знаење, вештини и компетенции.

Системската превенција за социјалната исклученост и настојувањето за сите млади да не испаднат од образовниот и социјалниот процес, може да се реализира со целосна оптимална флексибилизација и спроведување на квалитетното образование. Флексибилноста подразбира прилагодување на системот на образование според потребите на соучениците, општеството и пазарот на трудот во Македонија. Флексибилноста на образованието може да се постигне со рецертификација на постоечкото оспособување на поединецот и признавање на резулататите од неформалното образование и само-образование, односно со воведување на систем на признавање на неформалното и информално стекнатите квалификации (воведување на приватни искази за стекнатите способности и сл.).

Меѓутоа, мора да се избегнуваат сите оние образовни приватни системи, односно образовни програми од кои не е возможно младите да преминат во повисок степен на образование или пак, да си овозможат ефективно учество на пазарот на трудот и мобилизација во општествените, политичките и економските случувања. Ваквите програми ја намалуваат достапноста на образованието и искористеноста на човечкиот потенцијал во земјата. Дадените мерки ќе може да се постигнат со имплементација на доволен број на хоризонтални и вертикални премини меѓу различните насоки на системите, со

кое се намалува нивната селективност, а се избегнува и упростување на ученичките достигнувања. За ваквиот пристап особено се важни можностите за преминување од општо образовен и структурно образовен систем на ниво на вишо средно образование, или високо образование за да се овозможи продолжување на високото образование.

Со оглед на тоа дека образованието и вработувањето на младите во Македонија, односно мерките кои поттикнуваат инволвирање и запишување на младите во системот на образование и нивно учество, особено во средно и високо образование, може да придонесат кон зголемување на динамичноста на пазарот на трудот, намалување на невработеноста, спречување, односно сузбивање на долготрајната невработеност особено однесувајќи се на социјалната исклученост на чувствителните, етнички, социо-економски групи во Македонија.

Од тука, во поголемиот број на европски развиени земји, во последните дваесет и пет години во главно се зголемува учеството на младите во образованието, каде разликите меѓу поединечните земји, подрачјата на одредените земји и поединечните социо-економски и етнички околности се исклучително големи. Покрај тоа што состојбата и околностите на социјална исклученост во Македонија значително се разликуваат од оние во Европската унија и нивните земји, сепак стапките на невработеност се значително повисоки меѓу лицата со ниско образование. Според тоа, се проценува дека Македонија, има значителни бенефиции од мотивирање на младите невработени за натамошно едуцирање и образование преку зголемување на можностите и програмите за стручно образование и оспособување на младите, особено млади, социо-економски чувствителни групи.

Со самата достапност, поттикнување на младите од дадените групи кон нивно инволвирање во образованието, значително ќе се олесни нивната мобилност, нивната вработеност и вклученост во пазарот на трудот. Ова е всушност, најважната насока кон избегнување и овозможување на младите во Македонија да избегнат социјална исклученост. Со голема сигурност може да

се процени дека образовниот систем всушност ги зајакнува постоечките социјални разлики во земјата преку заеднички едукативни програми, екскурзии, саеми, културни, едукативни манифестации, на кои учествуваат сите ученици, студенти заедно, поттикнувајќи ја нивната интерактивност и мобилност.

Меѓутоа, во овие рамки, мора да се стави акцент и на ефективноста, квалитетот на образовниот систем, не само на овозможување на достапноста на чувствителните, социјално исклучени групи. Македонија, како и во повеќето транзициски земји постоечките системи на образование сеуште мора да подлежат кон одредени реформи и промени, со цел нивно подобрување. Односно, нивниот систем во однос на образовниот систем во европски, демократски развиените земји, се разликуваат во тоа што македонскиот образовен систем сеуште се покажува неефективен со тоа што учениците и студентите учат количински многу повеќе од младите во останатите земји, добивајќи се поголемо ниво на информации кои се значително невалидни и неквалитетни во нивната примена и во служење со знаење и способностите во непредвидливи и современи услови и опкружување.

Токму поради тоа, во образовниот систем во Македонија, акцентот мора да се стави и на активниот однос и унапредување на внатрешната ефективност на системот, како и на подобрување и осовременување на наставните методи. Без сомнеж, повеќето долготрајно невработени млади се со ниско образовно ниво, или имаат знаење и струка кои не се бараат повеќе на пазарот на трудот во Македонија или надвор од земјата.

За овие лица може да се претпостави само дека имаат ниско ниво на писменост, меѓутоа некои од нив со сигурност може да се потврди дека имаат и завршено високо образование, но за жал, поради неефективниот образовен систем, не можат воопшто да се вклучат во динамичноста и прогресот на пазарот на трудот, нудејќи ги своите способности и научени информации.

Постојат дури и повеќе докази, каде македонските работодавци се повеќе се жалат за нивната неможност да дојдат до ефективни, стручни

работници какви што бараат, дури и во подрачјата на висока невработеност во Македонија. Додека пак, долготрајно невработените млади, се наоѓаат во неповолна положба поради губитокот на знаење и способностите во текот на нивното чекање да почнат да работат, како и негативнито однос на работодавците кон нивното вработување и стекнато знаење, поради кое дури и да добијат работа, многу брзо го напуштаат работното место.

## ЗАКЛУЧОК

Токму поради дадените факти, мора да се вложат значително поголеми напори кон подобрување на основното знаење, стручноста на долготрајно невработените млади, преку се поефективно имплементирање на образовен систем. Од тука, во овие рамки мора да се развие нов пристап и едукативни програми кои би подразбирале стекнување на работно искуство и ефективно обучување. Токму на основа на ваквиот пристап, од голема важност е овозможување на ефективна достапност и транспарентен однос кон сите чувствителни социо-економски изолирани и социјално исклучени групи во Македонија, овозможувајќи им нивно запишување и успешно финализирање на ефективни образовни програми.

# 8. СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ– ПРЕДНОСТИ И НЕДОСТАТОЦИ НА МАКЕДОНСКИТЕ УНИВЕРЗИТЕТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА И СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА

Во рамките на изработката на докторскиот труд, обрнувајќи внимание и на емпириските наоди, покрај теоретските и статистичките податоци, се истакнува важноста на детално прикажување на практичните случувања во однос на влијанијата на факултетите, универзитетите како значајни високо образовни институции во Република Македонија, врз подобрување на социјалната кохезија во земјата. Според тоа, како дел од квантитативно-квалитативното дедуктивно-индуктивно истражување, се имплементира и интервју кое е воспоставено со претставниците, управата, наставниците, административниот кадар и студентите на Евро Колеџ Куманово, кој претставува всушност Првиот Приватен Универзитет во Република Македонија. Всушност, интервјуата кои ќе се воспостават во истражувањето, се избрани да се проследат во Евро Колеџ поради фактот што дадениот Универзитет е всушност еден од првите и најголеми поттикнувачи и мотиватори за воспоставување на прецизна практична имплементираност на документациите на Болоњската декларација во однос на квалитетно образование и влијанието на образовниот систем врз социјалната вклученост и подобрување на социјалната и економската состојба на македонските граѓани во земјата.

На таа основа, имплементираните интервјуа, кои се реализирани како интерактивен разговор со горенаведените кадри како дел од Евро Колеџ институцијата, се составени во подолниот дел во форма на извештаи. Овие извештаи имаат вклучено наоди и порепораки за унапредување на праведноста и социјалната кохезија преку активностите на споменатата институција.

Додека пак, настрана од споменатите наоди, кои ќе бидат имплементирани подолу, се истакнуваат и неколку информации за работата на

останатите образовни институции во Македонија, кои како податоци може да се групираат во следниот редослед:

- *Управата, наставниците и административниот кадар, како инволвирани во развојот на транспарентноста и социјалната кохезија во македонското општество, во клучните документации на образовната институција експлицитно не наведуваат ниту на едно место обединети информации за тоа што е всушност транспарентноста и социјална кохезија. Всушност, моментално не постои институционална политика или надлежно институционално тело во институцијата кое би управувало и евалуирало бројни програми и активности со кои самата институција ќе настојува да ја развива својата дејност во дадените рамки на дејствување;*
- *Програмските договори склопени меѓу образовната институција и Министерството за образование во Македонија, се всушност главниот механизам за институциско унапредување на транспарентноста и социјалната кохезија во земјата. Истите содржат еднозначајни цели, како и активности со кои мора да се зајакне транспарентното дејствување. Земајќи предвид дадените договори и нивната поврзаност која зависи од постигнувањето на договорените цели, развиени се и различни механизми за евалуација на резултатите со одредени индикатори;*
- *Главните институционални механизми кои високите образовни институции ги имаат покренато за континуирано нудење помош на ранливите студенти се студентските унии, советувалишта и различни програми од финансиска помош за студентите. Советувалиштата се нудат на психолошко и правно советување како и нудење помош и поддршка за студентите со инвалидитет. Обемот на услугите на ваквите организации и континуитетот на нивното работење*

*значително се разликува меѓу високите образовни институции во Македонија. Еден од најчестите облици на финансиска помош за студентите се стипендиите за студентите со низок социо-економски статус како и за студентите со инвалидитет;*

- *Високите образовни институции не го имаат сеуште системски решено прашањето за стручно усовршување, надградување на вработените, особено наставниот кадар, па со тоа ниту прашањето за усовршување на вработените поврзано со унапредување на транспарентноста и социјалната кохезија во Македонското општество. Не постои системско решение и системско проследување на индивидуалните постигнувања на младите вработени и нивниот ефект на промовирање на транспарентно дејствување. Наставниот кадар пак, настојуваат на различни начини да помогнат на своите студенти, но во главно дури откако проблемот на ранливите студенти станува видлив каде истите делуваат преку одредени, ограничени мерки и активности;*
- *Високите образовни институции во Македонија немаат сеуште развиено стандардизирани процедури за собирање на прецизни податоци. Едноставно, со дадените потребни, неопходни податоци ќе може континуирано да се проследува и евалуира ефективноста и влијанието во практиката поврзано со делување на образовните институции при унапредување на транспарентноста и социјалната кохезија. Всушност, студентските анкети се обично единствениот достапен механизам со кој редовно може да се евалуира квалитетот на наставата, но студентите во главно не се запознаени со случајот на дејствување на образовните институции при подобрување на социјалната кохезија, ниту пак се запознаени со ефективноста од резултатите на самите анкети ниту пак со начинот на кој тие резултати се применуваат во подобрување*

*на самиот образовен процес. Со самото тоа, студентите несвесно се дистанцираат од давање на прецизни информации и податоци неопходни за востановување на состојбата на дејствување на образовните институции во Макеоднија при подобрување на транспарентното делување и социјалната кохезија.*

## ЗАКЛУЧОК

Со цел да може да се придонесе повеќе кон тематиката на истражување и да се овозможи ефективен хипотетско-дедуктивно-индуктивен заклучок, во натамошниот дел од истражувањето, ќе се донесе уште подетална и реална анализа за состојбата на делување на високо образовните институции во Македонија и нивното влијание врз имплементација на транспарентност и социјална кохезија во земјата. Самата квалитативно-квантитативна анализа со метода на објективност содржи воочени предности, недостатоци, на чија основа се имплементираат препораки за унапредување на дејствувањето и активностите на дадената високо образовна институција, кое е неопходно да се однесува и на останатите образовни институции во Република Македонија во интерес на подобрување на социјалната кохезија во македонското општество.

## 8.1. ИНТЕРВЈУ : ПРЕДНОСТИ ВО ДЕЈСТВУВАЊЕТО НА ЕВРО КОЛЕЏ ПРИ ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

- *Предноста е тоа што уште од почетокот на функционирање на Евро Колеџ како високо образовна институција, огромен акцент се става на важноста на транспарентноста и подобрување на социјалната вклученост и мобилизација на младите во Македонија. Самото сфаќање на транспарентноста и социјалната кохезија од страна на деканот на Евро Колеџ не е ограничено само на специфична група на ранливи студенти за кои постојат специфични политики во одредено ограничување и временски рокови, туку се зема предвид транспарентната поставеност во сите функции и дејствувања на Универзитетот, кое се третира како континуиран процес на подобрување, унапредување на квалитетот на работењето.*
- *Предност е тоа што во рамките на институцијата покрај унијата на студенти, се отвора и психолошко советувалиште за студентите особено оние кои спаѓаат во ранливите групи, како и Одделението за кариера, преку кое се овозможува ефективно завршување на студиите и подобрување на мобилноста на студентите на пазарот на трудот во Македонија.*
  - ***Љ.П.** "Имплементацијата и реализација на одредените униии и одделенија во рамките на функционалноста на Евро Колеџ се гледа како функционален механизам за унапредување на транспарентното работење на оваа институција"*
- *Предноста е покренување на различните форми на стипендирање во чии рамки се вклучени и инволвирање и поттикнување на студии од страна на млади кои спаѓаат во чувствителните групи земајќи предвид нивната незадоволителна социо-економска состојба и инвалидитет;*

- *Како посебно вреден примерок од добра практика на дејствување на оваа институција се истакнува и создавањето на база на социјален профил на студентите за кои податоците се собираат при запишување на студентите каде со помош на посебен формулар се овозможуваат активности кои ќе се насочат кон задоволување на реалните потреби на специфично идентификуваните ранливи групи на студенти во институцијата;*
- *Примерок на добра практика на дејствување е и воведувањето на посебни квоти за студенти постари од 26 години.*
  - ***Љ.П.** "Со воведување на посебните квоти за студенти постари од 26 години се олеснува пристапот на студии за ранливата група на невработени кои немале можност да се запишат претходно на високо образовни институции, со цел да може да учествуваат на пазарот на трудот нудејќи ги своите способности и знаење."*
- *Институцијата се грижи и за инволвирање и целосно вклучување на претставници од локалната општествена заедница во работата на универзитетот за кое се обликуваат и различни организациски единици, Клуб на бизнисмени, претприемништво и креативни идеи. Преку ова се прикажува инклузивноста на работењето на институцијата*
  - ***Љ.П."** Евро Колеџ и локалната заедница на град Куманово, вклучувајќи го и град Скопје, заеднички ги пријавуваат, иницираат и водат проектите преку заедничко организирање на јавни, културни, уметнички, социјални и економски манифестации. Со ова се насочуваме кон задоволување на потребите на широкиот круг на млади, меѓу кои се земаат предвид и потребите на младите, чувствителни групи кои се изолирани од социјалните, економски случувања во земјата"*

- *Студиските програми настојуваат да се прилагодат кон одреденото ниво на знаење и способности на студентите.*
  - ***Наставник*** *– "имаме големи предизвици во прилагодување на програмите бидејќи Евро Колеџ ги запишува студентите кои завршиле и тригодишни и четиригодишни стручни училишта. На почетокот на колегиумот се обработуваат во скратен облик темелните основи од средно училиште каде преку консултација се работи со студентите кои немаат доволно ниво на претходно знаење во бизнис стручноста."*
- *Институцијата имплементира доволно флексибилност во организација на студиските програми кои ги зема предвид различноста на студентите (нивната етничност, јазици, потреби), како и нивните индивидуални потреби. Со ваквиот пристап се подобрува односот особено со чувствителните млади групи, кои немаат можност постојано да го посетуваат факултетот, каде сите наставници се во можност да им излезат во пресрет и да им помогнат при отстранување и решавање на проблемите со кои се соочуваат.*
  - ***Наставници*** *– се имплементира флексибилен пристап во изведување на наставата која вклучува зајакнување и оценување на далечина, различни облици на современа технологија, вклучени се при изведба на студиските програми, како видео и скајп конференции, се истакнува претежно важноста на квалитетни теренски настави и слично. Со ова се повеќе се зголемува достапноста до самите студенти.*

## 8.2 НЕДОСТАТОЦИ ВО ДЕЈСТВУВАЊЕТО НА ЕВРО КОЛЕЏ ПРИ ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

- *Постоечката институционална култура во Евро Колеџ значително ги поттикнува индивидуалниот пристап кон решавање на студентските проблеми кога истите се појавуваат или кога стануваат веќе очигледни. Не постои институционална рамка со формални процедури кои континуирано би се имплементирале и обезбедувале во однос на трнаспарентноста и социјалната кохезија;*
- *Институцијата привремено организира работилници и семинари за наставниците на кои се обработуваат дидактичко-методолошките аспекти на работење со образовно ранливите групи на студенти. Меѓутоа, во овие рамки на дејствување не постои континуирано стручно усовршување на вработените наставниот и административен кадар, за да може да се гради нивната експертиза и капацитетот за градење на праведноста и социјалната кохезија во различните аспекти на работата на институијата. Не постои формален систем кој ќе обезбедува пристап до валидни информации, совети и поддршка во однос на начините на обликување на инклузивен курикулум;*
- *Студентите изјавуваат дека никогаш не се спроведувале анкети од постоењето на институцијата односно од нивното запишување на истата, истакнувајќи дека немаат увид во тоа колку се унапредува работата и квалитетот на работењето на Евро Колеџ;*
- *Не постои систем на проследување и евалуирање на индивидуалните достигнувања на вработените, наставниот или административниот кадар, и нивниот ефект на промовирање на транспарентноста и социјалната кохезија на*

*образовната институција. Поради тоа, не постои системски начин за помогање на вработените, нивно усовршување, надградување, со специфична експертиза во подрачјето на социјалната кохезија и нејзина промоција, при поттикнување и советување на останатите во вградување на транспарентно дејствување при поттикнување на социјалната кохезија во општественото опкружување.*

## 8.3 ПРЕПОРАКА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО И ПОДОБРУВАЊЕТО НА СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА

Доколку Евро Колеџ како и сите останати Универзитети и високо образовни институции во Република Македонија имаат намера да ја развијат и дополнително зајакнат политиката на транспарентно делување и социјална кохезија во стратешкото работење на институциите, потребно е да внесат повеќе промени и флексибилен пристап посебно во мисијата, визијата и клучните стратешки цели. Со ваквиот пристап ќе може да се унапредат управувачките, менаџмент механизми за имплементација и евалуација на целите кои се однесуваат на зајакнување на транспарентноста и социјалната кохезија. Се предлага токму ваквото дејствување да има еднакви и еднозначајни цели кои ќе се однесуваат на транспарентноста, како што е тоа случај и со општите и посебни цели на програмските настави, покренати од организациската единица на наставниот и административен стручен кадар во образовните институции.

Од голема важност е Универзитетите и образовните институции во Македонија да делуваат транспарентно како организациска единица која ќе им помага на студентите и учениците во остварување на правата и задоволување на нивните интереси и потреби. Постоењето на студентските унии и служби од голема важност се за натамошното зајакнунвање на транспарентното дејствување и социјалната кохезија во образовните институции во Република

Македонија. Поради тоа, од голема важност е да се продолжи со натамошниот развој на услугите кои нудат и кои се насочуваат кон тоа да се имплементира, поттикне и иницира се поголемата инволвираност на студентите во образовниот систем и нивните активности и наставни програми.

На образовните институции во Република Македонија, исто така, им се препорачува да ги развијат стандардизираните процедури за собирање на податоци со чија помош ќе може континуирано да се еволуира и надзира ефективноста и влијанието во практика, придонесувајќи кон постигање на целите поврзани со транспарентното делување и социјалната кохезија. Во овие рамки мора да се споменат процедурите во однос на евалуација на исполнување на целите во рамките на програмското наставно дејствување на образовните институции.

Исто така, на основа на горенаведените податоци, се прапорачува и дополнително унапредување на активностите со кои студентите и вработените во институциите ќе се информираат за резултатите на студентските евалуации при нивното дејствување во студентските служби, унии, како и на образовните полиња на делување и усовршување. Важно е студентите и вработените да знаат и да разберат на кој начин дејствуваат и влијаат врз унапредување на квалитетот не само на институцијата, туку и врз сите различни аспекти од нивното опкружување и нивните активности. Со ваквото знаење се очекува да се зајакне довербата на студентите, наставниците, како и административниот кадар во суштината и целите на имплементација на стратешките евалуации во однос на тоа и да се поттикнат младите луѓе да можат во што поголем број на учествуваат и да бидат целосно инволвирани во спроведување на било какви, образовни, културни, социјални активности во рамките на подобрување на образовната програма.

Постоењето на јасни политики, норми, стандарди, вредности и правила кои се однесуваат на работата со одредени ранливи општествени групи, млади граѓани, студенти и ученици, би им олеснило на наставниците процесот на решавање на проблемите со кои се соочуваат во секојдневното работење со

тоа што ќе го намали или оневозможи донесувањето на потенцијално несоодветни и лоши одлуки.

Всушност, препораката во однос на овој проект е јасно да се дефинира и стручното усовршување на наставниот кадар, ефективно да се имплементираат квалитетните образовни системи и курикулуми, како и останатите фактори кои влијаат во однос на ефективното транспарентно дејствување при подобрување на социјалната кохезија во македонското општество. Институциите во рамките на образовниот систем во Македонија според тоа, би требало да ги обезбедат, сегментираат, ефективно организираат и имплементираат соодветните механизми кои ќе овозможат за што е можно поголем број на кадри да поминат низ стручно усовршување преку чија содржина на програмите ќе се вклучуваат во поучување на сите аспекти на транспарентно дејствување и социјална кохезија кое образовниот систем може значително да го унапреди при нивното ефективно функционирање.

При тоа, непостоењето на формални документации, механизми, како и процедури за зајакнување на политиката на социјална кохезија и транспарентно работење, како и формални процедури за евалуација на имплементацијата на однапред одредените планови и цели, оневозможува аргументиран увид во реалната состојба на транспарентност кое ќе се темели на податоците и прецизните анализи.

## ОПШТ ЗАКЛУЧОК

Без постоење на формалните институционални практики, се заканува опасност од тоа потребите на ранливите општествени групи меѓу младите особено, да не бидат препознаени, со тоа што нивните права не само што нема да бидат реализирани, туку истите ќе бидат дополнително изолирани од сите социјални, образовни случувања. Според тоа, се препорачува строго за институциите во рамките на образовниот систем во Македонија да развијат ефективни, соодветни стандардизирани процедури за собирање на прецизни, точни податоци со чија помош континуирано ќе може да се евалуира и надзира ефективноста и влијанието на активностите кои придонесуваат кон постигање на целите поврзани со транспарентно делување и подобрување на социјалната кохезија во Република Македонија. Насочувањето на идните активности со тоа, би требало да се темелат токму на дадените конкретни, прецизни податоци земајќи предвид потребите и идните активности кои мора да се реализираат со цел подобрување на социјалната кохезија во однос на дејствувањето и функционалноста на ефективниот образовен систем.

## ГЕНЕРАЛЕН ЗАКЛУЧОК

Во Република Македонија, поимот за социјална исклученост се користи во политичкиот, социјалниот и научниот говор во последните петнаесет години. Се смета дека дадениот концепт предизвикува на ситуација кога поединците ги намалуваат или заслабуваат своите социјални врски, губејќи секаква улога во функционирањето на општеството, станувајќи изолирани од секакви социјални, политички и културни случувања. Најчесто, социјалната исклученост тесно се поврзува со проблематиката на високата невработеност, и несигурното вработување. Со невработеноста, исклученоста во македонскиот контекст е поврзана со сиромаштијата, ниското образование и изолираноста на чувствителните групи. Луѓето во транзициските и кризни времиња со кои се соочува и македонското општество, се среќаваат често со проблемот на несигурност, каде немаат рационални искуства на кои ќе може да ги темелат своите одлуки, често не можејќи ефективно да се инволвираат со сите општествени случувања. Пристапот кон исклученоста најчесто се користи при опишување на општествената положба на група граѓани, како што се долготрајно невработените, сиромашни Роми, млади и одредени групи на стари лица, лица со инвалидитет, особено оние без право на пензија или социјална помош од државата.

Одредени искуства во рамките на дадената проблематика, упатуваат на поврзаноста меѓу положбата на пазарот на трудот и сиромаштијата, однесувајќи се на нискиот социјален и економски статус. Најсиромашните граѓани економски се невработени или примаат ниски плати. Додека невработените се најбројни меѓу сиромашните граѓани, истакнувајќи се како група со висок ризик од сиромаштија. Со оглед на силната традиција на семејството во Македонија, која ги подржува своите невработени, истите не мора веднаш да паѓаат во сиромаштија и социјална изолација. Општествената околина не е склона кон обвинување на невработените за состојбата во која се наоѓаат овие групи на луѓе.

Сепак, во подобрување и сузбивање на невработеноста и унапредување на вработувањето, пресудна улога имаат подигање на вработеноста и инволвираноста на сите граѓани во општествените случувања и околности,

особено однесувајќи се на Република Македонија. Во подобрување на инволвираноста, покрај вработувањето, круцијална улога имаат знаењето, стручноста и способноста за надградување и усовршување на своите вештини, кое е под директно влијание на еден образовен, едукативен систем.

Земајќи предвид сиромаштијата, лишувањето како и социјалната исклученост, кои се динамични појави специфични за секое поединечно општество, исклучително се јавува потребата од постојано подобрување на методологијата за нивно проследување и спроведување на компаративни анализи, со цел изнаоѓање на подобро решение на дадената проблематика.

Според тоа, општеството кое се темели на знаење, или пост-индустриско општество, го доведува во фокус интересот за преиспитување на односите меѓу одржливиот општествен развој, социјалната кохезија и образованието. Неопходни се и ефективните промени и реформи во образовниот систем во земјите како што е Република Македонија и тоа во насока на градење на системот на образование кон подобрување на социјалната кохезија и се поголемата инволвираност на чувствителните групи на граѓани во социјалните случувања. Образованието всушност, денес може да се смета за фактор за одржлив економски и општествен развој. Универзитетите денес, поради својата способност за генерирање на нови знаења и вештини, се повеќе се истакнуваат како клучен фактор во зајакнување на конкурентноста на економијата на светско ниво. Клучните поучни решенија кои потекнуваат од современите емпириски и теоретски рамки на општествениот развој се однесуваат на важните директни и индиректни врски меѓу градењето на човечки капацитет, односно хуман капитал, динамика на технолошките промени, односно економскиот раст и развој, вработеноста и доходите, како и подобрување на условите на животот и благосостојбата на граѓаните.

Со други зборови, постои цврста, корелативна врска меѓу технолошкиот прогрес, образовниот систем и хуманиот раст и развој во едно општество. Во условите на економска криза и неизвесна пазарна ситуација, знаењето станува се поважен ресурс. При тоа науката се темели на образование на сите нивоа. Денешната практика на стекнување и развивање на знаењето бара темелно

редизајнирање на процесот на учење и образование, во рамките со новите технолошки, економски и културни обрасци на економија и живот, но пред се, во насока на одржливоста на моделот кој се препознава како економија која се темели на знаење.

Во овие рамки, образованието, во рамките со истражувањето, надградувањето, развојот, има суштинска улога во личниот развој и одржливиот општествен развој на една земја, како што е Македонија. Бидејќи би требало да обезбедува, пред се, квалификувани и компетентни кадри, треба да ја имплицира и потребата за креирање на нови работни места.

Искуството на Европската унија во оваа област, покажува на национални системи на подобрување и ефективно спроведување на образовни системи кои мора ефективно да се прилагодуваат на неопходноста на економските промени, со цел за земјите да не ја изгубат глобалната конкурентност во образованието, економијата, културата и останатите социјални случувања. Според тоа, Европската стратегија за раст до 2020 година, ја истакнува јасно политиката на образование како важна област во која се укажува на важноста на соработка меѓу Европската унија и нејзините членки како и потенцијалните земји членки, во однос на даденото позитивно влијание на отворање на новите работни места и социјалната кохезија.

Политиката на образованието на Европската унија и нејзината Агенда од 2011 година, исклучително се дефинира како интегрален дел од Европската стратегија на вработување, додека поттикнувањето на доживотното учење и подобрување на квалитетот на образовните системи се имплементираат во насока на образовната политика на Европската унија. Реформата на образовните политики во унијата, како составен дел од Европската стратегија, се насочува кон зголемување на бројот на високо едуцирано население, подобрување на квалитетот на наставниот процес, како и кон максимизирање на директните ефекти на образовниот систем на развојот на економијата и општествениот раст во Европската унија.

За да се неутрализираат ефектите на финансиската криза и негативните глобални промени, се инсистира се повеќе на утврдување на приоритетните области во кои членките на Унијата би требало да ги интензивираат своите напори за да ги реализираат целите и да ја модернизираат својата политика, осовременувајќи го својот пристап кон решавање на проблематиката на социјалната исклученост.

Од тука, основниот заклучок од погоре имплементираните квалитативно квантитативни анализи во рамките на изработката на докторскиот труд, се темели на неопходноста на развој, како и разовјот на образованието, како круцијален фактор кој влијае врз подобрувањето на социјалната кохезија. Всушност, одржливиот општествен развој треба да биде клучна насока на реформите на високите образовни институции во Република Македонија, кои се услов не само за развојот на општеството туку и за неговиот правилен и продуктивен опстанок на сите македонски граѓани во него, без разлика на нивните етнички, верски и останати припадности.

Поради тоа огромна е неопходноста од современо, стратешко и ефективно размислување кога станува збор за улогата, реформите и развојот на образованието и образовниот систем во Република Македонија. Досегашниот развој на повеќето образовни институции во земјата не се темелел на принципите на социјалната кохезија, туку напротив, тој развој беше проследен со тивко, неорганизирано, “одлевање на мозоци“, нелојална конкуренција, корупција, неефикасно студирање, доминација на лични, групни, партиски, и други интереси секогаш ставајќи се над општествените, национални интереси на земјата.

Економските, еколошките, политичките, моралните, демографските како и духовните кризи и кризата на идологија со која се соочува моментално Република Макеоднија, има за последица и врз кризата на образовниот систем, со кое значително се забавува процесот на подобрување на социјалната кохезија во земјата.

Токму поради тоа, потребни се многу подлабоки, сеопфатни реформи во целокупното општество, проследувајќи ги и промените во образовниот систем. Со

тие реформи треба да се изградат првин ефективни образовни програми во чии рамки ќе се овозможи продуктивно и ефикасно делување на образовните институции, нивна квалитетна организација, имплементација на добар менаџмент и способен, стручен и професионален научен и административен кадар.

Според тоа, клучните институции во општеството, кои мора да ги доживеат неопходните промени со цел да се подобри социјалната кохезија се всушност пазарот на трудот и образовниот систем. Потребно е уредениот пазар на трудот, во кој мора да доминира здрава конкуренција, како и партнерство, да отвори поголем простор за мобилизација на идните вработени, кои излегувајќи од ефективниот образовен систем, финализирајќи ги своите студии, слободно ќе може да ги претстават своите вештини и способности на пазарот на трудот, истовремено активно инволвирајќи се во сите културни, економски и социјални случувања во општественото опкружување во кое живеат и се надградуваат континуирано.

Поради тоа, во дадените рамки, Република Македонија, со цел подобрување на социјалната кохезија, има потреба од компетентни, стручни, наставни, административни кадри во образовниот систем, како и стабилен, ефективен политички систем, на чија основа ќе се избираат и вработуваат дадените кадри. Со ваквиот пристап се оставаат соодветни услови за градење на стабилна, цврста и квалитетна образовна институција, во чии рамки доминира транспарентноста, заедништвото, поврзувањето, координацијата, ефикасна организација, тимско работење, како и интеграциски процеси на дејствување во општеството.

Сето ова претставува елемент на одржлив општествен развој со цел подобрување на социјалната кохезија во едно општество како што е македонското општество. Целта на социјалната кохезија треба да биде всушност, градење на еден цврст, стабилен, национален идентитет, односно негова препознатливост, профилираност, како значаен фактор за подобрување на конкурентноста на Република Македонија на европскиот, како и на глобалниот пазар со својот најценет ресурс – човечкиот потенцијал.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Atkociuniene, V. (2008). Consistent Patterns of Rural Community Development. Community Development – a European Challenge. Verlag Barbara Budrich, EBSCO

Alavej, D. „Movement of social sustainable development - komprehensivna study the issue„ ,London, National Institute of Social Conflict and Education, Voodbrook, 2001

Andrews, R.; Cowell, R.J.; & Downe, J. (2011). Promoting civic culture by supporting citizenship: What difference can local government make? Public Administration, 89 EBSCO

Andrews, R.; Downe, J.; & Guarneros-Meza, V. (2013). Contracting for cohesion: Can local area agreements make a difference? Policy & Politics

Babić, Z. (2005), Participacija i ulaganje u obrazovanje u Hrvatskoj, Zagreb,

Baletić. Zvonimir. (1999) - Koncepcija regionalnog gospodarskog razvitka, Ekonomski instititut. Zagreb

Barca, F. (2009). An agenda for a reformed cohesion policy – a place-based approach to meeting European Union challenges and expectations. Independent report prepared at the request of Danuta Hübner, commissioner for regional policy. European Commission Regional Policy – Inforegio, EBSCO

Bergensko priop}enje (2005.): Priop}enje s konferencije europskih ministara zadu`enih zavisoko obrazovanje. Bergen

Berlinsko priop}enje (2003.): Priop}enje s konferencije europskih ministara zadu`enih za visoko obrazovanje. Berlin.

Berger-Schmitt, R. (2000). "Social cohesion as an aspect of the quality of societies: concept and measurement", Eureporting working Paper, No. 14. Subproject European System of Social Indicators. Mannheim: Centre for Survey Research and Methodology (ZUMA)

Bernard, P. (1999). Social cohesion: A critique. Discussion paper no. F/9. Ottawa: Canadian Policy Research Networks

Broussine, M. (2003). Leading and managing at the boundary: Perspectives created by joined up working. Local Government Studies, 29(3)

Bernard, Paul. (1999). „Social cohesion - Criticism, Proceedings of the discussion„ Canadian research institutes

Bernard, P. (2000). "Social cohesion: A dialectical critique of a quasi-concept", Paper SRA-491, Ottawa: Strategic Research and Analysis Directorate. Department of Canadian Heritage

Bežovan, G. (2004.), Civilno društvo. Zagreb: Nakladni zavod Globus

Ćulum, B., Ledić, J. (2010), Civilna misija sveučilišta: Element u tragovima? Rijeka: Filozofski fakultet u Rijeci

Čudina-Obradović, M. (1995). Psihološka utemeljenostinstitucionalnog predškolskog odgoja. Napredak. Zagreb

Calhoun, C. (2000). The virtue of civility. Philosophy & Public Affairs, 29(3)

Cantle, T. (2005). Community cohesion: A new framework for race and diversity. Basingstoke, UK: Palgrave.

Chan, J., To, H.-P, Chan, E. (2006). "Reconsidering social cohesion: Developing a definition and analytical framework for empirical", Social Indicators Research, Volume 75, Issue 2,

Council of Europe (2005). Concerted development of social cohesion indicators. Methodological guide, Council of Europe Publishing, Strasbourg,

Cooper, L.; Knight, B.; Blackmore, S. (2005). Društveni kapital u Hrvatskoj.Nacionalna zaklada za razvoj civilnoga društva, Zagreb

Council of Europe. (2007). Report of the high-level task force on social cohesion in the 21st century: Towards an active, fair and socially cohesive Europe. Strasbourg: Council of Europe.

CEC. (2008). Green paper on territorial cohesion – turning territorial diversity into strength. Communication from the Commission to the Council, the European Parliament, the Committee of the Regions and the European Economic and Social Committee, COM (2008) 616 final, 6.10.2008. Brussels: COM

Delhey, J. (2007). Do enlargements make the European Union less cohesive? An analysis of trust between EU nationalities. Journal of Common Market Studies, 45(2)

Dickes, P., & Valentova, M. (2013). Construction, validation and application of the measurement of social cohesion in 47 European countries and regions. Social Indicators Research, 113(3)

Durkheim, E. (1984). The division of labour in society. Basingstoke, UK: Macmillan.

Easterly,W., Ritzen, J., Woolcock, M. (2006). "Social Cohesion, Institutions and Growth", Working Paper, Number 94, The Center for Global Development

Esping - Andersen, Gøsta et al. (2001. a) Kakva socijalna država za XXI stoljeće? – Konvergencije i divergencije europskih država. u: Revija za socijalnu politiku, Sv. 8, Br. 3

Freire. P.: „Pedagogija obespravljenih„ , ODRAZ, 2002

Friedkin, N.E. (2004). Socijalna Kohezija. Annual Review of Sociology, 30,EBSCO

Faludi, A. (2009). Territorial cohesion under the looking glass, Synthesis paper about the history of the concept and policy background to territorial cohesion. European Commission Regional Policy – Inforegio,

Giddens, A. (2009): Evropa u globalnom dobu, Klio, Beograd.,

Giddens, Anthony (1999.) Treći put – obnova socijaldemokracije. Zagreb: Politička kultura

Геровска М. 2000, Социјална политика и социјална работа, Скопје,

Gojko Bežovan – 2004 – Civilno drustvo, Globus. Zagreb. Hrvatska,

Green, A., Janmaat, J. G. (2011). Regimes of social cohesion: Societies and the crisis of globalization, New York: Palgrave Macmillan

Hambleton, R., & Goss, J.S. (Eds.). (2007) Governing cities in a global era: Urban innovation, competition, and democratic reform. Basingstoke, UK: Palgrave.

Haralambos, Michael; Holborn, Martin (2002.): Sociologija: teme i perspektive. – Zagreb:Golden marketing.

Ilišin, V.; Mendeš, I.; Potočnik, D. (2003): Politike prema mladima u obrazovanju i zapošljavanju. Politička misao. ZAGREB

Jenson, J. (1998). "Mapping social cohesion: the state of canadian research", Paper SRA-321 (Strategic Research and Analysis Directorate, Department of Canadian Heritage, Ottawa

J.Jakimovski: "Socijalna sigurnost". Ekonomski razvoj - Spisanie na Ekonomski institut - Skopje br.3, 2000;

Kearns, A., & Forrest, R. (2000). Social cohesion and multilevel urban governance. Urban Studies, 37(5–6) ebsco

Knack, S. (2002) Social capital and the quality of government: Evidence from the states. American Journal of Political Science, 46(4 ebsco

Kumlin, S., & Rothstein, B. (2005). Making and breaking social capital: The impact of welfare-state institutions. Comparative Political Studies, 38(EBSCO)

Letki, N. (2008). Does diversity erode social cohesion? Social capital and race in British neighbourhoods. Political Studies, 56(1) EBSCO

Lowndes, V., & Thorp, L. (2011). Interpreting "community cohesion": Modes, means and mixes. Policy & Politics, 39(4, EBSCO

Martin, S., & Smith, P. (2005). Multiple public service performance indicators: Toward an integrated approach. Journal of Public Administration Research and Theory, 15(3),EBSCO

Milardović Anđelko (2006) - Političke stranke u doba tranzicije i globalizacije. Centar za politološka istraživanja, Zagreb

Mohai, P., & Brant, B. (Eds.). (1992). Race and the incidence of environmental hazards: A time for discourse. Boulder, CO: Westview Press.

McCracken, M. (1998). "Social cohesion and macroeconomic performance", Paper presented at the Conference, The State of Living Standards and the Quality of Life, Centre for the Study of Living Standards (CSLS)

Nussbaum, Marta (2012): Ne za profit – zašto je demokratiji potreba humanistika,Fabrika knjiga, Beograd

Njavro, Djuro (1998.) Socijalna država. Osijek – Zagreb – Split: Panliber,

Nabatchi, T. (2012). Putting the "public" back in public values research: Designing participation to identify and respond to values. Public Administration Review, 72(5),EBSCO

N.C. Burbules and C.A. Torres (Eds.), Globalization and education: Critical perspectives,, , Rutledge, 2010,

Nogueira A.M. – „Education and social cohesion and empowerment EU,, 05/2015

Novy, A.; Swiatek, D.C.; & Moulaert, F. (2012). Social cohesion: A conceptual and political elucidation. Urban Studies, 49(9),EBSCO

O'Connor, P. (1998). "Mapping social cohesion", Canadian Policy Research Networks, CPRN Discussion Paper No. F 01

O'Toole, L.J., Jr., & Meier, K.J. (1999). Modelling the impact of public management: Implications of structural context. Journal of Public Administration Research and Theory, 9(4), EBSCO

Патриша Кенет (2012). Прирачник за компаративни науки, А. Ламина, Скопје

Pejanović, R., Tomaš-Simin Mirela (2014): Održivi razvoj u strateškim dokumentima EU, TREND 2014, Univerzitet i FTN, Novi Sad

Pollitt, C., & Bouckaert, G. (2011). Public management reform: A comparative analysis— New Public Management, governance, and the Neo-Weberian state. Oxford: Oxford University Press

Puljiz, Vlado, et al. (2005.) Socijalna politika. Zagreb: Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu

Razvojni potencijal visokog obrazovanja, XX skup TREND 2014, Univerzitet i FTN, Novi Sad

Rend, Ajn (2003): Veličanstveni izvor, Stilos, Novi Sad..

Sasa Puzic, Karin Doolan,Danijela Dolenec (2006) Socijalna dimenzija "Bolonjskog procesa" i (ne)jednakost sansi za visoko obrazovanje:neka hrvatska iskustva, Institut za drustvena istrazivanja u Zagrebu, Centar za istrazivanje i razvoj obrazovanja, Zagreb, Hrvatska

Sharp, J. S., Agnitsch, K., Ryan, V., Flora, J. (2002). Social infrastructure and community economic development strategies: the case of self-development and industrial recruitment in rural Iowa. Journal of Rural Studies, Vol. 18

Smith. M.K. „Globalization and the incorporation of education and education in developing countries, an encyclopedia of formal education and sustainable development„ Collection, USA, 2011, стр.592-603, http://firgoa.usc.es/drupal/node/26909

Schultz, T.P. (1981), Economics of Population, Reading, MA: Addison-Wesley

Sen, A. (2002): Razvoj kao sloboda, Filip Višnjić, Beograd

Stošić, Biljana (2006): Menadžment inovacija u ekonomiji baziranoj na znanju,Menadžment, FON, Beograd,

Swanson, L. E. (1996). Social Infrastructure and Economic Development. In: T. D. Rowley, D. W. Sears, G. L. Nelson, J. N. Reid, M. J. Yetley (eds.). Rural Development Research: a Foundation for Policy. Westport, CT, Greenwood Perss,

Tanović. Arif .(1972). Bertrand Rasel: filozof i humanist - Veselin Masleša. Sarajevo

Vilma Atkočiūnienė. Alvydas Aleksandravičius. Gunta Grinberga-Zalite Aleksandras – the strengthening of terrtorial cohesion Through t h e d e v e l o p m e n t o f r u r a l s o c i a l infrastructure Stulginskis University (Lithuania), Latvia University of Agriculture (Latvia) – EBSCOИЗВОР

Vasta, Ellie., (2010). "The controllability of difference: Social cohesion and the new politics of solidarity", Ethnicities, Volume 10, issue 4, DOI: 10.1177/146879681037832.6

Vidaković, M. (2011): Permanentno obrazovanje u organizacijama kao intelektualni kapital društva, Udruženje „Tehnologija i društvo", Beograd

Vîrjan, D. (2012). "New Approaches to Social Economy", Theoretical and Applied Economics, XVIII(2012), issue 6(571)

Vlado Puljiz, Gojko Bežovan, Teo Matković - Socijalna politika 2008 – Hrvatska

Џон Балдог, Ник Менинг. Ник Менинг Сара Викерстаф (2013)– Социјална Политика, Ars Lamina

Џејмс Миџли (2012) – Социјална заштита во глобален контекст, Арс Ламина, 978-608-229-359-2.

Закон за Високо Образование на Република Македонија - Службен весник на Република Македонија број 35 од 14.03.2008 година.

**Документи:**

- Агенција за вработување на Република Македонија: Национален извештај од анализата на потребите од вештини на пазарот на трудот во Република Македонија за 2011/2012 година;
- Документ на Светска банка (2007) за процена на сиромаштијата во Република Македонија;
- Државен завод за статистика, Статистички годишник на Република Македонија, 2008.
- EUROSTAT – Социјалната кохезија и проблематиката на сиромаштијата и ниската писменост, 2004 – трансформативен репорт, Популацијата во ризик од сиромаштија, ЕУ, 2003
- Европска регулатива- 2006/962/EC
- EBRD, 1999.Транзициски репорт, Лондон, Европска Банка за Реконструкција и Развој во општествениот поредок, 2000, стр.589
- Европската Унија накратко: ,,Вработување и социјални прашања,, , Европска комисија, Генерален директорат за комуникации, Публикации, 1049 Брисел, Белгија, 2006.
- Европскиот систем и статистика на Социјалните Индикатори, Датабаза – EU-SILC
- Evropa 2020: Strategjia evropiane për zhvillim: http://ec.europa.eu/europe2020/index_en.htm;
- ETF, Извештај за Пазарот на трудот во Репубика Македонија, 2005 година;
- Извештај за детската сиромаштија, објавен од Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје;
- Извештаи за напредокот на Македонија во спроведувањето на МРЦ на ОН, *www.undp.org.mk*;

- ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НАПРЕДОКОТ ВО ОСТВАРУВАЊЕТО НА МИЛЕНИУМСКИТЕ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ,2009, Скопје
- ИЗВЕШТАЈ на Република Македонија за напредокот во остварувањето на милениумските развојни цели, - Скопје : Програма за развој на Обединетите нации - УНДП, 2009
- Извештај за сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија за 2010, Скопје : Македонска платформа против сиромаштијата (МППС), 2011;
- Извештаи што се однесуваат на Декадата на Ромите, достапни на http://www.romadecade.org/mk_decade_watch_2008_2010;
- Извештај за пазарот на трудот во Република Македонија, ЕТФ, 2005
- Komisioni Evropian, drejtoria e përgjithshme për Punësim, çështje sociale dhe përfshirje: http://ec.europa.eu/social/home.jsp?/langId=en;
- Međunarodna šema provedbe UN-ovog Desetljeća za obrazovanje za OOR 2005. – 2014,UNESCO, 2005
- Министерство за Образование и Наука - Инклузивното образование во рамките на „Училиште по мерка на детето"2010, Скопје РМ
- Младите, неформалното образование и социјалните медиуми : согледување и практики, Скопје : Мултимедиа, 2012;
- Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија, (2010-2020),Скопје 2013 год.
- Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015, Министерство за образование и наука, 2005
- Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015, Министерство за образование и наука, 2006
- Национална програма за образование на Република Македонија 2005 – 2015.
- Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Р. Македонија 2010 - 2020
- Национален извештај за човековиот развој во Р. Македонија - 2001 – ,,Социјална исклученост и несигурноста на граѓаните на Македонија,, ,UNDP, Skopje,
- „На патот кон ЕУ: придонесот на граѓанското општество за социјална инклузија во Република Македонија",www.mtsp.gov.mk;
- Центар за економија и социјална инклузија ЕУ, 2002, Советот на Европа - Анализа на постоечките програми за обука за квалитетно инклузивно образование во регионот на Југоисточна Европа, Цирих, Извештај, 2012

- OECD, Education at a Glance 2012: OECD Indicators, Indicator A11 (www.oecd.org/edu/eag2012)
- Огнен Спасовски, Ебен Фридман 2013 - ПОЛИТИКИ И ПРАКТИКИ НА МАПИРАЊЕ ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО КОНТЕКСТ НА СОЦИЈАЛЕН И КУЛТУРЕН ДИВЕРЗИТЕТ,
- Огнен Спасовски, Сафет Балажи, Ебен Фридман Извештај подготвен од SCIENTER и Центар за образовна политика, ЕУ 2013
- Преглед на земјата за политиката на вработување во Република Македонија од страна на Меѓународната организација на трудот и Советот на Европа (2006 година), www.ilo.org;
- ПОЛИТИКИ И ПРАКТИКИ НА МАПИРАЊЕ ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО КОНТЕКСТ НА СОЦИЈАЛЕН И КУЛТУРЕН ДИВЕРЗИТЕТ, ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – 2013
- Risto Petrov, Nataša Čičevska Jovanova, Aleksandra Karovska –Инклузивно образование, важноста за образованието во оштеството во Македонија – Скопје, 2012 меѓународен собир,
- Социјална заштита и Социјална инклузија во Поранешната Југословенска Република Македонија,Резиме,European Commission, Directorate-General for Employment, Social Affairs and Equal Opportunities, Unit E2,Manuscript completed in October 2007;
- Спасовски – Социјална инклузија и ексклузија во македонските простори, Скопје, 2010 година,
- Статистичка дата база на ЕУРОСТАТ, имплементирана на 5 јуни 2013-та година
- ,,*Стратегија за демографски развој на Република Македонија 2008 – 2015*,, - Влада на Р.МАКЕДОНИЈА – Министерство за труд и социјална политика на Р.М. 2008, Скопје,
- UNDP – 2010, ЕС – 2012-та година
- Закон за средни училишта на РМ, службен весник, Бр.49/2007
- Закон за Високо Образование Службен весник на Република Македонија број 35 од 14.03.2008 година
- Службен весник на Република Македонија број 35 од 14.03.2008.
- (Службен Весник, бр.52/2002),
- (Службен Весник бр.49/2007)
- (Службен Весник на РМ бр 71/2006, и последните измени 17/2011),
- (Службен весник на РМ бр 37/2006),
- (Службен весник на РМ бр 7/2008),
- (Службен весник на РМ бр 142/2008)

## ИНТЕРНЕТ ИЗВОРИ

Andrews, R., Downe, J., & Guarneros-Meza, V. (2013). Contracting for cohesion: Can Local Area Agreements make a difference? Policy & Politics. https://repub.eur.nl/pub/40900/

Vilma Atkočiūnienė. Alvydas Aleksandravičius. Gunta Grinberga-ZaliteAleksandras – THESTRENGTHENING OF TERRITORIALCOHESION THROUGH THE DEVELOPMENT OF RURAL SOCIAL INFRASTRUCTURE Stulginskis University (Lithuania), Latvia University of Agriculture (Latvia). http://journals.ku.lt/index.php/RFDS/article/viewFile/1080/pdf

Berger-Schmitt, R. (2000). "Social Cohesion as an Aspect of the Quality of Societies> Concept and Measurement,, EuReportin Working Paper No 14. Mannheim 2000. Centre for Surwey Research and Methodology (ZUMA) http://www.gesis.org/fileadmin/upload/dienstleistung/daten/soz_indikatoren/eusi/paper14.pdf

Delhey, J. 2007.Do Enlargements Make the European Union Less Cohesive? Journal of Common Market Studies,https://books.google.mk/books?id=iaXv1_MZ98oC&pg=PA370&lpg=PA370&dq=Delhey,+J.+2007.&source=bl&ots=JPAKEGqbeA&sig=_BJOjFEQp_YFrZRjUky4OGQ5ML8&hl=en&sa=X&redir_esc=y#v=onepage&q=Delhey%2C%20J.%202007.&f=false

http://mhc.org.mk/

http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=115

http://www.macefdrr.gov.mk/files/reports/MDG_Report_09_MK.pdf

https://books.google.com/books?id=MuuDNzKBeAYC&printsec=frontcover&dq=social+cohesion+and+education&hl=mk&sa=X&ved=0ahUKEwib2fSLyffLAhWiDpoKHb-gDPMQ6AEIGjAA

https://books.google.mk/books?id=galFCzv4WSsC&printsec=frontcover&dq=social+cohesion+and+education&hl=mk&sa=X&redir_esc=y#v=onepage&q=social%20cohesion%20and%20education&f=false

https://books.google.mk/books?id=EvYxzGNPrvAC&pg=PA13&dq=social+cohesion+and+education&hl=mk&sa=X&redir_esc=y#v=onepage&q=social%20cohesion%20and%20education&f=false

https://books.google.mk/books?id=Q1Wip2wozh4C&pg=PA22&dq=social+cohesion+and+education&hl=mk&sa=X&redir_esc=y#v=onepage&q=social%20cohesion%20and%20education&f=false

https://books.google.mk/books?id=gb1AzQlFnKwC&printsec=frontcover&dq=social+cohesion+and+education&hl=mk&sa=X&redir_esc=y#v=onepage&q=social%20cohesion%20and%20education&f=false

https://books.google.mk/books?id=aORp2WNvw4C&printsec=frontcover&dq=social+cohesion+and+education&hl=mk&sa=X&redir_esc=y#v=onepage&q=social%20cohesion%20and%20education&f=false